INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

**Студии на политики**

# ТЕМА: ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС И ЕТИЧКОТО ОДНЕСУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***THE ELECTION PROCESS AND THE ETHICAL CONDUCT IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA***

**Магистерски труд**

**Кандидат:** **Ментор:**

**М-р Кујтим Касами** **Проф. др. Гордан Горгиев**

**Скопје, Јануари 2019 година**

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ........ 4
АПСТРАКТ ........ 5
1.Појавата, проблемот и предметот на тезата - осврт и образложение на целите и задачите на магистерскиот труд ........ 7
1.1.Појава ........ 7
1.2. Проблем ........ 13
1.3. Предмет на истражувањето ........ 18
1.4. Цели и значење на истражувањето ........ 20
1.5. Задачи на истражувањето ........ 20
II - ВТОР ДЕЛ ........ 21
1.Поимно - категоријален апарат и теоретски поаѓалишта ........ 21
1.1. Политика ........ 21
1.2. Етика ........ 23
1.3. Етичкото однесување ........ 24
1.4. Моралот ........ 25
1.5. Политичката етика ........ 28
1.6. Концептот за стандардот и етичките стандарди ........ 29
1.7. Моралната политика ........ 29
1.8. Концептот за политичкиот морал ........ 31
1.9. Моралот наспроти вредностите ........ 34
1.10. Политичката култура ........ 35
1.10.1.Концептот на политичката култура ........ 37
2. Избори, демократија и етичко однесување ........ 42
2.1. Изборен процес ........ 45
2.1.1.Интегритет на изборите ........ 50
3. Кодекс на однесување ........ 52
3.1. Кодекс за фер и демократски избори ........ 56
4. Етичките стандарди во изборниот процес во Република Македонија ........ 58
4.1. Промените во етичкиот поредок на изборниот процес во Република Македонија .. 60
5. Етичките  пристапи во политиката ........ 61
III-ТРЕТ ДЕЛ ........ 67
1. Методолошка рамка ........ 67
1.1. Методолошки постапки за собирање на податоци ........ 67

1.2. Методи и инструменти на истражување ........................................................ 68
1.2.1. Методи на истражувањето ........................................................ 68
1.2.2. Инструменти на истражувањето ........................................................ 69
1.3. Примерок и дизајн на истражувањето ........................................................ 72
IV - ЧЕТВРИ ДЕЛ ........................................................ 75
1. Хипотетска рамка ........................................................ 75
1.1. Генерална хипотеза ........................................................ 76
1.2. Посебни хипотези ........................................................ 76
1.3. Поединечни хипотези ........................................................ 78
1.4. Истражувачки прашања ........................................................ 79
ЕМПИРИСКИОТ ДЕЛ ........................................................ 80
1. Основни податоци за истражување ........................................................ 80
1.1. Опис на примерокот на истражувањето ........................................................ 80
1.2. Истражувачки постапки и мерни инструменти ........................................................ 87
1.3. Постапка ........................................................ 88
V - ПЕТИ ДЕЛ ........................................................ 89
1. Анализа и интерпретација на резултатите од квалитативното истражувањето (интервјуа) и од квантитативното истражување (анкетирање) ........................................................ 89
1.1. Дескриптивна анализа на истражуваните варијабли ........................................................ 90
1.2. Односот на испитаниците кон јавните случувања ........................................................ 92
1.4.1.Тестирање и докажување на посебна хипотеза 1 ........................................................ 100
1.4.2.Теситирање и докажување на посебна хипотеза 2 ........................................................ 105
1.4.3.Тестирање и докажување на посебна хипотеза 3 ........................................................ 107
1.4.4. Тестирање и докажување на посебна хипотеза 4 ........................................................ 114
1.5. Докажување на генералната хипотеза ........................................................ 118
Дискусија ........................................................ 121
ЗАКЛУЧОК ........................................................ 130
Bibliography ........................................................ 137
Прилог ........................................................ 145
1: Интервју ........................................................ 145
2: Водич за интервју ........................................................ 148
3: Прашалник ........................................................ 150

# ВОВЕД

Во Република Македонија, стана правило, јавно за изборите, да се говори само низ призмата на нерегуларноста на изборниот процес, а речиси воопшто, да не се отвори компетентна расправа за системските решенија во Законот за избори и нивно вреднување од аспект на ефектите, кои ги имаат врз двете клучни цели кои треба да ги оствари еден изборен систем, а тоа се стабилна влада и репрезентативен парламент. Во целиот овој период, вклучувањето на научната јавност е само реакција на дебатите меѓу партиите, а не на посериозни промислувања на квалификуваната експертска јавност која се занимава со оваа тема. Во таа смисла, овој труд се фокусира на дебата што се води за политичката култура на изборниот процес. Станува збор, за можноста стандардите на добри практики на земјите со долга демократска традиција да се вклучаат на изборниот процес. Во модерниот свет потребата од повторно поврзување на етиката и политиката најјасно се гледа низ новите политички процеси и дејствија, како и преку нејзината нова аксиологија која се јавува како нужен дејствен императив на современето човеково практицирање. Уште повеќе етиката, сфатена како морална филозофија, денес е можна само врз основа на постоечкиот *ethos* и неговите правила на заеднички живот, односно најмногу преку политичкото живеење сфатено како збир од односи на граѓаните или државјаните на еден град, општина, држава, спрема чие дејствување и самата политика добива свое значење и смисла. Во денешно време односно во дваесет и првиот век, после распаѓањето на некои екс авторитативни политички системи во некои одамнешни битни држави во националната и меѓународна сцена, како социјалистичкиот, па и комунистичкиот систем, се разбуди значителен интерес за културата на избирачите, за тие кои се избираат, па и за политичките партии. Особено, тука може да се спомне Бушовата доктрина за демократизирање на Светот по секоја цена, значи на некој начин со различни средства на влијание. Ако во споредбените истражувања на изборите во осумдесеттите и почетокот на деведесите години од минатиот век, приоритетна тема биле предносите и недостатоците на изборните модели, последниве две декади, особено со искуства од земјите во транзиција, вниманијето се дефокусира и се насочува и кон една друга компонента на изборите. Станува збор за етичко однесување и нејзиниот придонес кон кредибилитетот на изборниот процес. Посебно значајно е што ова прашање ги надминува

рамките на националниот суверенитет, односно претпоставува дополнителна верификација на демократскиот карактер на изборите и од страна на меѓународните институции. Станува збор за многу важна оценка која има реперекусии врз аспирацијата за евроатланска интеграција на овие држави. Кога се говори за овој аспект на изборите кај нас, упатно е да се забележи дека бројните контроверзии, што ги следеа изборите, во поголема мера беа рефлексија на еден поширок општествено - политички контекст, отколку на дефицит на изборната регулатива. Во Република Македонија не се спроведени специфични истражувања за влијанието на почитување на стандардите за етичко однесување при изборниот процес, освен во еден дел од трудовите од областа на Политикогологијата, како на пример: Pažanin, 2001; Vidojevič, 2010; Верегиќ, 2000; и др. Сите овие горенаведени причини не поттикнуваат да истражуваме во областа на улогата и важноста на етичкото однесување на учесниците во изборниот процес.

## АПСТРАКТ

Изборите како универзална форма, преку која на легален и легитимен начин се добива власта, освен правниот-технички аспект треба да го исполнуваат и таканаречениот „духовен“ аспект, односно етичкиот елемент. Примената на етичноста во редовните или предвремените избори, претседателски, парламентарни или избори за локална самоуправа од прагматичен аспект, ни гарантира дека целиот процес и нивниот резултат е успешен, прифатлив и доверлив од страна на сите учесници, кандидати или партии. Етиката е многу важен елемент и придонесува за функционирањето и успехот на еден општествен процес. Традиционалната, теоретска замисла за етиката и многу етички принципи, за кои се смета дека произлегуваат од нив, бараат критичко истражување и модифицирање, во присуство на новите и не толку новите факти, на примената на изборите и етиката. Истовремено, обидот да се формулира позадоволителна нормативна теорија, отвара нова перспектива на фактите и поставува емпириски прашања кои досега не беа доволно одговорени. Одговорите на таквите прашања може да формираат дел од оправданоста на етичките принципи, или пак може за утврдување на тоа, како се користат етичките принципи. Во секој случај, една соодветна анализа поставува прашања и проблеми, кои заслужуваат

поголемо внимание. Препознавајќи го ова, би било неодговорно да не се направат напори, за подобро разработување на импликациите за нашите етички идеи, за попрецизно восприемање на етиката од тие што ја манифестираат во изборниот процес. Овој труд, треба да помогне при воспоставувањето на основата за позадоволитена теорија за прашањата поврзани со овој термин, за анализа на изборниот процес од аспект на етиката во Република Македонија, почнувајќи од реален и нормативен пристап преку обезбедување на аналогна теорија. Земајќи ја во предвид општествената состојба во Република Македонија, оваа цел во моментот изгледа преамбициозна. Наместо тоа, со овој труд, сакам да покажам дека, пречките во примената на етиката во изборниот процес во Република Македонија не се ненадминливи и дека се од особена практична важност и политички и општествен интерес. Овој труд ќе се обиде да претстави концизна поврзаност на етиката, како неопходен елемент за добро-организирање на изборниот процес чии плодови позитивно пренесуваат во општеството од нормативен аспект, надевајќи се дека ќе донесе посебен придонес кон разбирањето и прифаќањето на значајноста и вредноста на етичкиот елемент во изборниот процес. Иако мојот труд е главно прелиминарен, се надевам дека на свој начин ќе се појават неколку типови вредности. Најважна од овие вредности е етиката, а со тоа може да се донесе определена концептуална јасност во областа во која конфузијата е ендемична. Моите анализи на нормативните етички концепти содржани во овој труд би требало да разјаснат на што се однесуваат тие контроверзии и што е потребно за нивно решавање. Понатаму, ќе излезе на виделина дали овој концепт е присутен во македонското општество или неговото значење е изгубено? Загриженоста за етичкото однесување на разни функционери, како и за владините претставници, претставува вознемирувачки проблем за целото општество. Секој акт на секој јавен службеник, кој има удел во однос на формулирањето и со спроведувањето на јавните политики, носи сам по себе проблематична вредност. Овој труд претставува преглед на податоците добиени од теоретски и емпириските истражувања, во кои се испитува поврзаноста на етиката и политиката, односно примената на етичките стандарди во изборниот процес во Република Македонија. Текстот содржи поимно определување на термините на „етика“, „морал“, „моралност“, „стандард“, „етички стандард“, „избори“, „изборен процес“, „политички партии“, „политичка

култура“ и други поими кои често се употребуваат за испитување на примена на етичките стандарди во изборниот процес.

**Клучни зборови**: *Етика, политика, морална политика, етички стандард, избори, политичка култура.*

## 1.Појавата, проблемот и предметот на тезата - осврт и образложение на целите и задачите на магистерскиот труд

### 1.1.Појава

Во секојдневниот живот и во општествената комуникација, луѓето често се среќаваат и го употребуваат терминот етика. Неговото екстензивно определување сигурно води кон забелешката дека етиката служи за научно истражување на моралот, односно, дека етиката е наука за моралот. На преминот од еден општествен систем во друг, кога е повеќе од забележлив моралниот вакуум, а постоечките екстензивни вредносни системи еродираат, најрелјефно се оцртуваат низ перцепциите и спротивставените стојалишта и толкувања на одредени поими и облици на општествена свест. Една таква општествена свест - со која се регулира дел од општествените односи - без сомнение е моралот. На почетокот вреди да се забележи дека, различните определби на моралот денес, во најчест случај произлегуваат од дебатите за содржината на истиот, при што основната дихотомија присутна во постоењето на доброто и злото како основни дефиниенци на моралот, е само структурален предуслов кој треба да биде присутен. Како такви тие претставуваат само рамки кои треба да бидат пополнети со соодветен супстракт, при што најчесто се појавуваат сериозни проблеми околу контекстот во кој одредена вредност или постапка се сметаат за добри односно лоши (Витански, 2011). Во своето формално значење, етиката е гранка на филозофијата, која се занимава со систематска анализа и со разбирање на моралните проблеми и со анализа, што работите ги прави правилни или погрешни (Frankenna, 1963).

Во основното, етимолошко определување, поимот етика е од грчко потекло и е составен од два збора: ethos - обичај и ethicos - морален. Етиката во основа претставува наука за моралот, која има за задача да не запознае со тоа што е морал и кои се неговите компоненти, односно таа е збир на морални принципи и вредности кои го менаџираат поведението на човекот, определувајќи ги позитивните и негативните аспекти на неговото размислување и однесување (Витански, 2008). Моралот често се користи како синоним за етиката, но сепак во науката преовладуваат ставовите за нивно раздвојување и разликување. Етиката - однесување во согласност со моралните принципи (Ymeri, 2012), а морал, како систем на норми и како свест (Ymeri, 2012). Етиката, во извесна смисла, е поширок поим од моралот. Моралот претставува одредена практика на однесување, односно збир на непишани правила што ги усвојуваме во и од семејството, училиштето и пошироката средина, а кои определуваат што е правилно, а што е погрешно. Додека пак, етиката ја означува филозофијата на моралот и кон него се однесува како и секоја друга наука спрема својот предмет на истражување. Моралот ги штити постоечките општествени односи, без притоа да ги преиспитува, додека етиката се занимава со причините за оправданоста на одредени воспоставени стандарди за однесување и дејствување (Tanovic, 1980).

Етичкиот систем во себе ги инкорпорира универзалните вредности и доблести, како што се: еднаквост, правда, праведност, вистина, достоинство, чест, заедничко добро, одговорност, интегритет, и др. Етиката ни дава критериуми според кои можеме да утврдиме дали нашите одлуки и активности се правилни или погрешни, и тоа во однос на: 1) она што го правиме; 2) како го правиме тоа; 3) зошто го правиме тоа, и 4) кои се резултатите од она што е направено. За разлика од законите, кои го апострофираат она што не треба да се прави, зашто во спротивно акциите во таа насока ќе бидат санкционирани, етиката обезбедува позитивен аналитички пристап во барањето на причините зошто нешто треба да се прави (ФИООМ, 2005).

Политика и етичка политика, како основни поими на политичката филозофија, имаат различни содржини и задачи, но сепак постои еден сооднос меѓу овие поими. Навистина „светот на политиката“, каде во центар е човекот, не може да се гледа и да се подразбира поинаку, освен од призмата на вреднувањето, гледајќи не само како што е, но малку повеќе, како треба да биде, употребувајќи поими од секојдневниот јазик, како што

е: доброто и лошото, праведното и неправедното, реалноста и неопходното и др. За една ваква визија, моралот нема да биде ништо друго, освен „наука на животните цели и принципи на дејствувањето (Zhylia, 1994). Кога етичките принципи се вградуваат во законите, тие добиваат карактер на општи и задолжителни стандардизирани правила на однесување. Особено важно е да се истакне, дека ова проблематика историски предизвика разни дебати и дискусии, особено со поставувањето на проблемот на поврзаноста помеѓу политиката и етиката - моралот. За античките филозофи, од Исократ (469-399), Платон (428-348) и Аристотел (384-322), ова било потполно прифатено и објект на вредни истражувања. Во нивните дела превладува идејата која поединецот го гледа „како живо политичко битие" (Аристотел), кој ја вреднува правдата, добрината и општото добро на „граѓанската заедница", како политичката цел и интересот на поединецот, од каде поаѓа тезата според која политиката и моралот претставува една целина, основајќи на еден внатрешен глас, кој не му зборува само на поединецот. Само „внатрешното прифаќање на моралот му дава на поединецот слободата за одлучување, за точно дејствување" (Исократ). Ова ја прави филозофијата на Исократ „историска почетна точка за морална рефлексија и етика" (Jakoby, 2006). Кантовата филозофија на моралот (Емануел Кант - 1724-1784), остави длабоки траги врз развојот на моралните категори и политичката етика. Додека од аспект на преминувањето од целите и моралните вредности во изноаѓање практички референции, поголемо влијание има „Magna Charta Libertatum" (1215) (Anon., n.d.), што ги стави темелите на правото од уставниот поредок, што ја ограничува апсолутната власт на кралот Јован Безземниот (John of England, Johhan sanz Terre) во Англија и го постави првиот модел за градење на државата, базирајќи ја на закони и на правото на застапеност на граѓаните според интересни групи (Pëllumbi, 2009). Етиката е прифатена како општоважечки принцип кај сите важечки прописи од управно-процесната материја (Трајковски, 2006). Принцот, најчитано и дискутирано дело на Николо Макијавели, напишан летото 1513 година, се занимава со тоа како се одзема власта, како се консолидира, и како треба да се однесува владетел со неговите непријатели, сојузници и субјекти. Постои морал, за она што треба да се случи и морал, за тоа што принцот го користи од одговорноста, да одржи стабилна состојба во полза на сите. Линијата на разделот помеѓу политиката и етиката, во основа претставува логиката на секој вид на диктатура, на секој вид на тоталитаризам, леваци или деснаци. Меѓутоа, во западната

филозофија, особено во варијантата на позитивизмот, продолжи еден вид на враќање на традициите на античката филозофија, што ја поврзува политиката со етиката, со образложение дека, политиката не треба да има друга цел, освен да определува константи и променливи, затоа што делувајќи на нив, може да се постигнат посакувани резултати за омекнување и решавање на политичките конфликти. Еден позитивен поттик на ова визија даде, и активната употреба на поимот „отворен морал“ од страна на Бергсон (Anon., n.d.), за карактеризирање слободен морал, отворен кон универзалните вредности на човештвото. Вакво филозофско богатство ги поврзува во едно единство традициите со филозофските добрини со реалните потреби на политиката во епоха на реформирање и огромен развој на западните демократии, подржан и од политичкиот модернизам и неговата поврзаност со политичка етика, што претставува нормативната теорија на политичкото дејствување и што има незаменлива улога за политичкиот легитимитет. Поврзаноста меѓу политиката и етиката се однесува првенствено на вклучување на ,,човекот“ во политика, со статусот на една константа што ги вклучува целите, интересите, слободите и индивидуалните права, со кои се соочува политиката, поделена од моралот, односно од ,,чисти раце“, заслужува одлучно отфрлање, затоа што води кон неизбежна замена на општите интереси, националните и државните, со нужни персонални или партиски интереси. Без ова етичка константа, и демократијата се трансформира во еден вид на цинична и таканаречена-демократија, затоа што од нејзината содржина ќе паднаат граѓанските човечки односи помеѓу поединците, исто така и хуманизмот што треба да ги опфаќа (Pëllumbi, 2009). И второ, со вреднувањето на етиката како логика на современата политика, и како обврска да се овозможува политичкото делување, особено на државата, да се одземат од моралните вредности кои се вклучени во кодексите, правилата и разните статуси. Да се даде одговор на терминот "етика" е да се вратиме во минатото, за да се "копа" по етимологијата на зборот во делата на филозофи или почетокот на политичките научници кои го користат овој термин. Етимолошкиот корен на поимот на Етиката го бараме во грчкиот збор "етос", "етикос" што подразбира морал. Тоа значи традиција, обичаи и навики (Vuko, 1981). Етиката како општа филозофија има свој историски развој и континуитет. Речиси секој филозофски правец или секоја религија содржи учења и ставови за етиката и човековото однесување, каде преовладува хуманоста, праведноста, правичноста, почитувањето итн.

Зборот етика го употребил античкиот филозоф Аристотел (384-322 пред н.е.), во своето познато дело „Никомахова етика“, (наречена според неговиот син Никомах, а кое име го носел и неговиот татко). Освен античката филозофска мисла, свој голем допринос во развојот на етиката како посебна филозофска наука, дава  и современата граѓанска мисла во ликот и делата на германскиот филозоф Имануел Кант (Anon., n.d.), со своето познато дело “Критика на практичниот ум” (Kant, 2002), кое се смета за најпознато и најзначајно етичко дело во историјата.

Етиката е збир на норми, кои ги прави идеалите, вредности во секојдневната практика. Додека вредностите се договорени колективни принципи кои ја регулираат нашата пресуда, на она што е  точно и погрешно. Друга  дефиниција за етика, е дека, етиката е процес  на разликување на доброто од лошото и дејствување во согласност со она што ние го нарекуваме праведно (Denhardt, 2007). Исто така, Етиката може да се дефинира како, систематски напори преку употреба на разумот, кои даваат смисла на нашето морално, лично или општествено искуство на таков начин,  како да се дефинираат правилата кои ги регулираат однесувањето на човекот (Rohr, 1991). Од античките грчки филозофи до денес, етиката се дефинира како дел од филозофијата и е поделена во различни аспекти, (Борота-Поповска, 2004). Сепак, може да се каже дека етиката е систем на морални принципи или кодекс на однесување на општествени, социјални, верски или граѓански организации, систем на појаснување меѓу доброто од лошото и изборот на поединецот да го направи она што е добро. Етиката не е нова тема за дискусија, таа се дискутира, дебатира со илјадници години во сите култури, религии, земји, држави, заедниците и региони во светот. Без оглед на тоа дали е во јавен или приватен контекст,  меѓународно или локално, приватно или организациско ниво, прашањето на етиката беше и е во срцта на овие настанати проблеми (Cooper, 1994). Етиката и моралот се два концепти, управувани од страна на различни филозофи како Хјум Г.,  Е. Кант, П. Доркин,  и др., кои ги дефинираат овие поими како  клучни инструменти за социјална правда, која е основата на општествената структура. Како наука, етиката е гранка на филозофијата, која подразбира решавање на прашања за моралот. Етиката и моралноста се два поими кои се тесно поврзани еден со друг. И покрај тоа што секогаш ја дефинираме етиката како наука за моралот, често овие два поима се користат како синоними на едни со други, но никогаш не можеме да ставиме  меѓу нив знак на еднаквост. И покрај  преклопувањето со

употребата на термините, разликата помеѓу моралот и етиката е важна, не само за филозофски причини, туку затоа што фокусот на етиката назначува активно вклучување на поединци во потрага по точната морална позиција (Washington, 1999). Главната разлика помеѓу етиката и моралот е дека етиката е дисциплина, која главно се занимава со прашања во однос на моралот и етичките норми, додека кај моралот нормите се дадени. Во ова дело подвлекува дека корените на етиката се во филозофијата. Етиката е филозофска наука, чиј пристап е општ и духовен. Филозофијата ги дава најопштите сознанија, односно таа е слободно размислување за појавите, таа се обраќа на мислата на луѓето, бара од луѓето да размислуваат за она што таа го кажува. Етиката е филозофска наука, која е повикана теоретски да ги решава оние практични проблеми кои се јавуваат пред човекот во животот – како треба да се постапува, што треба да се смета за добро и за зло итн. Етиката е практична филозофија, која го бара одговорот на прашањето: Што треба да правиме?

Етиката нé учи да ја оценуваме критички дадената ситуација, за да создадеме можност за правилно однесување. Етика во основа преставува систем на вредности, врз основа на кои секоја индивидуа во дадена општествена ситуација одлучува што е исправно или погрешно, фер или нефер, добро или лошо, праведно или неправедно. Методите, што ги користи етиката, се филозофски, таа не мери, не набројува, кога посочува конкретни примери, за нив зборува како за општ случај. Етиката е филозофија на моралот, односно наука за моралот или етосот. Таа дава упатство за практично морално делување и однесување. Нормите, правилата и принципите на однесување овозможуваат на индивидуите, групите и општеството, да избегнат хаос и неред. Нормативната етика препорачува што треба да правиме или како да постапуваме со цел нашето делување и однесување да биде оценето како добро и исправно. Таа има за цел да ги формулира и објасни нормите на правилното, исправното и доброто постапување и со тоа да помогне во самото делување. Тоа подразбира дека, не само што треба да се објасни што е добро (теоретска етика), туку треба да се утврди што е добро да се чини, како да се постапува.

Етиката ги вклучува и ги проучува стандардите на правото и погрешното.

Зошто ни е потребна етиката? Етиката, вклучувајќи и проучувајќи ги овие стандарди ни е потребна, за да разговараме за тоа што е исправно и погрешно во контекст на некои од правилата.

## 1.2. Проблем

Ако се направи едно поопфатно критичко наблудување на објективната реалност, за тоа како се врши процесот на изборите на постигнување на власта во државните институции, ќе се утврди дека се прават многу пропусти и неправди, и стандардите за етичко однесување се спроведуваат прилично површно и на формален начин. Тоа предизвикува незадоволство кај голем број на учесници, а во овој случај се губи довербата кон политичарите поединечно, и кон изборниот процес во целина. Денешната демократија, како основна институција на политичкиот систем, се базира на слободно и еднакво гласање. Самиот процес на политичко-социјално демократизација, во суштина, претставува историско движење и непрекината дистрибуција на енергија и селективна експанзија на "владеачката моќ" од една мала група луѓе кон една сé поголема заедница. Ова веќе е конкретизирано во повеќето земји во светот со изедначување на моќта на гласањето од сите лица со возраст дадена преку примена на принципот на "еден човек-еден глас" во вистински плуралистички политички демократски систем. Доделувањето на ова право на глас, гарантирајќи го гласот на сите граѓани (на пр. во Македонија право на глас со возраст на 18 години), што технички се "преведува" како поставеност во целосните избирачки списоци на сите избирачи, е само еден суштински аспект на плурализмот и политичко-социјалната демократизација, додека другиот подеднакво важен аспект е целосна почит на ова право, преку точниот број на гласачи, фер и вреднување на исходот (резултатот). Значи, за да се минимизираат, грешките, додека се шпекулира институцијата - глас, треба да се најдат двата основни демократски елементи, за да биде во центарот на вниманието за понатамошна подготовка на слободен и фер изборен процес на претстојните избори:

- Почитување и гарантирање на правото на глас подразбира точни избирачки списоци;
- Правилно гласење и транспарентно пребројување. Навистина, тоа може да се смета за сосема позитивен факт дека пребројувањето на гласовите веќе е законско, на ниво на избирачкото место, во присуство, покрај членовите на ДИК, на кандидати кои конкурираат, на партиски или национални и меѓународни набљудувачи, новинари и електронски медиуми итн.

Иако тоа би имало посебна вредност за време на гласањето, остатокот може да биде постигнување на договор, во форма на еден политички документ или, покрај тоа, законот за "етичкиот кодекс" и "акт"  на изборите ". Токму во овој кодекс можеби ќе треба да се придржувате до еден правилник и  регулаторни мерки, за да ги отелотвори основните етички принципи за време и по изборниот процес. Меѓу нив, во периодот од изборната кампања и за време на процесот на гласање, ги вклучуваат оние елементи поврзани со квалитетот на кампањата демократски и граѓански, како што е радиодифузијата за изборни и јавни пораки, употребуван говор на  исправно однесување, употребени финансиски извори, на побарувачката за искреноста на гласањето и броењето на гласовите без закани, итн. Во рамките на овој етички кодекс може да се вклучи и изборниот акт, тесно поврзан со средствата на кампањата, кој е од особена важност за неопходно одржување на етичкиот елемент во изборниот процес и регулаторен систем кој го вклучува методот на финансирање на кампањата, т.е. сите донации или други материјални ресурси, без разлика дали на политички партии, на бизнис или на кандидати посебно. Преку овој чин треба, да биде насочена и евентуална гаранција и еднаквост за слободен изборен процес. Всушност, треба да се огласат и личните трошоци од "паричникот" на кандидатот, кои се потребни и да се утврди соодветната граница. За сите овие трошоци мора, да се гарантираат релевантните документи или фактури, да го потврди времето од одредена структура во ДИК, со барање на политичка партија, или со жалба на кандидат само регистрирани кај ДИК. На овој начин се создава и потребната етичка и правна основа за враќање на довербата на граѓанинот, како избирач во институцијата за гласање, единствениот инструмент за гласање, градење на структури за демократско владеење. Но, и етиката на тој начин, постепено може да стане компонентен елемент, повеќе отколку во нормала, во македонската политика, со позитивно значење, воопшто, на структурите на општеството. Луѓето, како поединци, можат да бидат морални, затоа што ја поседуваат способноста да ги земат предвид  и општествените интереси (Малески, 2012), за да може да се оствари моралот и моралното однесување, потребни се предуслови, кои во суштина се основи на моралот.

Разни појави во природата имаат своја цел, а на науката ѝ е познато дека тие се усмерени и раководени според одредени законитости. Во анкетата на американскиот Галуп, долго време се поставуваше следното прашање, „Што мислите, кој е најважниот

проблем со кој што се соочува земјата денес?“ Вообичаено, во периодот од април 1990 до април 2004 година, помалку од 10% од анкетираните, на поставеното прашање, со мала варијација одговарале дека тоа е „етика/морал/религија/ пад на семејството, нечесност, недостаток на интегритет“(C.W.Lewis & Gilman, 2013). Научниците од сите научни дисциплини во минатото, посветија доста време, како и материјални средства, за откривање и за објаснување на тие законитости на природата. Откритијата на поедини законитости и остварените објаснувања се интегрирани едни во други, систематизирани и запишани се дадени на човештвото на практична примена, но и на понатамошно изучување. Самото сознание дека секоја појава во природата има точно одредена цел и дека е раководена и управувана токму од одредените законитости, дава реални основи за понатамошно изучување не само на општите, туку и на моралните вредности.

Научните сознанија дека секое суштество се однесува според одредени законитости и по одредени принципи исклучително се битни. Артур Шопенхауер (Arthur Schopenhauer) на етиката ѝ ја поставува целта, којашто во морален поглед треба да ги објасни и да ги толкува различните начини на поведение кај луѓето и да ги сведе на нивната крајна основа (Шопенхауер, 1998). Оттаму не останува никаков друг начин да се пронајде основата на етиката, освен емпириски да се истражи дали воопшто постојат постапки на кои мораме да им признаеме вистински морални вредности, коишто ќе бидат постапки на доброволна праведност, чисто човекољубие и вистинска благодарност.

Етиката - науката за моралот, го изучува посебно специфичниот, феноменот кој му припаѓа само на човекот - моралот, феномен и **појава** на човечката општествена пракса. Настанувањето на моралот втемелено е на човековата свест. Свеста на човекот му овозможува целисходна, организирана човечка активност која за последица го има задоволството и квалитетот на живеење, но и за зацврстување на моралното човечко однесување. Свесни активности се сите оние активности на човекот, усмерени кон одредена целисходност, што значи дека со активен став човекот свесно се прилагодува на природата. Со својот активен став човекот ја менува природата, пронаоѓа средства, ги моделира орудијата со кои може да ја скроти природата или да ја вообликува во хармонија со своите лични потреби. Значајно е дека човекот води сметка за причините и последиците, за воспоставениот однос помеѓу себе и другите во заедницата.

Во денешната епоха е востановено дека етичкото образование на автономни одговорни личности е една од најсуштествените задачи на човештвото за решавање на проблемите со природата, човечките конфликти, незаинтересираноста за средината и за луѓето, кои се извор за негативностите кои му се закануваат на човечкиот род, со деградација на хуманизмот и со уништување на неопходните природни потенцијали (Krneta, 1965). Во истоименото дело, Д-р Љјубомир Крнета подвлекува: „Етиката е темелно, континуирано и аргументирано размислување за доброто живеење и правилното однесување“. Низ вековите моралното воспитување произлегувало од претпоставката дека моралноста му е вродена на човекот, дека не е резултат на реалните односи во општеството, туку сила која тие односи ги создава, а луѓето според природата уште од детството се делат на добри и лоши. Меѓутоа, најзначајната етичка ориентација во човечката историја е онаа која препорачува во сè да се има мера (Темков, 1998). Нашето сфаќање на моралот произлегува од општествената практика и претпоставува непрекинат развој на општествените науки, како последица на општествените промени и (ја) потенцира потребата од постојано и повторно проценување на вредностите, заради менувањето на положбата на човекот во светот и во општеството. Моралните норми се менуваат, иако постојат во секое општество, а тоа покажува дека изворот на моралното чувство е во општественото битие на човекот и ги изразува актуелните животни и социјални потреби (Темков, Етиката денес, 1999)[1].

Во своето учење за моралот, големиот филозоф и социолог Емил Диркем, разликува три елементи на моралноста: 1) духот на дисциплината, 2) лојалност, приврзаност кон општетсвените групи и 3) автономија на волјата (Ivković, 1996). Затоа се потребни пошироки согледувања и истражувања на филозофски идеи и системи.Тоа го разбираме подобро кога ги читаме делата со филозофски идеи за етичкото однесување. Големите филозофи и духовни дејци, низ историјата, ја истакнувале благородната функција на едукацијата, но прегледот на идеите на најзначајните мислители за ова прашање, од Антиката до денес, го покажува единството на нивните духовни позиции и како со нивните учења се збогатувала етичката доктрина. Човекот како морално

[1]На идејниот и морален фронт денес владеат различни реални ситуации и душевни расположби, виреат повеќе принципи, вредности, цели и норми, кои, се разбира, имаат не само своја заднина како нивни извор, туку и заднина како спротивност и нужна опачина, како духовен и етички излез од нивната едностраност.

суштество постапува според својата слободна волја. Чистата добра волја не е мотивирана ниту со среќата, ниту со блаженството, ниту со духовното задоволство, туку е автономна и само тогаш и како таква е морално вредна (Кант, 1993). Ако моралниот закон најнапред не е замислен во човековиот ум, човекот никогаш не би помислил дека има право да си претпостави слобода, а кога не би имал слобода, тогаш во себе не би можел да пронајде морален закон.[2]

Основните етички термини „добро“, под кои се подразбираат нужните предмети на силата на посакувањето и „лошо“, оние на силата на гнасењето, кои исполнуваат со одвратност, се единствените објекти на практичниот ум. Овие основни поставки на етичкото учење на Кант се проникнуваат во неговите учења. Со помош на воспитувањето, човекот, кој според природата е суров и див, може да се изгради во совршена личност. На животните, за разлика од човекот, истакнува Кант, не им треба одгледување, тие инстинктивно знаат да се заштитат, за да преживееат. Принципот - насоката на воспитната вештина се идеал на човештвото, кој треба да се доближи до секоја млада единка. Тој принцип е поврзан со смислата на етиката во вид на категоричкиот императив: Постапувај така што, максимата на твојата волја, секогаш би можела наедно да има вредност како принцип на сеопшто законодавство (Kant, 2002). Овој императив, според Кант, треба безусловно да биде исполнет, ако човекот сака да се смета за човек во вистинска смисла на зборот. Кажано со друга формулација: Постапувај така, човекот да ти биде цел, а не средство! Тоа е срцевината на Кантовата етика и животна филозофија. Во неа должноста и нејзиното почитување и извршување се основа на моралот (Темков, 1998). Секое дејство се прави од етички причини на чиста должност. Така Кант ги поврзува идеалите на етиката.

Моралот се раководи според особените вредностни норми на почитување и правење на доброто и отфрлање и избегнување на злото. Тоа истовремено значи изградба и наложување етички односи меѓу луѓето (Темков, 2004).

---

[2]За себе самиот чистиот ум е практичен и му дава (на човекот) еден сеопшт закон, кој го нарекуваме морален закон. (Имануел Кант: Критика на практичниот ум, превод д-р Кирил Темков, Метафорум, Скопје, 1993, стр. 45)

### 1.3. Предмет на истражувањето

Предмет за истражување во овој магистерски труд ќе биде: Колку за време на избори се применуваат етичките принципи од Кодексот за фер и слободни избори. Етичките принципи се конструкт составен од повеќе димензии. Се претпоставува дека поширокaта примена на секоја димензија одделно и независно од страна на политичките субјекти, е во значаен однос со изборниот процес, односно реализирање на успешни избори. Истовремено, се претполага дека ваквата поврзаност меѓу испитуваните варијаблите се остварува кога успешноста на изборите се мери и преку објективни индикатори и преку субјективна перцепција на индикаторите на успешноста. Се истражува за почитувањето на сите релеванти закони, правила и прописи на Република Македонија за изборите кои придонесуваат за релаизирање на успешни избори. Исто така, предмет на овој труд е почитувањето на владеењето на правото при организирање и спроведување на изборите за да придонесе за успешни избори. Во овој труд посебно ќе се елаборира поврзаноста на реализирање на успешни избори со почитувањето на интегритетот на вработените во јавната и државна администрација, како и другите институции и установи финансирани од Буџетот на РМ, буџетите на општините и Градот Скопје, како и во трговските друштва и претпријатија со државен капитал**,** а тоа се: 1) притисок или обид за притисок врз вработените на јавната и државната администрација од кандидатите или преставници од политичките партии на изборите, 2) притисок или обид за притисок врз вработените во институции и установи финансирани од Буџетот на РМ, буџетите на општините и Градот Скопје од кандидатите или преставници од политичките партии на изборите, 3) притисок или обид за притисок врз вработените во трговските друштва и претпријатија со државен капитал од кандидатите или претставници од политичките партии на изборите. Целта на натпреварот на изборите е да се здобијат со јавни функции и да преземат моќ и влијание врз јавните политики и државните ресурси. Изборите се резултат на сложен процес кој бара учество на многу фактори, секој со различни улоги и агенди. Победниците и губитниците произлегуваат од изборите. Секој сака да биде победник, никој не сака пораз. Ризиците може да бидат доволно високи, за да бидат искушенија, за да обезбедат одредена победа преку неетички и незаконски средства. Интегритетот е интегрален дел од принципите на демократијата и е составен дел на

слободни и фер избори. Слободни, фер и конкурентни избори се основа за форма на владина застапеност. Без интегритет, не постои гаранција дека волјата на гласачите ќе се одрази во изборните резултати. Изборите може да бидат претходно подготвени, претседавајќи со победниците и губитниците. Изборите може да бидат нарушени со поткопување на гласачите со учество на кандидатите, со што се фрла сомнеж врз легитимитетот на резултатите. Изборите без интегритет ја надминуваат целта на демократските избори и не можат да се сметаат за слободни и фер, и затоа во овој труд ќе се истражува и за поврзаноста на реализирањето на успешни избори со почитувањето на интегритетот на секој граѓанин, што нема да биде предмет на било каква закана во однос на вработувањето и социјалната сигурност како резултат на нивно подржување или неподржување на било која политичка партија или кандидат, а тоа се: 1) закана во однос на вработувањето, како резултат на нивното поддржување или неподржување на било која политичка партија или кандидат на изборите, 2) предмет на закана во однос на социјалната сигурност како резултат на нивното подржување или неподржување на било која политичка партија или кандидат на изборите. Примената на етичките стандарди и принципите на Етичкиот кодекс за фер и слободни избори е од особена важност, бидејќи без најдобрите закони, правила, регулативи, принципи и стандарди, не може да биде ништо повеќе од добра цел, и затоа научно и практично сакам да докажам дека, има поврзаноста помеѓу примена на етичките стандарди (добрите пракси на европските демократи) во изборниот процес со Успешни избори**,** изборен процес прифатлив за сите кандидати и политички партии, каде се почитуваат општите правила и закони за изборите, нема притисоци и закани на вработените од било која политичка партија или кандидати, се почитуваат правилата и етичките принципи на Кодексот за фер и демократски избори. Главната цел на ова истражување е да се провери дали, како и на кој начин, се почитуваат добрите пракси на европските демократи на изборниот процес, односно дали принципите од Кодексот за фер и слободни избори се практикуваат доследно во текот на реализирањето на изборниот процес.

## 1.4.Цели и значење на истражувањето

Главната и основна цел на ова истражување е да се испита поврзаноста на етичките стандарди, норми и вредности со успешноста на изборите во изборниот процес во Република Македонија, и да се провери:

- ❖ Дали се применуваат етичките стандарди во изборниот процес, односно дали етичкото однесување се практикува доследно во текот на реализирањето на изборниот процес?
- ❖ Дали примената на етичките принципи од Кодексот на фер и слободи избори придонесува на спроведување на успешни избори?

## 1.5.Задачи на истражувањето

Од конкретната определба на предметот на истражување произлегуваат следните посебни задачи:

- ❖ Да се утврди каква важност, односно приоритет му се дава на почитувањето и практикувањето на стандардите за етичко однесување;
- ❖ Да се согледа проактивноста на политичарот и дали тој обезбедува можности за развојот и напредокот на моралните вредности;
- ❖ Да се утврди важноста и внимание која му се посветува на односот избори - етика, кога се организира изборен процес, а во исто време во која мера е развиена политичката култура на гласачите;
- ❖ Да се согледа дали кандидатите при изборната кампања моралните вредности ги применуваат во праксата;
- ❖ Да се согледа колку политичките партии се реални и транспарентни во текот на изборниот процес;
- ❖ Да се истражи во која мерка се почитуваат стандардите за етичко однесување од страна на лидерите на политичките партии;
- ❖ Да се истражи дали се применуваат принципите на Етичкиот кодекс за фер и слободни избори.

## II - ВТОР ДЕЛ

### 1.Поимно - категоријален апарат и теоретски поаѓалишта

**Категории и поими**

Оперативното определување на поимите од предметот е еден од предусловите за успешно изведување на анализата и пронаоѓање на потребните факти и податоци.

### 1.1. Политика

Од своето настанување, па се до денес „политика“ не престанала да биде предмет на интересирање и истражување. Теоријата дека општеството е природна средина за човекот, т.е дека човекот е по природа општествено битие, за прв пат систематски ја разработил Аристотел.[3] Денес, кога и човекот како единка и општеството минуваат низ разни кризи, Аристотеловата политичка и етичка концепција, која ги нагласува природните граници на човекот, како ограничувања, кои човекот не смее да ги раскине ако сака да остане човек, звучи свежо и инспиративно.

Во потрага по етимолошкото потекло на поимот политика, неминовно сме упатени на онаа временска и историска состојба, во која преминот од претсократовската космолошка онтологија и неговиот општествен свет во класичната античка Грција се одигра со посредство на реторика, истакнувајќи ја уште од самите почетоци, доста често и со посебно значање, политиката и политичката филозофија како област во која се сретнуваат и соединуваат теоријата и практиката, односно највисоките облици на

---

[3]Види: Аристотел, *Политика*, (Превод од оригиналот, коментар, белешки и поговор: Маргарита Бузалковска-Алексова и Елена Џукеска), Слово, Скопје,2006.
-„Политиката“ од Аристотел била инспирација за Кикерон, за византиските и средновековните правници. Ја коментирал Алберт Велики, ја обработил Тома Аквински, Основните поставки на ова дело биле појдовна точка за Макијавели, Еразмо, Хобс, Спиноза, Лок, Монтескју, Русо. „Политика“ е актуелна и денес, заради идеите на Аристотел кои и во нашето време звучат исто толку свежо како и пред две илјади години.

човекото сознание и дејствување. Поимот е многу широк и вклучува сите форми на владеење на независни активности. Така многу се зборува за девизна политика на банките, за политиката на еден синдикат во време на штрајкот, исто така се зборува за политиката на едно училиште во едно село или град, за политиката на едно водство на една фирма, и до политиката на една паметна жена, која го „води“ мажот каде сака и како сака. Еден ваков поим толку широк на политиката ние не сакаме да го апсолвираме денес, но ние под политика сакаме да подразбираме само: водство или влијанието во водство на една политичка формација, значи на нашите околности: на една држава(Weber, 2009).

Меѓу многуте различни поимања на политиката, едно е традиционално и речиси класично. Тоа ја врзува политиката за државата и владеењето во неа. Политиката е дејност на државата, а се состои во извршувањето на нејзиното владеење, најчесто преку донесувањето и спроведување на закони (Христова & Мирчев, 2008). ,,Политиката не е наука...туку вештина”, изјави канцеларот Бизмарк пред германскиот Рајхстаг. Вештината за која зборува Бизмарк е вештина на владеењето, на практикувањето на контролата во општеството преку донесување и спроведување на колективни одлуки.

Зборот политика потекнува од зборот полис (polis) што буквално значи град-држава (Хејвуд, 2009). Политиката е активност преку која луѓето ги креираат, ги негуваат и ги дополнуваат општите правила според кои живеат. Од овој аспект погледнато, политиката може да се разбере како активност која ги насочува, уредува и детерминира односите меѓу припадниците на полисот или со други зборови, она што се онесува на полисот (она што претставува негова грижа) е она што се однесува на државата (Heywood, 1994). Во суштина, таа подразбира општествена активност којашто е нераскинливо поврзана со постоењето на различностите и конфликтите, од една страна, и со волјата да се соработува и да се дејствува колективно, од друга страна. Политиката повеќе се смета како трагање по решенија за конфликтите, отколку како нивно постигнување. Политиката е различно сфатена од различни мислители и во различни традиции.[4]

Во проучувањето на политиката како научна дисциплина се усвоени различни пристапи. Овде спаѓаат политичката филозофија, односно анализата на нормативната

---

[4]Во својата книга „Политика“, Е.Хејвуд, еден од најцитираните современи политолози, ќе назначи четири најчести сфаќања на политиката:1)Политиката како вештина на владеењето; 2)Политиката како јавна дејност; 3)Политиката како компромис и концензус; и 4)Политиката како моќ и распределба на ресурсите. - Ендтју Хејвуд, Политика, Академски печат, Скопје, 2009, стр.5-13.

теорија, емпириската традиција која посебно се занимава со проучувањето на институциите и структурите, обидот да се воведе научна прецизност преку бихевиоралистичките анализи, како и бројните варијанти на модерните пристапи, вклучивајќи ја тука и примената на теоријата на рационалниот избор. Проучувањето на политиката е научно до таа граница што овозможува да се здобиеме со објективно знаење за политичкиот свет преку правење разлика меѓу фактите и вредностите. Постојат два начини за водење политика. Или: живееш „за“ политика - или: живееш „од“ политика. Во принцип луѓето, помалку од идеалот и повеќе од материјална добивка, ги практикуваат двата (Weber, 2009).

## 1.2. Етика

Етиката е посебен вид на делување, вкоренето во моралните вредности и принципи, изразувајќи го она што е добро и исправно – вредностите и доблестите како праведност, сочувство, чесност, лојалност и дури и старомодните, како понизност, умереност и промисленост. Етиката е делување, коешто Вие можете да го браните јавно и лесно и делување што би требало да биде нешто, со што Вие и Вашата заедница ќе умеете да се справите. Етиката е темелно, континуирано и аргументирано размислување за доброто живеење и правилното однесување (Čekoh & Koprek, 1996). Зборот етика има потекло од грчкиот збор *etos* кој значи традиција, карактер или морал. Етиката е наука, која го проучува моралот. Сé што е етично, не е пишано секогаш со општествениот закон. Етика е наука, која има за цел да им помага на луѓето во формирање на нивниот карактер. Таа соодржи правила или закони, кои им служаат на луѓето, да се однесуваат правилно во семејството, во училиште, во природата, во општеството, во политика и воопшто секаде. Етиката и моралот се однесуваат на "правилно" и "погрешно" однесување.

### 1.3. Етичкото однесување

Луѓето како поединци можат да бидат морални, затоа што ја поседуваат способноста да ги земат предвид  и туѓите интереси (Малески, 2012). За да може да се оствари моралот и моралното однесување, потребни се предуслови кои во суштина се основи на моралот. Разни појави во природата имаат своја цел, а на науката ѝ е познато дека тие се усмерени и раководени според одредени законитости. Научниците на сите научни дисциплини во минатото посветија доста време, како и материјални средства, за откривање и за објаснување на тие законитости на природата. Откритијата на поедини законитости и остварените објаснувања се интегрирани едни во други, систематизирани и запишани се дадени на човештвото на практична примена, но и на понатамошно изучување. Сознанието, само по себе, дека секоја појава во природата има точно одредена цел и дека е раководена и управувана токму од одредените законитости, дава реални основи за понатамошно изучување не само на општите, туку и на моралните вредности. Научните сознанија, дека секое суштество се однесува според одредени законитости и по одредени принципи, исклучително се битни. Артур Шопенхауер (Arthur Schopenhauer) на етиката ѝ ја поставува целта, којашто во морален поглед треба да ги објасни и да ги толкува различните начини на поведение кај луѓето и да ги сведе на нивната крајна основа. Оттаму не останува никаков друг начин да се пронајде основата на етиката, освен емпириски да се истражува дали воопшто постојат постапки на кои мораме да им признаеме вистински морални вредности, коишто ќе бидат постапки на доброволна праведност (Шопенхауер, 1998), чисто човекољубие и вистинска благодарност. Во денешната епоха е востановено дека, етичкото образование на автономни одговорни личности е една од најсуштествените задачи на човештвото за решавање на проблемите со природата, човечките конфликти, незаинтересираноста за средината и за луѓето, кои се извор за негативностите кои му се закануваат на човечкиот род, со деградација на хуманизмот и со уништување на неопходните природни потенцијали. Низ вековите моралното воспитување произлегувало од претпоставката дека моралноста му е на човекот вродена, дека не е резултат на реалните односи во општеството туку сила која тие

односи ги создава, а луѓето уште од детството се делеле на добри и лоши, според природата. Меѓутоа, „најзначајната етичка ориенатација во човечката историја е онаа која препорачува во сè да се има мера”. Нашето сфаќање на моралот произлегува од општествената практика и претпоставува непрекинат развој на општествените науки како последица на општествените промени и ја потенцира потребата од постојано и повторно проценување на вредностите заради менувањето на положбата на човекот во светот и во општеството. Моралните норми се менуваат, иако постојат во секое општество, а тоа покажува дека изворот на моралното чувство е во општественото битие на човекот и ги изразува актуелните животни и социјални потреби (Темков, 1998).

Тоа го разбираме подобро кога ги читаме делата со филозофски идеи за етичкото однесување[5]. Големите филозофи и духовни дејци низ историјата ја истакнувале благородната функција на едукацијата, но, прегледот на идеите на најзначајните мислители за ова прашање, од Антиката до денес, го покажува единството на нивните духовни позиции и како со нивните учења се збогатувала етичката доктрина (Vukasovič, 1974).

### 1.4. Моралот

Моралот претставува вид на општествена норма и облик на свест кај луѓето. Етимолошкиот корен на изbразот морал го бараме во латинскиот збор мос, морис (Бајалџиев, 1999) и буквално значи обичај, начин на однесување на луѓето**.** Моралот е составен од норми создадени во свеста на луѓето засновани врз претставата за доброто и лошото. Врз таквата основа, поединецот во општеството се однесува на определен начин во зависност од сопственото убедување, дали тоа што се прави е добро или лошо, дали сопствената совест ќе биде мирна и спокојна или, пак, ќе не гризе и дали за таквото постапување ќе бидеме осудени или не од средината. Или, како што Кант ќе

[5] Во своето учење за моралот големиот филозоф и социолог Емил Диркем разликува три елементи на моралноста: 1) духот на дисциплината, 2) лојалност, приврзаност кон општетвените групи и 3) автономија на волјата.  Види: Dr Miomir Ivković: Vaspitanje i društvo. Dirkemova sociološka teorija vaspitanja, Gradina, Niš, str. 172.

забележи:„прави го она преку што ќе удостоиш да бидеш блажен‘‘(Кант, 1970). Оттука, моралните норми, за разлика од обичајните, не се создаваат врз основа на долготрајно повторување на определено поведение, туку врз основа на сопственото убедување и на постојаното преиспитување на „сопственото јас‘‘, дали тоа што го правам е добро или лошо. И покрај таквиот карактер, односно моментното реагирање и проценување на сопствената постапка како добра или лоша, за моралот може да се рече дека, тој моментално и настанува; иако врз сосема поинаква основа одошто обичајот, исто така, настанува низ долг процес на воспитување и себепреиспитување што значи дека постепеноста во обликувањето е својствено и кај моралот. Од друга страна, процесот на создавање на морални норми кај луѓето, не е процес одвоен од објективната општествена стварност. Моралот значи, како што забележува Бајалџиев во неговата книга „Вовед во правото‘‘: ...на луѓето не им се наметнува однадвор како нешто вечно, апсолутно, како „божеско вдахновение‘‘ во душата и разумот на човекот како што тоа тврдат религијата и идеалистичката филозофија (Павиќевиќ, 1961)**.** Етичкото однесување е она што е за пофалба, не-етичко е она што се оценува негативно и се отфрла. Во секоја човечка активност постојат слични мери за оценување на дејствувањето, како на пример:

- правилно – искажуваме постапки според законот и другите прописи;
- исправно, точно - кога ги следиме техничките норми и другите барања за работењето;
- корисно - кога придонесуваме со нешто;
- убаво - кога тоа што го правиме има фина форма и се допаѓа;

Моралот претставува дејствување на луѓето според однапред поставените етички норми во секоја заедница. Моралот се претставува како хетерономна дејност, во која правилото е над луѓето и нивната волја, а тие можат да придонесат само со преданото извршување на бараното.

Етичките принципи се упатства за делување и ги операционализираат вредностите. Три групи на принципи коишто го управуваат делувањето водат корен директно од почитувањето на законот и јавниот интерес, основните етички обврски во јавниот сервис и дефинирањето на ***етиката***. Овие упатства за делување укажуваат на индивидуалната одговорност, на содржинската одговорност и на компетентноста (C.W.Lewis & Gilman,

2013). Принципите, кои стојаат во основа на секоја рационална дискусија, значи на секоја дебата која служи за постигнување на вистината, се значајни етички принципи. Карл Попер (Karl Raimund Popper) во делото „За филозофијата и науката“ зборува за три такви принципи, и тоа:

- Принципот на несовршеноста;
- Принципот на рационална дискусија;
- Принципот на зближување кон вистината.

Во основа во сите хуманистички науки има етички принципи и сите овие принципи помагаат за приближување кон вистината(Poper, 2009). Германскиот моралист Георг Кристоф Лихтенберг има кажано низа мудри изјави за моралот и за другите сфери на човечкото живеење (Темков, 2008). Тој има дадено убаво објаснување за широчината на изборите и видовите на моралот.[6]

Човекот како морално суштество постапува според својата слободна волја. Чистата добра волја не е мотивирана ниту со среќата, ниту со блаженството, ниту со духовното задоволство, туку е автономна и само тогаш и како таква е морално вредна (Kant, 2002). Ако моралниот закон најнапред не е замислен во човековиот ум, човекот никогаш не би помислил дека има право да си претпостави слобода, а кога не би имал слобода, тогаш во себе не би можел да пронајде морален закон(Kant, 2002).

Основните етички термини „добро“, под кои се подразбираат нужните предмети на силата на посакувањето, и „лошо“, оние на силата на гнасењето, кои исполнуваат со одвратност, се единствените објекти на практичниот ум. Овие основни поставки на етичкото учење на Кант се проникнуваат со неговите учења. Со помош на воспитувањето, човекот, кој според природата е суров и див, може да се изгради во совршена личност. На животните, за разлика од човекот, истакнува Кант, не им треба одгледување, тие инстинктивно знаат да се заштитат, за да преживеат.

---

[6] Според него постојат само четири принципи на моралот:

1. Филозофски принцип - Прави го доброто, заради самото добро, од почитување кон моралниот закон.
2. Религиозен принцип - Прави го доброто, заради тоа што тоа е Божја волја, од љубов кон Бога.
3. Човечки принцип - Прави го доброто, заради тоа што го бара твојата среќа, од љубов кон самиот себе.
4. Политички принцип - Прави го доброто, затоа што го бара благосостојбата на заедницата чиј си дел, од почитување кон општеството со оглед на тебе самиот.

Принципот, насоката на воспитната вештина е идеал на човештвото, кој треба да се доближи до секоја млада единка. Тој принцип е поврзан со смислата на етиката во вид на категоричкиот императив: „Постапувај така што, максимата на твојата волја секогаш би можела наедно да има вредност како принцип на сеопшто законодавство“ (Кант, 1970). Овој императив, според Кант, треба безусловно да биде исполнуван, ако човекот сака да се смета за човек во вистинска смисла на зборот.

Моралот се раководи според особените вредносни норми на почитување и правење на доброто и отфрлање и избегнување на злото. Тоа истовремено значи изградба и наложување етички односи меѓу луѓето. Овој поим има различни појави.

### 1.5. Политичката етика

Позната како политички морал или јавна етика, е практика на правење морални пресуди за политичка акција и политички агенти. Таа опфаќа две области. Првата е етиката на процесот (или етиката на функцијата), која се занимава со јавните службеници и методите што ги користат. Втората област, етиката на политиката (ЛУЛЛ, 2012) или етиката и јавната политика, се однесува на пресудите за политиките и законите.

Никола Макијавели, како основач на политичката етика, верува дека од политички лидери може да се бара да извршат дела, што би било погрешно ако се извршат од приватни лица (Machiavelli, 2003). Во современите демократии, оваа идеја е преформулирана како проблем на нечисти раце, опишана од страна на Мајкл Валцер, кој тврди дека проблемот создава парадокс: политичарот понекогаш мора да прави "погрешно, за да прави исправно". Политичарот користи насилство, за да спречи поголемо насилство, но неговиот чин е уште погрешен дури и ако е оправдан. Политичката етика не се занимава главно со идеална правда, туку со остварување на моралните вредности во демократските општества каде што граѓаните (и филозофите) не се согласуваат со тоа што е идеална правда. Во плуралистичко општество, како може воопшто да ги оправдаат политиките на прогресивно оданочување, афирмативна акција, право на абортус, универзална здравствена заштита и слично. Политичката етика е, исто

така, загрижена за моралните проблеми предизвикани од потребата за политички компромис, извикување, граѓанска непослушност и кривично казнување.

## 1.6.Концептот за стандардот и етичките стандарди

Утврдена мера, законско мерило; нешто нормално, средина, највообичаен образец; она што е најнормално (но затоа е исклучително според квалитетот, затоа што е неменливо). Етиката ги проучува основните вредности и целите на човечкиот живот: доброто, лошото, љубовта, правото, честа, интегритетот, вистинитото, и др. Таа содржи стандарди, соодветно дефинирани за тоа што е праведно и што е грешно. Таа воспоставува што е добро и што треба луѓето да направаат во однос на правата, обврските, во однос на корисноста на општеството, и во однос со други доблести (Anon., н.д.).

## 1.7.Моралната политика

Како што во целиот живот повторно расцутува етиката, се појави и етичната политика. Во неа високата (етична) цел и доброто однесување, се над сите други социјални и технички вредности (Темков, 2004). Цел и задача на добрата политика денес е да се грижи за унапредувањето на животот на луѓето, за прогрес и постигање на успех на сите полиња: економска иницијатива, квалитетно образование и здравство, отворање на нови работни места, водење на општеството како добар дом, каде што владее мир, спокојство, слога, каде што сите се одговорни и ги извршуваат своите должности, а при тоа се задоволни од себе си, од животот и со позитивна енергија и оптимизам си ја планираат својата иднина. Се воспостави специфична моралност на политиката. Тоа значи грижа за народот, неповредување на етичките стандарди, правење напори за прогрес, како и планирање и овозможување на идниот развој. Политичките личности се здобиваат со углед и со траење врз основа на грижата за овие прашања, како што нив ги губат ако за нив не водат сметка. Дури се инсистира на поголема моралност на политичарот од обичните луѓе.

Едно од најпоставуваните и најдебатираните прашања на денешницата е дали има етика во политиката или политика во етиката. Одговорот на сите научни и стручни дебати за релациите меѓу овие две важни општествени сфери е речиси идентичен односно, дека политиката и етиката се тесно поврзани сфери дека се меѓусебно испреплетени и дека влијаат една на друга. Само прашањето е кој од овие две општествени сфери има поголемо влијание врз другата или пак меѓу нив постои одредена рамнотежа. Сите филозофски учења од антиката до денес имаат тенденција политиката да ја стават во етички рамки, односно политичарите во вршењето на својата професија да се раководат од основните етички вредности и потребите на граѓаните и електоратот.

Современата политичка пракса многупати ја демантираше политичката теорија дека основата на политиката и политичката активност е етиката и моралното однесување. Многу филозофи и политички теоретичари, од антиката до денес, политиката и политичката активност ја поврзувале со етички и морални принципи на однесување. Повеќето од нив во своите филозофски и политички ставови за политиката протежирале вредности како што се: еднаквост, слобода, демократија, мир, толеранција, недискриминација итн. Меѓутоа, познатиот фиорентински политичар, писател и теоретичар Николо Макиевели (Niccolo Machiavelli, 1469-1527), во своето познато дело Владетел (Il Principe, 1513), со неговата позната максима "целта ги оправдува средствата"(Anon., n.d.) ги одвоил моралните принципи од политиката (макијавелизам). Тој владеењето го сфаќал како метод на водење на политика, кој се состоел во култот на силата, непочитување на верата, циничната аморалност, идејата со сите средства, дури и најподлите и најнехуманите, да се применуваат ако со нивната примена можат да се остварат крупни и "возвишени" цели.

Етичките вредности се уверувањата за тоа што е доброто и лошото. Овие критериуми за етичко однесување се потпираат на чувството и на разумот. Чувството и разумот се комбинираат во предиспозиции или тежненија за акција (Cooper, 1987). Но, сите вредности не се еднакви; ниту пак се нужно поврзани со етичкото однесување. Дел од нив се доблести, навики за етичко делување вградени во моралниот карактер, кој што го втемелува етичкото однесување и ги претвора апстрактните етички вредности во вообичаено, видливо однесување(C.W.Lewis & Gilman, 2013).

## 1.8.Концептот за политичкиот морал

За разлика од останатите општествени норми, единствено за политичкиот морал може да се рече дека е чисто автономен производ на самиот политичар. На пример, за разлика од обичајот, кадешто поединецот самиот, доброволно го прифаќа обичајното правило, но без, притоа, критички да го анализира и оценува, кај политичкиот порал поединецот, повеќе или помалку, ги вклучува својата свест и разум во акција. Тој самиот цени дали чини или не чини неговото поведение или постапка. Оттука и тврдењето дека, иако сите норми нужно треба да се потпираат врз свеста на политичарите, сепак, политичкиот морал е најдлабока внатрешна норма во свеста на политичарите. Исто така, во прилог на тезата дека нема вечен, апстрактен и со божја милост всаден морал кај луѓето, зборува и фактот дека претставите за моралот варираат и се разликуваат од човек до  човек односно од политичар до политичар. Во крајна линија, секоја поединечна претстава за тоа што е добро и исправно постапување, а што не е, во основа е втемелена врз објективната положба која поединецот ја има во конкретно дадена општествена заедница.

Изразот „политички морал“ често се среќава со забелешки и од терминолошки-логички аспект, затоа што е по праведно да зборуваме за морална политика, значи за политика и морал. Како и во историјата на евро-западната политичка мисла се идентификуваат две основни гледни точки во аспект на односите на моралот и политиката (Ibrahimi, 2005):

- Концептот на моралитетот, кој може да се именува  како индивидуалистичка концепција, овој концепт моралот  го  вклучува;
- Политичкиот концепт на моралот , концепт кој го среќаваме во „Идеалниот град“ на Ел-Фарабиу, Ахлаку-Насири од Н.Тусит идр. Основниот поим на моралот кај сите овие мислители е истражување на моралот, како една од социјалните форми на човекот.

Оттука и констатацијата дека голем број морални норми на однесување кај политичарите вештачки се создадени, односно тој, почесто е во состојба на несвесно прифаќање на туѓи мислења, ставови, изјави, постапки, однесувања и слично, да ги прифаќа и да ги интеоризира како свои. Сето ова наведува дека моралот се надградува во

политичкиот живот, во општествениот и заедничкиот живот. Доброто и лошото имаат социјални импликации. Кај истакнатите, горенаведени, мислители политиката е дел од морална филозофија и обратно, моралот е дел од политичката филозофија (Hodẑič, 1999). Во општествените науки, моралот е дефиниран на различни начини. Често, начинот на кој е дефиниран упатува на вредности, правила и акции кои се преферирани и прифатени од поголемиот број припадници во едно општество. Моралот е облик на човековата општествена свест, навики и норми (Polisi, 2016). Моралот претставува збир на непишани правила и обичаи, кои ги утврдуваат меѓучовечките односи и воедно служат за просудување што е добро, а што е лошо.[7] Според Вукасовиќ (Vukasovič), моралот е исклучиво човекова категорија, која прогресивно се развивала и усовршувала во текот на историјата (Vukasovič, 1974). Покрај тоа што моралните сфаќања и односи се менуваат, согласно со општествените промени, постојат општи морални вредности (Марковиќ, 2008). Како збир на непишани правила и обичаи, кои ги утврдуваат меѓучовечките односи[8] и воедно служат за просудување што е добро, а што е лошо, моралот е објективизиран преку општествената свест, систем на обичаи, навики и норми (Шопенхауер, 1998). Универзалноста на моралот ја повлекува со себе еднаквоста на сите поединци, како морални лица. Автономијата на секој поединец го подразбира неговото достоинство. Достојни, бидејќи како разумни луѓе заслужуваат политичка слобода (Тушар, Скопје). Практичкиот разум, за Кант, воопшто не е опортунистички разум. Заповедите на практичкиот разум (т.е. применетиот разум во светот на дејствувањето) се наметнуваат како апсолутни и во тој поглед не е дозволено никакво прекршување. Моралните заповеди содржани во целите, во никој случај не можат да бидат подредени на средствата, но сепак, тие би дозволиле, да се скрати патот до целта. Идеалот на Кант е „политички моралист“, а не - макијавелист. Моралот е секогаш конечниот судија на политиката (Тушар, Скопје). Моралот е сé повеќе лична работа. Делото што некое лице мисли или претпоставува дека е погрешно или неточно, може да биде сосема исправно и точно за друг. Моралот е верба во човекот, а не во секакви правила што треба да се следат. Од суштинско значење е да се истакне дека, етиката и правните прашања имаат предност

[7] Овие дефиниции се преопширни и релативистички. Тие не прават разлика помеѓу моралните вредности и правила од социјалните конвенции, религиозните вредности или концептот за добар живот.

[8] Овие морални вредности се нарекуваат основни категории. Тие се општочовечки и независни од средината, постојат независно од политичката идеологија и социјалните конвенции.

во некои верувања и морал во општеството[9]. Разликата меѓу етиката и моралот често се формулира на овој начин: етиката е наука за моралот (Темков, 1999), а моралот е практика на етиката (Anon., н.д.). **Моралноста** е процес на обликување и трансформирање на поединецот од биолошко во општествено битие. Според Вукасовиќ (Vukasovic), овој процес не може да се објасни со потполна слобода на поединецот. Моралноста го ограничува поединецот, но воедно, покрај должностите, му осигурува одредени права и слободи (Марковиќ, 2008).

Димензиите на моралноста се бројни, на пример, во Исламот се далекусежни и сеопфатни. Исламскиот морал се занимава со односите помеѓу човекот и Бога, човекот и неговиот ближен, човекот и другите елементи и суштества во вселената, човекот и неговото најдлабоко его. Поединецот треба да го чува неговото однесување и неговите видливи дела, неговите зборови и неговите мисли, неговите чувства и намери. Во генерална смисла, неговата улога е да биде поборник на она што е исправно и да се бори против она што е погрешно, да се стреми кон она што е вистинито и да го отфрли она што е лажно, да го негува она што е убаво и здраво и да го одбегнува она што е непристојно (Абдулати, 2015).

Моралноста е процес на вреднување на сопствените и туѓите постапувања и нивното оценување и проценување преку исклучивните категории „добар“ или „лош“. Битно е да бидеме на чисто дека и покрај сиот наш плурализам и несогласување, се согласуваме околу повеќе работи: на пример, околу важноста на чесноста, околу потребата за интегритетот, околу вредноста на демократијата. Без сомнение, не се согласуваме околу прашањата кои лежат на границите на овие доблести и вредности. Се разбира дека луѓето треба да се чесни и да поседуваат интегритет, треба да негуваме демократски доблести и институции (А.Норб, 2012).

[9] https://keydifferences.com/difference-between-morals-and-ethics.html

## 1.9. Моралот наспроти вредностите

Изразите „морал‘‘ и „вредности‘‘ се употребуваат со различни значења, поради што е потребно допрецизирање, за да не доаѓа до забуна при нивна употреба. Моралните норми се општествена норма, правило за поведение настанато со долготрајно повторување на определено однесување.

Колку долго треба да се повторува таквото однесување, за да се претвори во обичајна норма, временски е тешко или невозможно да се определи, иако некои општества во минатото тоа го определувале (Anon., n.d.). Дали едно поведение прераснало во една вредност, со определена доза на сигурност, можеме тоа да го утврдиме, кога тој процес во нашата свест ќе создаде чувство на обврзаност во определеното правило. Според тоа, моралните норми се создаваат  во услови на стабилни и сразмерно непроменливи општествени односи, односи кои речиси спонтано се повторуваат и кои во свеста не предизвикуваат никаква потреба од нивно критичко преиспитување.

Моралот е систем на верувања, систем кој се учи, за одлучување помеѓу доброто или лошото, додека вредностите се лични убедувања или нешто што доаѓа одвнатре. Овие се емоционално поврзани за одлучување помеѓу исправното или погрешното. Моралните норми имаат повеќе општествена вредност и прифаќање отколку вредностите, па затоа на човекот му се суди повеќе за неговиот морален карактер одколку за вредностите (Anon., n.d.). Се вели дека некој е неморален за човек без морал, но не постои таков поим за личност без вредности.

Друга диагонала помеѓу моралот и вредностите е тоа, што моралот е мотивација или клуч за водењето на добар живот во вистинска насока, додека вредноста е вовлечена во една интериорна димензија на поединецот. Таа, исто така, може да се нарече интуиција или повик на срцето. Моралните норми не ги одредуваат вредностите, туку се формираат поради вредностите. Моралните норми придонесуваат кон системот на верувања и се вредности кои ги добиваме од општеството (Anon., n.d.)[10].

---

[10]Моралните норми можат да бидат поврзани со некои религии, политички системи или бизнис-општество. Вредностите се стандарди, за да се суди за правото или погрешно, добро или лошо, праведно или неправедно. Тие се фундаментални принципи, кои даваат насоки за една личност, за

## 1.10. Политичката култура

Класичното значење за културата е дека таа, во своето битие, е своевидна антитеза на политиката. Најопшта дефиниција на културата во осумдесетите години на двесеттиот век гласеше: тоа се норми и правила, обичаи и модели на однесување заеднички за една одредена група луѓе. Затоа културата значеше нешто што хомогенизира, нешто што се поседува, сегмент кој има автономија, традиција на обичаи, различност од други култури (релационен феномен). Денес културата се прифаќа, дури и нагласува, како политички инструмент (Фрчкоски, 2007).

Политиката, во една или друга форма, има допир во најважните страни на човечкиот живот, затоа директно или индиректно влијае над интересите, целите и нивните судбини. Ова е образложението што политиката и политичкото мислење, и во минатото, и во сегашноста е развиена преку философијата и правните доктрини. Најпростиот превод на една ваква вистина е дека нема вистинска политика и претендира да биде успешна и модерна без идеи, без морал и масовно неучество на луѓето во политичкиот живот. Се подразбира, учеството во политика е од интерес или од корист за сите категории на луѓе што, како правила, во нивните желби или ја идеализират политиката на политичарот, особено државата и нивниот владател или не ги примат како такви и можат да стојат рамнодушни или може да чуствуваат револт против нив. Од ова произлегува еден проблем што има повеќе философска, одколку политичка природа: кои се легитимните и демократските средства за означување на политичко однесување на поединците со институциите? По објавувањето на делото на А.Токвил, „Демократијата во Америка“, одговорот на поставеното прашање постави оска на политичкиот модернизам, која продолжува да опстојува и ден денес.

Во следење на ова визија, почнувајќи од 60-тите години на дваесетиот век, почнува да се употребува опширно и поимот „политичка култура“, што ги вклучува и

---

да ги оцени заслугите и недостатоците на нешто. Вредностите вклучуваат храброст, почит, патриотизам, чесност, чест, сочувство итн.

факторите[11] кои ги утврдуваат формите на учество во политика, како и резултатите на политичкиот процес (Lane, 1959). Во општа смисла, поимот култура означува систем на ставови, навики, предиспозиции и менталитет, систем на вредности и норми на однесување, стереотипи и вкупност на погледи на општеството и човекот. Ова сфаќање е од големо значање, бидејќи ни овозможува објаснување на разлики во културите кај народите, нациите и регионите.

Општествените и политичките институции на секоја земја се одредени со културна база која ги дава глобалните ориентирања, досегот и ограничувањето на секое политичко дејствување. Мерката за квалитетот на институциите се наоѓа во луѓето кои духовно ги обликуваат со своите ставови, погледи и однесувања. Вака, политичката култура е дел од општата култура на општеството, односно посебна култура на своето општество.

Во однос на политичката култура, општата култура е повисок поим. Политичката култура, едноставно кажано, е политички аспект на културата на едно општество, односно оној сегмент од општата култура, кој се однесува на политичката дејност. Гленда Патрик смета дека политичката култура е нов, независен и посебен поим во однос на општиот поим на културата(Patrick, 1983). Културата ги опфаќа оценувачките и сознајните критериуми. Според Теодор Шварц, "културата се состои од деривативи на искуство, повеќе или помалку организирани, стекнати или создадени од индивидуите на една популација, вклучувајќи претстави и кодирања и нивни интерпретации (значења) кои се пренесуваат од минатите генерации, од современиците, или пак се креираат од самите индивидуи"(Avruch, 1998). Културата помага во дефинирањето на природата на една земја, на идиосинкретичните и општествените норми, и влијае врз доктрината и политиката за национална безбедност. Според зборовите на Џеперсон, Вент и Каценстајн "културната средина влијае не само врз иницијативите за поинакво однесување на државата туку и врз основниот карактер на државата, она што ние го нарекуваме државен идентитет".

---

[11]Факторите кои влејаат врз формирање на политичката култура се: политичка традиција и политичка социјализација.

•Политичката традиција во себе ги обфаќа сите големи политички и колективни настани.

•Политичка социјализација – се подразбира целината на сите процеси, по пат на кои нормите на политичка култура во одреден политички систем се стекннуваат, одржуваат и менуваат.

Културата, во нејзината најширока смисла, е начинот на живот на еден народ. Социолозите и антрополозите настојуваат да прават разлика помеѓу термините „култура“ и „природа“, при што со првиот се опфаќа она што преминува од една генерација на следната и тоа повеќе преку учење отколку преку биолошкото наследство. Меѓутоа, политиколозите го употребуваат терминот во потесна смисла, за да укажат на психолошката ориентација на луѓето, каде што политичката култура претставува „модел (шаблон) на ориентации“ во однос на политичките објекти како што се партиите, власта, уредувањето, изразени во верувања, симболи и вредности.

### 1.10.1.Концептот на политичката култура

Поголемиот дел од политиката се создава во нашата ментална свест; таа се обликува во однос на нашите идеи, на нашите вредности и претпоставки за тоа како би требало да биде организирано општеството, како и во однос на нашите очекувања, надежи и стравови во врска со власта. На крајот на краиштата, она во што веруваме во врска со општеството во кое живееме, може да биде многу поважно, отколку реалноста на неговата структура на моќ и од стварната распределба на ресурсите и можностите во него. Перцепцијата, можеби, не е само поважна од реалноста; во практична смисла, перцепцијата би можела да биде реалност. Тоа ја истакнува битната улога на она што се нарекува политичка култура. Верувањата, симболите и вредностите на луѓето го сочинуваат и нивниот став во однос на политичкиот процес и, што е многу важно, нивниот став за режимот во кој тие живеат - најмногу за тоа дали тие го сметаат режимот за праведен, односно легитимен или, пак, не го сметат за таков (Хејвуд, 2009). Вообичаено е кога се говори за политичката култура да го имаме предвид односот на граѓанинот кон политиката воопшто, но пред сé онаа актуелната за него, начинот на кој поединецот е вклучен во процесот на одлучување, неговите ставови, вредности и однесување кон овие феномени (Инџевска & Симоска, 2012). Во теоријата долго се дебатирало за можноста концептот на политичката култура да се дефинира и да се објасни. Низа автори укажувале дека концептот на политичката култура е недофатлив, бидејќи е премногу широк. Ако Ховствел (Hovstwel) ни сугерира дека културата за човековата заедница е она што е

личноста за една индивидуа, тоа не ни помага премногу, бидејќи концептот на личноста е исто така тешко дофатлив или е апстрактен. Проблематизирајќи го ова прашање, некои автори ќе додадат дека една од потешкотиите за нејзиното дефинирање и проучување произлегува и од факторот време (Христова & Мирчев, 2008). Сепак, поимот политичка култура кој од неодамна се применува во политичките студии, прв го употребил американскиот политиколог Габриел Олмонд (Gabriel Olmond), кој е близок на традиционалните политички концепти, како што се: политичка идеологија, политичка традиција, политички етнос, национален карактер, и др. Но, иако поимот политичка култура е релативно нов, тоа не може да се каже и за проучувањето на политичката култура (Митков & Климовски, 1995). За политичката култура во литературата можеме да сретнеме голем број дефиниции, кои што имаат различни гледишта за овој концепт.

Според Олмонд (Gabriel Olmond) и Верба (Sindi Verba), политичката култура е психолошко ориентирање спрема општествените објекти, односно политичката култура е мрежа на ориентации на припадниците на општеството спрема клучни политички објекти (Митков & Климовски, 1995). Политичката култура е збир на сите материјални и духовни вредности (процеси, промени и творби) кои настанале како последица на материјалната и духовна интервенција на човекот во природата, општеството, мислењето. Пред сè, тука се истакнуваат општите сознанија кои претходат и следат, но и целината на интелектуални, морални и материјални аспекти на елементите кои ја карактеризираат определена цивилизација(Симоска, et al., 2001).

Основната слабост на оваа класификација е тоа што нема еден јасен, основен критериум врз основа на кој е извршена, односно поединечните типови се конструирани спрема потполно различни карактеристики. Според Бир (Tomas Bir) и Улам (Adam Ulam) политичката култура претставува „варијабла, детерминантен фактор“ на политичкиот систем и посебен аспект на општата култура која се однесува на тоа како да се управува со политичкиот систем и што тој треба да прави. Роберт Дал (Robert Dal) внесува нови димензии во анализата на политичката култура.

Во политичката теорија постојат повеќе типологии на политичката култура. Најпозната е она на Габриел Олмонд и Синди Верба, до која дошле со расчленување на поимот политичка култура (Patrick, 1983). Според Олмонд и Верба постојат три типа на политичка култура:

- **Парохијална култура** – означува традиционална култура во која пооделните улоги не се специфицирани, односно во која економските, политичките и религиозните улоги практочно се претопуваат, на пример, во Мексико;
- **Поданичка култура** – се однесува на еден диференциран политички систем, каде поединечните улоги се распределени помеѓу субјектите, но во кој улогата на граѓанинот е сосема пасивна, пример: Италија, Германија;
- **Партиципативната култура** – се однесува на едно диференцирано општество, со јасно распределни улоги каде што граѓанинот има изградено јасни аспирации за активно учество, пример:  САД и Велика Британија.

Олмонд и Верба нагласуваат дека се работи за три идеални типа на политичка култура, кои во реалноста практично не постојат. Кај сите нации се среќава една мешавина на елементи од трите посочени типа, со тоа што, во зависност од конкретното општество, преовладуваат едни или други елементи. Исто така овие политиколози истакнуваат дека таа не претставува приказ на историски или еволутивен развиток од една политичка култура кон друга, односно дека тие се заменуваат една со друга, по некој историски след. Напротив, тие меѓу себе се комбинираат и се мешаат, па во практиката не можат да се најдат чисти типови на политичка култура. Така постојат парохијално-поданички култури, поданичко-партиципативни култури, парохијално-партиципативни култури[12]. Политичката култура се разликува од јавното мислење поради тоа што таа е повеќе обликувана од долгорочни вредности отколку од едноставни реакции на народот на одредени политики и проблеми(Хејвуд, 2009). Политичката култура е збир на ставови, верувања и чувства кои му даваат ред и значење на политичкиот процес и кои ги обезбедуваат основните претпоставки и правила, кои го регулираат однесувањето во политичкиот систем. Таа ги опфаќа и политичките идеали и оперативните норми на една политичка држава. Политичката култура е манифестација во агрегатна форма на психолошките и субјективните димензии на политиката. Политичката култура е производ и на колективната историја на политичкиот систем и на животните истории на членовите на тој систем, и затоа е подеднакво вкоренета во лични искуства и јавни настани.

[12]Посебно внимание Олмонд и Верба и посветуваат на т.н. граѓанска (civil) култура. Тоа е мешовита политичка култура. Во неа многу поединци се политички активни, но исто така има и многу кои се поднички пасивни. - Климовски С. (2000), Уставен и Политички Систем, Скопје,  стр.981.

Политичката култура е модел на индивидуални ставови и опиентации што ги споделуваат луѓето во едно општество, а кои се однесуваат на политиката. Таа се изразува преку убедувања, вредности, симболи коишто се однесуваат на субјектите, институциите, процесите во политичката сфера (на пример, политичките партии, владата, претседателот на државата, уставот, владеење на правото, итн.)

За политичката култура во литературата можеме да сретнеме голем број дефиниции, кои што имаат различни гледишта за овој концепт меѓу кои се: „Политичката култура е збир на сите материјални и духовни вредности (процеси, промени и творби) кои настанале како последица на материјалната и духовна интервенција на човекот во природата, општеството, мислењето. Пред сè, тука се истакнуваат општите сознанија кои претходат и следат, но и целината на интелектуални, морални и материјални аспекти на елементите кои ја карактеризираат определена цивилизација“(Симоска, et al., 2001)

Според Олмонд (Gabriel Olmond) и Верба (Sindi Verba), политичката култура е психолошко ориентирање спрема општествените објекти, односно политичкта култуа е мрежа на ориентации на припадниците на општеството спрема клучни политички објекти.

Олмонд разликува четири типови на политички култури: прединдустриска, тоталитарна, англо-американска и континентално-европска(Хејвуд, 2009) основна слабост на оваа класификација е тоа што нема еден јасен, основен критериум врз основа на кој е извршена, односно поединечните типови се конструирани спрема потполно различни карактеристики. Роберт Дал (Robert Dal) внесува нови димензии во анализата на политичката култура. Според него политичката култура е мрежа на политички ориентации составена од:

- Ориентации кон политичкиот систем – можат да бидат позитивни, апатични и оттуѓувачки;
- Ориентации кон другите луѓе – можат да бидат политичката доверба и недоверба;
- Ориентации кон колективната акција – во колективната акција може да е нагласен елементот на кооперативност и елементот на некооперативност;
- Ориентации кон решавање на проблеми – можат да бидат прагматични или националистички.

Политиколозите го употребуваат терминот во потесна смисла, за да укажат на психолошката ориентација на луѓето, каде политичката култура претставува „модел на ориентации" во однос на политичките објекти како што се партиите, власта, уредувањето, изразени во верувања, симболи и вредности. Политичката култура се разликува од јавното мислење, поради тоа што таа е повеќе обликувана од долгорочни вредности отколку од едноставни реакции на народот на одредени политики и проблеми. Политичката култура е збир на ставови и практики што ги држи народ кој го обликува своето политичко однесување. Вклучува морални пресуди, политички митови, верувања и идеи за она што го прави за добро општество. Политичката култура е одраз на владата, но исто така вклучува и елементи од историјата и традицијата што може да претходат на сегашниот режим. Политичките култури се важни, затоа што тие ја обликуваат политичката перцепција и активности на населението. Владите можат да помогнат во креирањето на политичката култура и јавното мислење преку едукација, јавни настани и одбележување на минатото. Политичките култури се разликуваат во голема мера од една држава до друга држава, а понекогаш и во рамките на една држава. Општо земено, сепак, политичката култура останува, повеќе или помалку, иста со текот на времето (Anon., н.д.). Сите политички култури содржат стандарди за оценување на ефективноста и компетентноста на оние кои вршат специјализирани улоги во политичкиот систем. Таквите стандарди, генерално зависат од популарните гледишта за тоа, како најдобро треба да се решат проблемите со националните проблеми и заедницата. Во традиционалните култури, решавањето на проблемите обично се поврзувало со правилното извршување на ритуалите, а оттука евалуацијата на перформансите била под силно влијание на вештините прикажани во церемониите. Иако, современите политички култури го препознаваат централното место на рационалност во решавањето на проблемите, има тенденција да постојат големи разлики помеѓу културите во она што е прифатено како рационално. Одлуката за вештина во раководењето, исто така, е под влијание на степенот до кој општеството го цени личниот магнетизам на лидерството или способностите на техничките специјалисти и експерти. Промени во евалуациската димензија на политичките култури се јавуваат кога новите вештини и професии се признаваат како релевантни за решавање на националните проблеми. Оценувачкиот аспект на политичките култури, исто така, мора да го одразува неодминливиот факт дека политиката се занимава

со идните непредвидливи ситуации кои се надвор од опсегот на подготвени предвидувања. Секоја политичка култура мора да обезбеди некоја основа на верба во моќта за предвидување на прифатливи водачи. Традиционално, оваа верба обично се става во мистична и харизматична моќ на лично водство. Во другите култури се претпоставува дека божествените или секуларните инспирирани доктрини се опфатени со сите неопходни предиктивни сили. Самата масивност и есенцијално функционирање на бирократијата и сложените механизми на власта се доволни, за да создадат популарна верба дека, оние што се на власт имаат разбирање за иднината. Крајниот тест за лидерство, во сите случаи, е вештина за одржување на популарна вера во капацитетот на лидерот да се справи со сите можни непредвидени ситуации.

## 2. Избори, демократија и етичко однесување

Демократијата[13] и владеењето на правото се клучни за почитувањето на сите човекови права и фундаментални слободи (Schmidt, 2012). Токму затоа е и заложбата на демократските институции за почитување на идеалите за демократија и политички плурализам, како и решеноста за градење демократско општество врз основа на слободни избори и владеење на правото. Демократијата не е никаков апстрактен систем со магична моќ да ги направи луѓето толерантни. Таа се вообликува и се изразува во реалностите на даден контекст(Малески, 2012). Без филозофска инспирација, политиката е осудена на прагматизам и губење на позитивна перспектива. Демократијата, како форма на владеење, претставува едно од најактуелните прашања во поновата светска историја, особено по падот на берлинскиот ѕид и тоталитарните режими. Тоа посебно го нагласуваме затоа што еден научно фундиран политички став е невозможен без една филозофска, односно теоретска научна концепција за односот на човечките вредности и без создавање организирани услови, таков систем не може да се реализира. Значи, границите помеѓу филозофското и политиколошкото се тешко одредливи. Но, не треба да се заборави и

[13] Зборот „демократија“ е еден научен термин од научен-политчки речник што доаѓа од грчкиот јазик. Зборот *демократија* потекнува од грчкиот збор „демос“ и „кратеон“, што значат владење на народот, политички поредок во кој власта му припаѓа на народот, држава во која на власт е народот преку своите претставници, депутати.

нешто друго: историјата е полна со примери што покажуваат дека не мал број реакционерни режими се потпирале врз апсолутизацијата на некое филозофско гледање (Габер, 1975).

Во политичката теорија, демократијата е опишана како политичка филозофија, но и како форма на владеење, во која управувачката моќ се наоѓа во рацете на народот, при тоа применувајќи ја на посреден (директна демократија) или на непосреден начин (индиректна демоктратија) односно, според принципот на претставување и застапување интереси, реализирани преку слободни и фер избори. И покрај тоа што не постои единствена или универзално прифатена дефиниција за демократијата, сепак постојат три водечки принципи, кои ги среќаваме во која било од постоечките. Тоа се: транспарентноста, отчетноста и правото на учество.

Кога станува збор за односот помеѓу демократијата и етиката, на почетокот треба да се нагласи дека самиот термин *демократија* претставува еден од најопширните термини, кои се користат во општествени науки. Постојат голем број дефиниции за демократијата кои се претпоставува дека се точни и дека се во согласност со принципите на модерната наука. Демократијата претставува симбол и вредност во многу општества во светот, така што секоја држава својот систем го прокламира како демократски, а со голема веројатност можеме да констатираме дека сите држави сакаат да го имаат овој епитет.

Пристапот кон нововековната филозофија подобро се вклопува со аргументирањето за моралноста на политичарите, додека Роџер Скартон (Roger Scurton) тврди дека политичката практика нема ништо суштествено со моралот, бидејќи во неа „рацете треба да се брцаат со кал“, а моралот има идеална насоченост.

Во денешниот свет, во многу држави основната политичка ориентација е демократијата. Демократијата е важна во општествениот живот, и покрај нејзините ранливости, таа останува најдоброто од сите управувачки уредувања. Во *Модели на демократијата,* Дејвид Хелд (David Held) пишува за важноста на демократијата.[14] Важно е да се разбере овој принцип и многуте дебати што тој ги поттикна, доколку во вековите што следат се појави и се прошири атрактивна и одбранлива претстава за демократијата.

[14]Меѓу другото тој вели: „демократијата не е лек за сите човечки проблеми, но таа го нуди најубедливиот принцип за легитимоста -согласноста на народот- како основа за политичкиот поредок.“ Девид Хелд, Модели на демократијата, Скопје, Академски печат,2008, стр. 31-32.

Приказната за демократијата, од античките времиња до денес, изгледа дека, сепак, е релативно „среќна“. Во сé поголем број земји, граѓаните-гласачи во принцип се способни да ги контролираат јавните креатори на одлуките, додека самите креатори на одлуките се способни да ги претставуваат интересите на нивните гласачи -„народот“ на соодветната територија. Сепак, приказната за демократијата не е завршена со таквиот развој на настаните. Иако, победата на демократските движења низ Централна и Источна Европа беше од големо значење, сепак, трансформацијата на политичките режими на други места во светот, како што е на пример Јужна Африка, остави многу нерешени прашања поврзани со демократската мисла и практика.

Во модерниот свет потребата од повторно поврзување на етиката и политиката најјасно се гледа низ новите политички процеси и дејствија, како и преку нејзината нова аксиологија која се јавува како нужен дејствен императив на современето човеково практицирање. Уште повеќе, етиката сфатена како морална филозофија денес е можна само врз основа на постоечкиот „ethos“ и неговите правила на заеднички живот, односно најмногу преку политичкото живеење, сфатено како збир од односи на граѓаните или државјаните на еден град, општина, држава, спрема чие дејствување и самата политика добива свое значење и смисла(Темков, 1998).

Британскиот филозоф Делајл С. Бернс за односот меѓу демократијата и етиката истакнува дека „демократија има само тогаш кога главна карактеристика на животот е она што му е својствено на човекот, она што прави луѓето да се разликуваат од животните, а цивилизираните од дивјаците. Такви својства се разумното расудување и моралната одговорност на единката за своите постапки... Ако во општеството управува разумот, одговорен за своите постапки, тоа е општеството во кое секој човек придонесува за заедничкиот живот со некоја мисла и чувства. Ниеден човек не ја дава само силата на своите мускули, туку секој се смета способен на заедницата да и даде нешто свое одвнатре. Според тоа, демократијата како идеал не е општеството на слични, туку на рамноправни луѓе, секој е интегрален и незаменлив дел на целината.

## 2.1. Изборен процес

Волјата на граѓаните изразена на слободни и фер избори е основа за авторитетот и легитимноста на секоја власт. Според тоа, клучно е почитувањето на правото на граѓаните да учествуваат во управувањето со својата земја преку преставници слободно избрани од нивна страна преку законит изборен процес. Изборите се универзална форма за артикулирање на политичкиот плурализам и на демократијата, како и основен инструмент на секое демократско општество за мирно освојување на власта.

Низа истакнати професори во однос на дефинирањето на изборите подлекуваат дека изборите се процес со кој народот му го доверува вршењето на политичката власт на претставничкото тело, а во многу современи, демократски држави и на претседателот на Републиката, кои ја претставуваат неговата суверена волја. Со нив и преку нив државната власт се стекнува со легитимитет и легалитет (Г., et al., 2001).

Уставот на Република Македонија предвидува права, воедно и обврски (одговорности) на Собранието, Владата, органите на управата и судството, како, под кои услови и рокови да ги организираат слободните, непосредни и демократски избори, како една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија (чл. 8 ст. 5 од Уставот). Веднаш се напомнува дека државната власт (законодавната, извршната и судската) во изборите, односно изборниот процес има одредена самостојност (ингеренции, место, улоги, права, одговорности, обврски). Изборниот систем е синтеза на формално-правни и политичко-социолошки елементи. Колку е помал расчекорот помеѓу овие две категори, толку повеќе овој важен потсистем на општествениот систем значи остварување и потврда на консензусот помеѓу носителите на функциите на власт и нивните претставници. [15] Изборниот процес во современето општество претставува клучен елемент на легитимирање на политичкиот процес, показател на видот, капацитетот и ефикасноста на неговите демократски управувачки практики. Современета демократија не се вреднува само преку учество во непосредниот избор на носителите на власта, туку и според фер, компетитивната, плуралистичка понуда и идеи, проекти и платформи за целокупниот

[15] Изборниот систем е збир на општествени односи, активности и постапки што настануваат при изборот на претставничките тела и претседателот на Републиката што се уредени со правни прописи.

спектар на социјално живеење и развивање на добри управувачки практики со општеството, според мерката на граѓанинот.

Иако, изборите[16] претпоставуваат натпревар врз прецизно дефинирани правила за игра, сепак, станува вообичаено по изборите да се отвора расправа на веќе востановените правила. Ова, меѓу другото, се должи на фактот што легимитетот на власта не произлегува само од исходот на изборите, туку и од однесувањето на клучните политичките сили во текот на изборите, односно од нивното почитување на законски утврденета процедура. Спротивно, повлекува дубиози кои обично се користат од страна на политичките субјекти во нивните дневни пресметки, што може, во одредени околности, да го загрози и функционирањето на политичкиот систем. Секако, изборните системи не се составени само од изборни правила, туку вклучуваат и определена политичка култура, како амбиент во кој се остварува изборниот процес (Габер & Јовевска, 2008). Во поширока смисла, терминот изборен систем, опфаќа збир на правила и постапки, кои се однесуваат на целината на изборниот процес, вклучувајќи го и изборното право на граѓаните, односно целосната изборна организација на системот (Каракамишева, 2004).

Изборите се процес на донесување одлуки, при што граѓаните гласаат за кандидатот или политичката партија кој го преферираат како свој претставник во претставничкото тело. Во современите демократски системи изборите го претставуваат механизмот, преку кој се пополнуваат мандатите во законодавните тела, а понекогаш и во извршните и судските органи. Покрај на државно ниво, избори се спроведуваат и во многу граѓански организации и политички партии. Изборите го имаат атрибутот компететивни и некомпететивни. Изборите го имаат атрибутот компететивни само тогаш кога избирачот има можност да избира меѓу најмалку две опции и кога може слободно да одлучи за тоа на која од нив ќе ѝ ја даде својата преференција. Во спротивно, кога на избирачот му е редуциран изборот и слободата на избор тогаш изборите се некомпететивни, - избор без избор (Pravda, 1978). Затоа изборите и се идентификуваат самите себе, пред сé, како должност, а не како едно од неотуѓивите слободи и човекови права. Важно е да се

[16] Што се однесува до потесното дефинирање на изборниот систем, тој го опфаќа процесот на претфорање на изборните гласови во освоени мандати, односно, тој ги опфаќа законски регулираните техники и формули. Изборниот систем определува како се пресметуваат гласовите во места и со тоа влијае врз однесувањето на гласачите, но исто така влијае и дали тие ќе гласаат за личност или партија.(Бојана Наумоска, Малите партии според изборното законодавство на Република Македонија, ИСППИ, Годишник бр.1, Скопје,2010, стр.169-181.)

обезбеди тајноста на гласањето за секој гласач, но и интегритетот, сигурноста, транспарентноста, етичноста и мирното одвивање на изборниот процес. Етичкото однесување, треба да придонесе да се задржи високото ниво на доверба во изборниот процес. Донесувањето на одлука за избор на претставници, кои во името на граѓаните ќе носат и спроведуваат одлуки, претставува демократски чин во една држава.

Во склад со изборниот систем дејствуваат **политичките партии**. Тоа се институции кои ги собираат луѓето, со цел извршување на власта во државата. Тие се институции кои сакаат да претставуваат повеќе од еден тесен интерес во општеството, тие се групации на луѓе со слични верувања, ставови и вредности. Според Едмунд Брук, политичките партии претставуваат група на луѓе, обединети во нивните напори, со цел да го унапредат националниот интерес базиран врз одреден принцип за кој постои заемна согласност. Политичките партии се срцето на демократијата. Во демократските режими тие се главните посредници помеѓу гласачите и нивните интереси, од една страна, и институциите за донесување одлуки од друга страна. Тие се каналите на политичката интеракција помеѓу цивилното општество и државата(Гантер, et al., 2009).

Изборите претставуваат механизам преку кој се конституира власта и „во претставничките демократии изборите имаат две главни задачи:

- Обезбедуваат легитимитет за вршење на власта за избраните од страна на граѓаните;
- Средство преку кое избраните политичари се држат одговорни за своите акции за време на мандатот“ (Ванковска, 2007)

Анализата на теориите на демократија овозможува, меѓу другото и идентификување на различни елементи, над кои се втемелени толкувањата за изборите, кои меѓусебно не кореспондираат. Во некои од нив тежиштето се става врз техничката страна на изборите (Русо, Маркс, Вебер), во други врз некоја од нивните функции (образовната – Мил; регрутирање политичко водство – Шумпетер; контролна функција - Дал и други). Иако како вообичаено е прифатена определбата на изборите како демократски метод за воспоставување на претставничките органи на народот, сепак искуството според кое изборите се практикуват и во земји во кои не постои демократија, е причина што одредувањето на изборите се поместува од нагласувањето на нивниот демократски атрибут кон нивната инструментално техничка страна. Од таму, на изборите

се гледа како на универзално прифатен инструмент во процесот на конституирање на претставничката власт (Јовевска, 2005). Поимот политичка партија е доста истакнат како во научна литература така и во секојдневниот живот. Зборот „партија“ доаѓа од латинскиот збор *„pars-partis“* што значи поделен дел од некоја целина. Политичките партии се посебни групи на социјално организирање. Една позната дефиниција доаѓа од политикологот Антони Даунс (Antony Downs) подвлекува дека: „една политичка партија е една екипа на луѓе, која бара да ги контролира владеачките апаратуриземајќи мандат од регуларни избори“ (Antony Downs, 1957).

Изборите претставуваат универзален феномен[17]. Нивната универзалност, всушност, се изразува преку внатрешната феноменолошка димензија на изборите што се состои од политички, уставни и социолошки компоненти. Сите тие заедно ја создаваат и објаснуваат изборната севкупност и целосност (Климоски, et al., 2012). Политичките избори се главниот инструмент за демократско управување со репрезентативната демократија. Во партиските држави гласањето на избирачите не содржи само доказ за политичка доверба за пратениците кои треба да се изгласаат, туку одлука за конкретна политичка програма и конкретна владина постава која треба да се именува (Кекеновски, 2012). Изборите имаат и реалноплебисцитна и личноплебисцитна компонента. Кои интереси и ставови застапени во заедницата се претставуваат во политичките институции и со која тежина, зависи од тоа кој ги избира претставниците, во која мера се зема предвид нивниот глас и дали секој избирач непречено може да го даде својот глас. Демократскиот принцип за рамноправна, слободна и дефинитивна одлука на сите граѓани се одразува во класичните начела за изборното право за универзален, еднаков, слободен, таен и непосреден избор (Ципелиус, 2011). Значањето на изборите е тесно поврзано со факторите кои го обликуваат гласачкото однесување. Помеѓу различните теории за гласањето, се моделите кои ги истакнуваат важноста на партиската идентификација (Antony Downs, 1957) и обичните приврзаности, оние кои ги истакнуваат важноста на групното членство и социјалното здружување, оние

[17] Универзалноста на изборите значи дека секој полнолетен граѓанин без оглед на неговото потекло, припадност на класа и имотна состојба, неговата религија и неговите ставови има право на гласање. Додека универзалноста на изборите значи и дека секој има пристап до гласачкото ливче, еднаквост на изборите значи дека секој глас има иста тежина. Истата тежина во мнозинскиот систем на гласање како и кај пропорционалниот систем на гласање значи иста вредност.
Слободен избор значи дека никој, ни државата, ни приватна страна не сме да ги принудува лицата со право на глас за да го дадат својот глас за некоја контретна партија или пак да спречат гласање со конкретна содржина.

кои се засновани врз рационалниот избор и врз проценките на личните интереси и оние кои потврдуваат дека личните избори се обликувани од идеолошката манипулација и контрола. Иако има разлики меѓу дефинициите за поимот политички партии меѓу политиколозите и социолозите, може да се заклучи, она што е заедничко, дека сите политичи партии, без разлика на нивната ориентација или концепт на делување, се група со одредени цели за земање на власта. „Партиите се значаен субјект на политичкиот систем. Доколку една политичка партија има прогресивни идеи, развојни политички програми, разгранета партиска структура со можност за дејствување на локално, национално и европско ниво, како и напредни и стручни поединци во политичкото процесирање, партијата може да биде во состојба да го придвижи целокупниот општвествен развој". Терминот партија (парче, дел од целина), влегол во употреба во првата половина во предминатиот век, постепено заменувајќи го термниот *factio* (група која се бави со сомнителни работи) како и терминиот секта (*secare*- да се дели) кој, од крајот на седумнаесети век, главно се употребувал за означување на верски поделби (Polisi & Musliu, 2015).

Изборите претставуваат  механизам преку кој се конституира власта и „во претставничките демократии изборите имаат две главни задачи: 1) обезбедуваат легитимитет за вршење на власта за избраните од страна на граѓаните;  2) средство, за кое избраните политичари се држат одговорни за своите активности, за време на мандатот (Ванковска, 2007).

Изборите се процес со кој народот му го доверува вршењето на политичката власт на претставничкото тело, а во многу современи, демократски држави и на претседателот на Републиката, кои ја претставуваат неговата суверена волја. Со нив и преку нив државната власт се стекнува со легитимитет и легалитет (Г., et al., 2001). Во поширока смисла, терминот изборен систем, опфаќа збир на правила и постапки кои се однесуваат на целината на изборниот процес, вклучувајќи го и изборното право на граѓаните, односно целосната изборна организација на системот. Што се однесува до потесното дефинирање на изборниот систем, тој го опфаќа процесот на претворање на изборните гласови во освоени мандати, односно, тој ги опфаќа законски регулираните техники и формули (Наумовска, 2010). Изборен процес е времето од донесување на актот на распишување на изборите до објавувањето на конечните резултати од одржаните избори, на ниво на

општина, градот Скопје, односно изборната единица каде што се врши изборот(Anon., n.d.).

Значи изборниот процес ги опфаќа сите активности од денот на донесување на одлука за распишувањето на изборите, почнувајќи со политичките кампањи (Weinstein, 2016), дебати, гласањето, бројувањето на гласовите, па до објавувањето на конечните резултати од страна на Државна изборна комисија за одржаните избори.

Главните функции на изборите вклучуваат: регрутирање на политичари, создавање на влади, обезбедување на застапеност, влијателни политики, образование на гласачите, градењето на легитимноста и зајакнување на елитите (Хејвуд, 2009).

### 2.1.1.Интегритет на изборите

Етичкото однесување е суштинска компонента на интегритетот на изборите. Етиката ги отелотворува идеалите, за кои треба да се стремиме и како треба да се однесуваме. Стандардите за етичко однесување варираат во зависност од социјалниот и политичкиот контекст на секоја земја. Сепак, постојат одредени основни принципи на етичко однесување кои се потребни за слободни и фер избори во која било земја или изборниот систем. Овие стандарди се засноваат на верувањето дека јавниот сервис е јавна доверба. Лојалноста и напорите на јавните службеници, изборните раководители и другите вклучени во изборната администрација, припаѓаат на уставот и законите на нивната земја. Повеќето владини и изборни системи ги институционализираат овие принципи на етичко однесување во кодекс на однесување кој конкретно го опишува етичкото однесување кое се очекува и бара. Кодексот на однесување или етика се разликува од еден политичко-опшстествен систем во друг систем. Но, обично постои кодекс за изборни менаџери, како и посебен кодекс за однесување на политичките партии, лобистите, медиумите и акредитираните набљудувачи. Кодексот кој е вграден во законската или регулативната рамка е обврзувачки правен документ. Правните документи вклучуваат казни и санкции за кршење на кодот. Кодексот за однесување за политичките партии подразбира стандарди на очекуваното однесување на кое страните доброволно се зачлениле. Тоа произлегува како резултат на преговори помеѓу различни политички

актери или партии.  Етичкото однесување на гласачите е регулирано со законите на секоја нација за заштита на лица и имот и се спроведуваат преку правосудниот систем.

**Принципи на интегритет на изборите:** Генерално, етиката на изборите вклучува пет елементи: независност, транспарентност, интегритет, компетентност и праведност (Anon., н.д.).

**Независност**: Како и другите избрани функционери, некои администратори на изборите мора да дадат придонес за кампањата. Во текот на нивната работа, некои може да бидат повикани да донесуваат одлуки што влијаат на соработниците. Начелото за независност вклучува избегнување на судир на интереси и правично постапување со сите страни, со придржување кон законот.

**Транспарентност**: Кандидатите и гласачите имаат право да знаат како канцеларијата на изборите ја спроведува својота работа. Сите избори треба да бидат транспарентни, без разлика дали станува збор за гласачки ливчиња или за набавка на гласачки системи. Пораките и другите комуникации треба да бидат сместени во безбедни сервери со постојан запис што се чува за брзо почитување на отворени владини барања. Надзорните одбори треба да бидат предмет на правила за отворен состанок, заедно со барањата за двопартиска застапеност. И откако ќе се затворат изборите, онаму каде што е можно, процесот на броење треба да биде во живо.

**Интегритет**: Канцеларијата за избори со висок степен на интегритет ги ограничува можностите на администраторот да дејствува со непроверена дискреција. Овие можности вклучуваат одлуки за тоа кога и каде се спроведува регистрација и предвремено гласање и кои информации (како што е предизборниот одѕив) се даваат на кандидат или партија. Изборниот администратор, никогаш, не треба да ја користи својата канцеларија, за да изрази партиска поддршка или опозиција, а исто така треба да избегнува, да го прави тоа на лични сметки на социјалните медиуми.

**Надлежност**: Имало избори каде што имало многу малку хартиени гласачки ливчиња, избирачките места не биле практични или достапни, или анкетираните работници не биле подготвени да се соочат со предизвиците на денот на изборите. Како еден службеник за избори им служи на сите места, со правично внимание на деталите е вистински тест за компетентност.

**Праведност**: Добрата комуникација може да ги ублажи потенцијалните проблеми на неправедност. Изборните администратори треба да допрат до заинтересираните страни во заедницата пред да донесат одлуки, кои би можеле да се сметаат за пристрасни или нечувствителни. Прашајте за купување, дајте му соодветна тежина, а потоа објаснете како тој дијалог влијае на одлуките за управување со изборите.

## 3.Кодекс на однесување

Кодексите на однесување содржат принципи и стандарди што ги обврзуваат вработените да постапуваат на начин кој е во прилог на граѓанските интереси и очекувања. Со овие кодекси се поставуваат контурите на ефикасно, чесни и професионално однесување. Тие многу често се користат и како механизам за спречување и превенирање на корупцијата. Донесувањето на етички кодекси претставува најчест механизам за институционализирање на етичките стандарди во соодветните органи. Постоењето и придржувањето кон јасно дефиниран сет на етички правила, содржани во Етичкиот кодекс, е нужниот предуслов, врз кој почива секој современ и функционален административен апарат. Етичките правила треба да се имплантираат во менталниот код на учесниците во изборниот процес, а ова интернализација на отелотворениот морален кодекс за однесување за фер и слободни избори, е само почетен импулс од посложениот процес на неговото пенетрирање и во останатите сфери на изборното функционирање. Официјално напишаните правила, систематизирани во етички кодекс, не се гаранција дека државните службеници ќе ги почитуваат и применуваат во своето работење. Придржување на етичките стандарди има поголеми допирни точки со менталниот код на службениците, учесниците, отколку со постоењето на пишаните принципи. Така, на пример, постојат земји, како Данска, Шведска, Холандија и Финска кои немаат етички кодекси во кои би биле инкорпорирани принципи за добро однесување, но сепак нивниот службенички кадар поседува поголема етичност од службениците во некои земји каде што постојат детално пропишани етички правила (Витански, 2011). Етичкиот кодекс е патоказ за морално исправно дејствување и однесување и ги реафирмира принципите на законитост, професионален интегритет, ефикасност и лојалност при вршењето на

службените должности. Во примената најчесто постои повреда на јавната етика. Доколку се тендира кон т.н. морална кристализација на македонското општество како идеал, неопходно е да се размисли за оживотворување на идејата за конституирање на единствен Државен етички комитет составен од лица со голем морален интегритет и углед кај корисниците (Трајковски, 2006). Етичкиот кодекс претставува збир (зборник) на прописи, правила (стандарди) за постапување во одредена ситуација или професија, базирани на етиката.[18]Кодексот на однесување е тип на саморегулаторен механизам. Другите највообичаени механизми за саморегулирање ги опфаќаат сигурноста на квалитетот и други системи на сертифицирање, набљудувачки (чуварски) механизми, прирачници за интерно владеење итн. Сигурноста на квалитетот вклучува надворешна агенција којашто обезбедува сертификација; некои организации често дејствуваат како набљудувачи (чувари), „именувајќи ги и резилејќи ги" или „именувајќи ги и фалејќи ги" оние што не се придржуваат, односно оние што не се придржуваат најдобро кон дадени стандарди. Истовремено, дури и една целна база на податоци којашто им овозможува пристап и споредба на информациите на други организации, може да доведе до саканиот ефект на зголемена одговорност и транспарентност, како што тоа го покажува примерот со Guidestar во САД. Кодексот са однесување може да се интерпретира под различни поими, како што се етички кодекс, етичка повелба, стандарди на извонредност, стандарди на одговорност и слично. За време на својата работа со граѓанските организации во земјите од Централна и Источна Европа, ЕЦНП ја разви следнава дефиниција на кодексот на однесување, којшто се разликува од другите типови саморегулаторни механизми и кое глаци како во следново: Кодексот на однесување е доброволна спогодба меѓу неколку организации со заеднички интерес/влог, во однос на специфични саморегулаторни принципи и/или стандарди за одредено однесување, којшто ќе ја води и обврзува секоја од овие организации и е изработен преку процесот на соработка.

---

[18]Кодексот за фер и демократски избори повикува на почитување на законите, правилата, прописите и добрите пракси поврзани со изборите; критичка свест на јавноста за однесувањето на политичките партии и политичарите; точно, непристрасно медиумско покривање на изборните кампањи и денот на изборите; ефикасно, непристрасно и транспарентно работење на Државната изборна комисија и професионално однесување на полицијата и органите на обвинителството. Кодексот на однесување не е замена за постојните закони и правила, туку е наменет да служи како дополнителна алатка и потсетување на политичките партии околу нивните законски и етички обврски за почитување на интегритетот на изборите.

Во суштина, кодексот го карактеризираат неколку елементи што го прават различен од другите типови саморегулаторни механизми:

- Доброволна спогодба: што значи дека организациите коишто се согласиле да го изработат, се придржуваат кон него според своја слободна волја. Ако некоја организација решила да не учествува во неговата изработка, може да реши да потпише посебен кодекс во подоцнежна фаза или да им се придружи на други групи коишто изработиле различен кодекс.
- Кодексот се потпишува меѓу неколку организации со заеднички интерес/влог. Ова значи дека постои главна група организации коишто имаат заеднички интерес поради кој се здружуваат и се мотивираат за изработка на кодекс. Мотивациите можат да бидат различни. Организациите можат да посакаат да ја зголемат свеста кај јавноста за принципите на нивната работа (на пример, организациите за права на децата сакаат да ги промовираат своите вредности: почит, рамноправен третман, интегрирање). Интересите можат да бидат и поконкретни и да водат кон видливи резултати[19].
- Консеквентно на тоа, стандардите или принципите што ќе се воспостават, ќе бидат специфични и според карактеристиките и мотивациите на групата.
- Принципите и стандардите запишани во кодексот се саморегулаторни, што значи дека самите организации ја преземаат улогата да ги развиваат и да се раководат според истите. Саморегулаторниот карактер на кодексите исто така претпоставува постоење „самосертифирачки“ механизми за усогласување со кодексот, т.е. организациите развиваат свои механизми за усогласување и често спроведуваат ревизија на тоа како се применува кодексот или таквото овластување му го доверуваат на некое тело. Но, сепак, за да биде сигурна дека постои соодветно олеснување и неопходна стручност при создавањето на одредбите, групата може да донесе надворешен експерт за да го води тој процес.

[19] На пример, кодексот може да се изработи за поддршка на 1 Guidestar е он-лајн база на податоци на една ГО со седиште во САД, којашто обезбедува финансиски и други информации за сите оние што се заинтересирани за некоја организација. Guidestar International / Системи на цивилно општество има намера да го воведе овој систем во Велика Британија и во други земји во Европа. Види: www.guidestar.org

- Одредбите од кодексот можат да имаат различно дејство врз членовите; тие можат да служат само како насока за нивното општо однесување и затоа можат да бидат само во форма на општи принципи. Одредбата може да постави извесни стандарди на однесување и со тоа да биде обврзувачка за организациите. Членовите треба да преземат извесни чекори за да се усогласат со нив и да ги постигнат стандардите што ги усвоиле. Важно е кодексите да се изработат преку процес на соработка меѓу организациите што нашле „заеднички влог“ и сакаат да го зацврстат тоа со таков документ. Иако некои организации му се приклучуваат на кодексот во подоцнежна фаза, организациите што го иницирале процесот се тие коишто учествуваат во обликувањето на текстот на кодексот. Ова помага кодексите да ги рефлектираат вистинските мотивации на членовите, да постигнат консензус за принципите или стандардите што сакаат да ги промовираат за да се зацврстат во својата работа и да обезбедат обврски за сите членови. Всушност, бројното учество е единствената метода што гарантира успешна изработка и имплементација на кодексот.

### 3.1. Кодекс за фер и демократски избори

Кодексот за фер и демократски избори повикува на почитување на законите, правилата, прописите и добрите пракси поврзани со изборите; критичка свест на јавноста за однесувањето на политичките партии и политичарите; точно, непристрасно медиумско покривање на изборните кампањи и денот на изборите; ефикасно, непристрасно и транспарентно работење на Државната изборна комисија и професионално однесување на полицијата и органите на обвинителството. Кодексот на однесување не е замена за постојните закони и правила, туку е наменет да служи како дополнителна алатка и потсетување на политичките партии околу нивните законски и етички обврски за почитување на интегритетот на изборите.

Врз основа на член 8-в од Изборниот законик, политичките партии учесници во предвремените избори на пратеници во Собранието на Република Македонија закажани за 11 декември 2016 година го потпишуваат овој Кодекс за фер и демократски избори.

**Етичкиот кодекс како критериум за мерење и споредување на однесувањето на политичките актери во изборната кампања**

Државата, како и другите институции што можат да влијаат врз благосостојбата и правата на луѓето, мора да задоволи одредени етички услови со цел да ја сметаме за праведна. Преку овие стандарди ги проценуваме намерите на државата кон нас и да ги ориентираме нашите напори кон политички промени. Етичката компонента на политичкиот дискурс е потрага по такви стандарди и по размислување што го оформува нивното оправдување(Левелен, 2009). Често не го заземаме истиот став кон ,,комплексната структура,, на принципите на етичкиот кодекс и практиката што се крие зад етичкиот кодекс. Ова е во согласност со модерната традиција на политичката теорија, но вреди да се постави прашањето дали има причини за следење на традицијата во овој аспект. Во овој дел, моето размислување е дали има смисла да барам општи принципи за следење на политичката кампања што ќе можат да ги дадат причините за и против одредени избори на истиот начин на кој принципите на домашната политика ги водат изборите за алтернативите политики во рамките на државата. Секој обид за поставување

на основа за нормативна политичка теорија мора да се соочи со фактот дека постои значителна мисловна структура, често нарекувана „политички реализам„ што ја демантира оваа можност(Беитс., 2008). Скептиптизмот за политичкиот етички кодекс произлегува од многу извори, како што се културниот релативизам, мислењето за ефектите на неетичкото однесување врз надворешната политика, сфаќањето дека политичките актери имаат обврска да го следат партискиот интерес и идејата дека не смее да има морални принципи на универзална употребливост во етичкото однесување за време на изборната кампања. Препознавајќи го ова, би било неодговорно да не се направат напори за подобро разработување на етичкиот кодекс и импликациите за нашите морални идеи за попрецизно восприемање на принципите кои се однесуваат на етичкото однесување за време на изборната кампања во Република Македонија. Само на овој начин можеме порационално да ги разбереме нашите етички идентитети и да ги процениме видовите на  политичка практика во кои се спуштаме. Иако е потребна позадоволителна нормативна теорија за етичкото однесување за време на изборната кампања, т.н. политички аналитичар на изборната кампања може да очекува дека ќе наиде на повеќе пречки, кои не му пречат на политичкиот „актер„ кој воедно е дел од изборите. Главна пречка меѓу овие е општо прифатеното, ако не и некарактеристично убедување дека, етичкиот кодекс е невозможен, затоа што се смета дека од повеќе причини би било несоодветно да се даваат морални принципи за политички работи (Кенет, 2003). Друга пречка е дека не е јасно што треба да претставува кодексот во политичката теорија. Главните пречки произлегуваат од интеракцијата меѓу политичкиот актер и избирачот на изборите, традицијата на интеракцијата и склопот на релативно добро дефинирани прашања во политичката кампања за време на изборите. Притоа, политичката кампања нема ниту толку богата интеракциска традиција, ниту толку добро дефиниран склоп на политички прашања, односно политичка дебата. Нашата интиуција за етичките проблеми во изборната кампања се помалку цврсти од нашите етички интуиции за домашните проблеми. Каков и да е ставот на еден човек за односот на интуицијата и етичката теорија, се чини дека релативниот недостиг на познати и цврсти интуиции за политичките проблеми ќе го отежни формулирањето на етичките принципи за предизборна употреба.

Современите изборни кампањи содржат многу повеќе од политичките дебати меѓу политичките актери „во улога на гладијатори, со оружје и поглед свртени кон друг

гладијатор...‘‘ и „...постојано шпиунирање на своите противници...‘‘ Оваа додатна активност создава специфични етички проблеми чии решенија се многу битни, но кои најверојатно ќе бидат игнорирани затоа што се надвор од традиционалната замисла на политичката кампања.

## 4.Етичките стандарди во изборниот процес во Република Македонија

По воведувањето на политичкиот плурализам во тогашната Социјалистичка Република Македонија во 1989 година, било дозволено формирањето политички партии и во 1990 година, биле одржани првите слободни и повеќепартиски избори[20]. Во Република Македонија се одржуваат избори за пратеници во Собранието на Република Македонијаза Претседател на Републиката и локални избори за советници и градоначалници. Во Република Македонија се одржани пет регуларни парламентарни избори во 1990, 1994, 1998, 2002, 2006 година и четири предвремени парламентарни избори во 2008, 2011, 2014 и 2016 година. Првите парламентарни избори се одржани кога земјата била во состав на СФР Југославија, а останатите по прогласувањето на независноста во 1991 година. Досега се одржани пет избори за Претседател на Републиката. Првиот мандат на Киро Глигоров бил даден врз основа на избор од страна на Собранието на Република Македонија, согласно тогашните уставни решенија. Потоа, имавме претседателски избори во 1994 година, избран за Претседател на Државата: Киро Глигоров, во 1999 година беа втори по ред претседателски избори во независна Република Македонија . Дотогашниот претседател Киро Глигоров не се кандидира на овие избори, а победник беше Борис Трајковски, кандидат на ВМРО-ДПМНЕ. Во 2004 година беа трети непосредни претседателски избори. Беа одржани предвреме, поради смртта на претседателот Борис Трајковски. Првиот круг се одржа на 14 април 2004 година (среда), а вториот круг на 28 април 2004 година (среда). На изборите учествуваа четворица кандидати, а победник беше

[20] Сите податоци се одземени од архивата на ДИК на РМ. и следниве електронски адреси:
Државна изборна комисија на Македонија
Изборни единици во Македонија
Локални избори во Македонија
Парламентарни избори во Македонија
Претседателски избори во Македонија

Бранко Црвенкоски од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија. Во 2009 година, Претседателските избори во Република Македонија се четврти претседателски избори по ред во Република Македонија. Беа одржани на 22 март и 5 април 2009, во исто време со изборите за локална самоуправа. На изборите учествуваа седум кандидати, а победи Ѓорѓе Иванов, кандидат на ВМРО-ДПМНЕ, и Претседателските избори во Македонија 2014 година се редовни, петти, претседателски избори кои се одржаа на 13 април и 27 април 2014 година. Истовремено со вториот круг на претседателските избори се одржаа и предвремени парламентарни избори. За првпат на овие претседателски избори македонските државјани кои живеат или работат во странство имаа право да гласаат во странство. За избор на претседател на Македонија се бореа четворица кандидати. По вториот круг победи кандидатот на партијата ВМРО ДПМНЕ и дотогашен претседател на Македонија, Ѓорѓе Иванов. Досега се одржани пет локални избори во Република Македонија - Локалните избори се одржани во: 1996, 2000, 2005, 2009, 2013 и 2017 година. Карактеристика за локалните избори во Република Македонија се честите промени на границите на општините.

Кодексот за изборите ги вклучува овие принципи: **демократија** – за фер изборен процес, за време на кампањата, за време на изборниот ден и по завршувањето на изборите; принцип на **доброто владеење** – да се осуди насилството во која било форма за време на вкупниот политички процес; **комуникативност** – комуникацијата е значајна за превенција од насилство, затоа е потребно да се споделуваат информациите коишто се од значење за превенцијата на граѓаните вклучени на кој било начин во парламентарните избори; **соработка** – соработка со државните институции, партиите, невладините организации и меѓународните организации во насока на превенција од насилство на изборите; принципот на **позитивно делување** – секоја политичка партија да се обврзе за позитивно делување и однесување во насока за грижа на животот, здравјето и безбедноста на граѓаните вклучени во изборниот процес; принципот на **почитување** - почитување на сите закони, правила и прописи на Република Македонија кои се релевантни за изборите и почитување на **владеењето на правото** при организирањето и спроведувањето на изборите; принципот на **невршевање никаков притисок** - или обид за притисок врз вработените во јавната и државната администрација; принципот на **незакана** по однос во

своето вработување и социјална сигурност како резултат на нивното поддржување или неподдржување на било која политичка партија или кандидат.

### 4.1. Промените во етичкиот поредок на изборниот процес во Република Македонија

Периодите од изборните процеси, кои се поврзани со крупни трансформации, секогаш предизвикувале крупни поместувања и во дотогашните етички поредоци. Промените во условите на изборните кампањи, кои многу често се поврзани со промени во карактерот на политичките односи, неизбежно повлекуваат промени во политичките односи и во идејно-филозофските погледи, сфаќања и концепции на политичките актери кои се дел од изборниот процес во Република Македонија. На длабочината на промените, со кои се зафатени таквите фази на изборниот процес, многу често се гледа како на криза на етиката и на целокупноното етичко однесување во текот на изборниот процес.

За кратко време, длабоки промени се одиграа во рамките на македонското општество, нашето општество се ослободи од својот сегментарен карактер. Поради тоа, се разви доволно брзо, за да ја исполни празнината која остана во нашата свест. Вербата на политичките актери е расколебана; традицијата на дебатите во изборните кампањи го изгуби своето влијание; индивидуалното расудување го тресе јаремот на колективното расудување. Меѓутоа, од друга страна, функциите кои се одвоија во текот на таквата изборна бура, немаа време да се усогласат едни со други, новиот етички кодекс настана како механизам, за да организира, а особено да ја задоволи потребата за правда. Лекот за злото можеби не е во барањето, по секоја цена, политичките водачи да ги воскреснат правилата во етичкиот кодекс, бидејќи во тој случај би се однесувале вештачки и привидно почитувани. Потребно е, всушност, да се прекине со постоечката анемија, да се изнајде начин тие правила, да почнат усогласено да се почитуваат, да се внесе во нивните односи повеќе правда, ублажувајќи ги се повеќе со оние надворешни изборни нееднаквости кои се извор на неетичкото поведение во текот на изборниот процес. При анализирањето на обликувањето на постојниот етички кодекс и формирањето на етичкиот поредок во Република Македонија, нужно е да се земаат во предвид и специфичните

фактори од религиска природа и етничките односи и разликите помеѓу многубројните политички и етнички групи  кои историски се формирале, кои објективно постојат  и нужно влијаат врз формирањето  на културното поведение и почитување на етичкиот кодекс за време на предизборната кампања во Република Македонија. Поради тоа, почитувањето на етичкиот кодекс  во тековните изборни процеси нужно ќе се одвива низ распространото влијание на многубројните општествени фактори од различна природа и со различно значење и низ сите општествени политички противречности,  кои се карактеристични  за изборниот цилкус на едно општество, кое минува низ сложениот транзиционен процес на својата општествена преобразба. Посебен проблем се социјалните последици од негативното етичко поведение за пост-изборниот период во Република Македонија, како што се зачестеноста на неетичкото поведение, деградирањето на политичката волја, а со тоа и многуте страни  на етиката или на моралот на политичкиот актер или на целата етичка сфера во изборната кампања во Република Македонија. Исто така, проблем е тоа што политичкиот актер е подложен на секаков вид уцени,  корупција, неетички притисоци, што прави изборниот процес да биде исклучен од нормални изборни услови, кои се услов за да имаме слободни и демоктратски изборен цилкус во Република Македонија.

## 5. Етичките  пристапи во политиката

Земајќи ги предвид особеностите на дилемата за политиката, некои реалисти веруваат дека моралните прашања не играат никаква улога во политиката. Етиката, сепак, игра улога во креирање на политики, иако не на таков начин како што мислаат и пожелуваат филозофите. Моралните аргументи се во употреба уште од времето на Тукидид. Кога Коркира отиде во Атина да замоли за помош против Коринт, таа го користеше јазикот на етиката: „Пред се, вие нема да му помагате на агресорот, туку на народот кој е жртва на агресијата. Второ, ќе се здобиете со нашата вечна благодарност“(Thucydides, n.d.). Моралните аргументи ги движат и ги насочуваат луѓето. Во таа смисла, моралноста е влијателна стварност. Сепак, моралните аргументи можат да бидат употребени и реторички, како пропаганда, за да ги прикријат пониските мотиви, па

оние што поседуваат поголема моќ често се во позиција да ги игнорираат моралните обзири. Основен критериум на многу од моралните аргументи е непристрасноста поглед, според кој сите интереси се проценуваат според ист критериум (С.Нај, 2008). Во призмата на етичноста на политиката постојат барем три различни погледи на етиката: оној на скептиците, на државните моралисти и на космополитите. Етиката и етичките стандарди претставуваат значајна компонента во севкупното одредување и формулирање на политиката, како и репер за примарна и базична проценка во политичкото делување. Ако основната премиса на етиката е прави добро и избегнувај го злото, на прв поглед прашањето за етичност во оваа сфера може да се чини амбивалентно, па дури и во одредена линија илузорно. Тоа е перцепција на генерално ниво, речиси секогаш, кога ќе помислиме на политиката на политичкиот живот во потесна смисла на зборот, кога правиме асоцијација или претстава за носителите на јавни функции или пак кога зборуваме за секојдневните односи при распределбата на моќта на еден теоретски дискурс. Овде се наметнуваат неколку базични прашања на кои ќе се обидеме да дадеме одговор. Прво, како и во колкава мера да ја третираме етиката во политичкиот живот, односно како тоа го антиципира политичкиот естаблишмент, граѓанството и теоријата. Второ, можеме ли да одредиме некоја базична рамка на современи правци во политичко делување фундирани на етиката и моралните начела и конечно, што се треба да земеме предвид, односно какви приоди ни стојат на располагање при таквата проценка. Етиката е посебен вид на општественото човеково постоење во кој дејствуваат неговите аксиолошки капацитети за разликување и воспоставување на доброто и злото. Преку тоа се открива и претставува смислата на живеењето, што за човекот е мошне важно за себепоставувањето, за изградбата на заедницата и за дејствувањето во сите области (Темков, Етиката во современата наука, 2007). Етиката е пред сé онаа базична водилка, која ни ја определува смислата на човековото однесување од хуманистички аспект, во односите со останатите луѓе, во светлина на судот што е добро, а што лошо. Човекот е социјално битие, бидејќи како што вели Аристотел тие што не живеат во заедница се или ѕверови или богови, па оттука нужно следува дека луѓето иманентно поставуваат обрасци на правилно и морално однесување во нивните меѓусебни односи. Од друга страна политиката сфатена како поле, во кое се одлучува за заедничките работи во јавната сфера на животот, а со тоа и дистрибуцијата на моќта и потчинувањето владеачи-владеани имплицитно го начнува

проблемот на пристапот и карактерот на етичките начела во тој домен. Ако за момент го апстрахираме прашањето за карактерот на власта и природата на потчинувањето и во наш фокус го земеме современото демократско општество тогаш експлицитно следува дека, етиката зазема значајно место во модерните демократии пред сé од постулатите, зададени како вредност на таквата категорија – човекови права и слободи, еднаквоста, правдата, солидарноста, достоинството итн. Сите овие се концепти, кои нужно повлекуваат и во себе содржат етичка димензија. Тоа се поими што провејуваат речиси во сите сфери на јавниот дискурс и аспекти проткаени во сите моменти на политичката констелација. Ако подлабоко би навлегле дури и во сите етапи на човековата егзистенција, од природната состојба до формирањето општество па држава (да се изразиме со Локовски речник), преку апсолутните монархии, најразните револуции, до современото демократско фундирање и обликување на политичките заедници во Западниот свет секогаш и секаде етичките начела, моралноста биле и остануваат, оној правец на делување или пак момент на легитимација на поредокот и власта. Поредокот поинаку и не може да се оправда, тргнувајќи од фактот дека колективното делување и општиот закон (номосот) нужно црпат оправдување или пак целат кон доброто, хуманото, човечкото и прават напори (или се обидуваат така да се претстават) за ескивирање на злото. Како резултат на тоа се подвлекува дека политиката нужно е врзана со етиката и етичката димензија во нејзината иницијална тенденција и рационално повлекува правање дистинкција помеѓу она што е добро или лошо за заедницата и народот.

Прашањето кое се отвора како логична консеквенца на ваквото поимање и разбирање е каде или каков е тој момент односно односот помеѓу политиката и етиката или подобро формулирано каков е квалитетот на тој однос, во која мера е содржан и на кој начин е манифестиран. Приодот кон етиката, современиот политиколошко-филозофски дискурс, теоретски го систематизира на три основни моменти на кои ние овде критички ќе се осврнеме и ќе се обидеме да воспоставиме рамка за нивна проценка. Првиот момент современата политичка теорија го нарекува пристап на етички апсолутизам. Како основна претпоставка тука лежи начелото дека сите постапки во политиката мора да бидат морално оправдани. Водејќи сметка за дадените трансцедентни етички вредности, овој приод во својата суштина го зема во обsир фактот дека сите и секогаш се повикуваат на етичноста во своето делување. Уште од најрани времиња во класичната античка

филозофија, преку Сократ и Платон односот политика - етика добива апсолутен пристап – добрината и доброто се основната вредност како на човековото битисување така и на политичкото делување. Во политичките процеси таквиот аксиолошки однос добива симплифицирана верзија преку начелата добра политика - лоша политика, пријатно - непријатно, пријател – непријател, корисно делување – штетно делување итн. Политиката во тој правец се разбира како продолжување на етиката, затоа што таа се занимава со проучување на добриот и праведен живот (Matic & Podunavac, 1995). Понатаму, политичката номенкалтура секогаш како начело на своите постапки, треба да ја содржи правдата, чесноста и отвореноста кон граѓаните што исто така е позиција на етички апсолутизам. Се поставува прашањето, можеме ли да зборуваме за етички апсолутизам во трнасцедентна смисла на концептот, а притоа да ги апстрахираме различностите помеѓу различните култури и нации. Дали на пример смртната казна (одземањето нечиј живот, без оглед на причините) што е застапена во некои земји е етичка, како чин или не? Дали абортусот, што исто така е прокламиран како право, е етичко само по себе или не? Може ли да зборуваме за право на сопственост, кога некои идеологии, богатството го перцепираат, како кражба од заедницата и бараат негова редистрибуција? Сето ова се забелешки, кои го усложнуваат проблемот на етичкиот апсолутизам во нашиов концепт. Радикална дихотомија на првиот пристап, прави вториот модел кој се нарекува етички релативизам. Антиномен, во самата содржина во однос на првиот, тргнува од идејата дека политиката и етиката не секогаш кореспондираат една со друга. Поинаку речено, во политиката е се́ дозволено заради постигнување на практичните цели. Праксеолошкиот момент нагласен кај Макијавели, треба да ни послужи како насока при утврдувањето на ваквиот концепт. Овде сепак не треба да се поведеме на апсолутна крајност и на линијата на газење на етиката и моралното поведение туку на критичниот апсект дека етиката не се перцепира во дадениот однос или пак служи како дополнување, а не водечко начело. Овој приод бара целисходност, ефективност и ефикасност во политичкото делување, а не етичко структуирање на таквите постапки. Најексплицитно можеби се согледува при една девиза во политичкиот маркетинг: “Немојте да лажете, или ако веќе лажете, не правете го тоа без голема причина и внимавајте да не бидете откриени” (Slavuljevic, 2008). Или пак поткрепено со Сократовата изјава: “Ако на некому му доликува да лаже, тоа единствено им припаѓа на владеачите, и тоа само поради интересите на државата, било заради

надворешните непријатели или граѓаните во државата. На никому друг лажењето не му е дозволено” (Slavuljevic, 2008). Се чини, овој момент и тоа како, одговора на секојдневната контемплација на граѓаните за носителите на власта, како и за севкупното поимање на политиката во модерни рамки. Од тоа дека речиси најголем дел од луѓето имаат негативно мислење за политичарите, преку целосно повлекување и апатија од политичкиот живот. Колку и да е издржан ваквиот приод, сепак наидува на сериозни критики, како на пример колку можеме да бидеме индиферентни на појави како што се измама, нечесност, корупција, неправди врз поедини групи, или пак узурпација на власта, непочитување на човековите права во интерес на сузбивање на некоја појава па колку и на долг рок патерналистичкиот момент, на кој би се повикувала номекнклатурата би ни изгледал оправдан.

Третата диагонала, која  ги вкрстува овие два концепта наречен е трансетичка позиција. Тој, на еден систематски начин, ја диверзифицира целокупната поставеност на концептот, водејќи сметка за етичноста од аспект на целите кои се дадени во конкретниот момент, а одговорност за нивното формулирање како и спроведување носи политичкиот естаблишмент и јавноста која изрично или прећутно ги оправдала како такви. Најдоследна емпириска потврда се согледува во начелото дека одредени кодекси на добро однесување, правила во професијата имаат за цел да ја регулираат добрата пракса во однесувањето на луѓето, како и во самата професија, но многу често истите се кршат и не се применуваат. Тука не може да стане збор за неетичност на самите тела или органи како колективи или пак за пропусти во регулацијата. Во однос на ова можеме да зборуваме за субјективно лоцирање на одговорност, а консеквентно на тоа, одговорноста би лежела кај оној што не се придржува до таквите начела. Посебен нагласок во правец на ова се става и на политичарите, кои целите ги утврдиле на соодветен начин, но нивната непримена односно неетичност при таквите постапки, фрлаат дамка на нивната политичка кариера. Можното ревидирање на постапките ќе го земе во предвид и етичкиот постулат, но прашањето за проценката при делувањето ќе мора да го земе во obsир и начелото на ефикасност, во што всушност и се согледа овој концепт на пристапно балансирање.

Согледувањето на основните правци на етички приод во политиката ни даде повеќе или помалку солидна рамка за нејзина детерминација од аспект на утврдувањето на рамката, која ја одредува модерната политичка филозофија во односот политика-етика,

односно некои базични начела за делување, што треба да земат во предвид при проценката во теоретски дискурс. Но, доколку се држиме на последните принципи на мета-теоретско рамниште, секако би се појавил проблемот на етичноста во севкупното живеење и делување и би дал можеби своевидна легитимација на неетичкото поведение во извесни случаи или пак примарно би ја дистанцирал етиката како средиште, како фокус кој треба да биде водилката при севкупното човеково поведение. Затоа, не смееме просто да навлеземе, при нашето однесување, во политичките процеси, како и во анализата на политичкото поведение, содржини или на актерите на политичката битка од аспект на етички релативизам, особено ако се имаат предвид современите трендови на етичка нагласеност во сите сфери на општествениот и јавниот живот. Без разлика дали зборуваме за образованието, науката, културата, спортот, јавните финансии, здравството итн. Етиката, едноставно, мора да биде присутна во фокусот на нашата перцепција. Не можеме просто и едноставно да се дистанцираме од етичките норми кои стојат во смислата на човековото постоење и кои ни ја даваат рамката за она што се нарекува хуманост и човечност. Проблемот со политичките појави и нивната неетична димензија може да го третираме и разгледуваме единствено од аспект на негова корекција и нудење своевидни решенија за надминување или редуцирање во што е можно помала мера.

Културолошките разлики, колку и да се очевидни при извесни ситуации, сепак, во себе содржат силна етичка димензија и нудат речиси слични правци и насоки на она што се нарекува добро или лошо и не ја премостуваат од својата есенција основната водилка – доброто. Само еден таков приод, кон прашањата на политичкиот спектар може да ги отвори хоризонтите на понатамошна хуманизација на човештвото, кадешто афирмацијата на етиката и моралот зазема централно место.

## III-ТРЕТ ДЕЛ

### 1. Методолошка рамка

На основа на теоретската анализа на предметот на истражување, следеше подготвување на емпирискиот дел. Направен е пресечен нацрт за истражување, а истражувањето е реализирано во прецизен временски интервал.

Во првата фаза на истражувањето на основа на собраната база на секундарни информации и податоци се премина на подговка на истражувачкиот инструментариум за собирањето на примарни податоци, преку квантитативни и квалитативни истражувачки методи. Во однос на квантитативните методи се користи анкета и квантитативна анализа на содржина, додека пак како квалитативни методи се интервјуто и квалитативната анализа на содржина. По фазата на собрање на емпириски материјал, без разлика дали станува збор за квантитативни или квалитативни методи, следеше формална и логичка контрола. Потоа се пристапи кон обработка на податоците и подготовка на завршните прикази и табели.

Врз основа на анализата на добиените резултати се изведени заклучните согледувања во овој труд.

### 1.1. Методолошки постапки за собирање на податоци

Кога се истакнува изразот модел на студии или методолошки приод, веднаш го подразбираме процесот кој ја опфаќа целокупната активност која се одвива, од кога се избрани темите за истражување до објавување на заклучоците. Во ова истражување се користени квалитативни и квантитативни методи. Информациите се прибирани преку интервјуа, анкетен прашалник и анализа на содржина. Добиените резултати се

анализирани со би-варијанта анализа и табеларно прикажувани се податоците и вредностите со бројки и проценти.

Овој труд е од теориско-истражувачка природа за кој се користени неколку општи научни методи, но и посебни политичко-аналитички методи преку кои дојдов до потребните сознанија. Со користењето на повеќе методи се стекнуваат посигурни сознанија.

Преку методолошкиот приод дојдов до одредени податоци во врска со примената на етичките стандарди во изборниот процес во Република Македонија. Од таканаречените квалитативни методи, употребено е полуструктуираното интервју, преку кое се здобив со сознанија за ставовите на одредени лица од Државната изборна комисија на Република македонија и неколку личности од политичкиот живот на Република Македонија.

## 1.2. Методи и инструменти на истражување

### 1.2.1. Методи на истражувањето

Тргнувајќи од целта и задачите на истражувањето, сложеноста на проблемот, како и структурата на испитаниците во истражувањето ќе бидат применети следните методи:

- Анализа на содржина на Етичкиот кодекс за фер и демократски избори (2016) и анализа на претходно користените и потпишани етички кодекси за фер избори.
- Анализа на содржина на документите (документацијата), односно на извештаите од страна на ДИК и меѓународни наблудувачи по однос на реализирањето на процесот на изборите;
- Анкетата за испитување на ставовите и мислењата на испитаниците за влијанието на почитување на морални норми и вредности и ставовите на избирачите по однос на практикување на етички стандарди за однесување во изборниот процес;
- Интервјуирањето ќе ни овоможи добивање продлабочени сознанија од учесниците за нивната општа подготвеност за доследна примена на етичко однесување и евидентирањето на настаните каде што се прекршени моралните норми при изборна кампања.

### 1.2.2. Инструменти на истражувањето

Во ова истражување се користат следниве инструменти на истражување:

- **Протокол за квалитативна и квантиративна анализа на содржина на документи:** Анализа на содржина е флексибилен метод за анализа на ралични видови на текстуален материјал – зборови, слики, симболи, идеи, теми, пораки во книги, статии, реклами, говори, официјални документи, аудио-визуелен материјал, облека, уметнички дела. Анализа на содржина е истражувачка техника за објективен, систематски и квантитативен опис на манифестираната содржина на комуникација (Berelson, 1952: 18). Друга, добро позната и очигледно слична дефиниција е следнава: Анализа на содржина е која било техника за изведување заклучоци со објективно и систематско идентификување на специфицирани карактеристики на пораките (Holsti, 1969: 14). Според Ален Брајман, двете дефиниции упатуваат на две својства: објективност и систематичност(Brajman, 2015). Анализа на содржина е еден пристап кон анализата на документите со којшто се настојува да се квантикува содржината во смисла на однапред утврдени категории, на систематичен начин и на начин што може да се повтори.  Истражувачот може да споредува содржина од повеќе текстови во различни медиуми и да анализира и квантифицира одредени аспекти. Може да се користи за откривање на аспекти кои не се очигледни.

  На објективен начин се доаѓа до прецизни податоци – овозможува проверка на резултатите за одреден текст.

- **Водич за разговор при интервјуа:** Идејата за водич за интервју е многу помалку прецизна отколку претставата за планот за структурирано интервју. Всушност, терминот може да се однесува на кратка листа на сугести за присетување на областите при неструктурираното интервјуирање или да се

однесува на малку поструктуриран список  на проблеми или прашања што треба да се обработат и да се одговараат со полуструктурираното интервјуирање.

- **Интервјуа:** Истражувачкото интервју е истакната стратегија за собирање податоци и во квантитативното и во квалитативното истражување. Луѓето споделуваат заеднички искуства кои може да се артикулираат - мислењето на секој човек е валидно – демократизација на мислењата; Интервјуата овозможуваат увид и разбирање на животите и искуствата на луѓето; Врската истражувач – испитаник – формални улоги кој поставува прашања и кој одговара- наспроти дијалог пр. усна историја; Испитаниците како извор на знаење – кој може да се вклучи или исклучи со вистински прашања.

**Структурирано интервју**

Ригидна процедура – исти прашања за сите испитаници, ист редослед.

Ригидноста произлегува од претпоставката дека грешката во мерењето произлегува од методот и недостатокот на тренинг на интервјуерот.

Целта е да се овозможи ист третман на сите испитаници на тој начин разликите во одговорите се смета дека ќе произлегуваат од мислењата на испитаниците.

Ја следат логиката на квантитативните истражувања.

Проблем – социјално пожелни одговори. Се решава делумно со внимателно поставување прашања.

Усен прашалник  - може да има затвроени прашања, со понудени одговори, користење на протокол за изведување на интервјуто.  Брза и ефикасна процедура;

Се користи за политички истражувања и истражувања на пазарот – комерцијални цели.

Се внимава многу на креирањето прашања – методичноста и логиката. се избегнуваат дупли прашања –кои бараат повеќе од еден одговор.

Ограничувања – проблем со интерпретирање на значењата за некои податоци добиени од испитаниците, се превидува длабочината и комплексноста на искуствата на испитаниците.

**Неструктурирано интервју**

Отворени интервјуа -овозможуваат флуидна интеракција меѓу истражувачот и испитаникот.

Нема однапред подготвена листа прашања, туку се поставуваат прашања кои произлегуваат од разговорот и одговорите на испитаникот во врска со темите кои се релевантни за истражувањето.

Разговор, неформален.

- **Анкетен прашалник**

Анкета претставува испитување преку пишан прашалник, а со оглед на начинот како се формулирани прашањата, може да биде стандардизирана (кога се дадени одговори во алтернативи), и нестандардизирана (без одговори и алтернативи), со отворени прашања. Прашалниците што ги пополнуваат испитаниците самостојно и структурираното интервју се едни од главните инструменти за собирање податоци. Прашалниците испратени по пошта или по електронска пошта се веројатно најчеста форма за собирање податоци. Честопати се користи терминот прашалник за самостојно пополнување. Со прашалникот за самостојно пополнување, испитаниците одговараат на прашањата така што самостојно го пополнуваат прашалникот. Како метод, прашалникот за самостојно пополнување може да се јави во неколку различни облици. Веројатно најзабележливиот од овие облици е прашалникот по пошта или прашалникот по е - пошта. Постои значаен пораст на бројот на анкети што се реализираат онлајн, анкети реализирани преку е-пошта и анкети реализирани преку мрежата (веб-

анкети). Во првиот пример, прашалникот му се испраќа на испитаникот преку е-пошта, додека пак, со веб-анкетата, испитаникот се насочува на одредена веб-локација, за да одговори прашалникот. Важно е да се прави разлика меѓу вметнати и анкетни прашалници приложени на е-пошта. Кај вметнатиот прашалник, прашањата се наоѓаат во основната порака на е-пошта. Главната предност на вметнатиот прашалник е што на испитаникот ќе му биде полесно да му го врати на истражувачот, а за неговото пополнување е потреба помала стручност за работа со компјутер.

## 1.3. Примерок и дизајн на истражувањето

Со цел да се добие реална слика, за тоа, како се спроведува процесот на изборите, ќе биде направено емпириско истражување. Емпириското истражување ќе се реализира со примерок кој опфаќа над 1000 анкетирани полнолетни граѓани на Република Македонија на возраст 18+ години. Се користени истражувачките методи за коишто е потребно користење на мрежата и на онлајн комуникациите, како што е е-пошта како платформа за собирање на податоци од лица. Во ова квалитативно истражување се употребени лични интервјуа, општествени онлајн анкети и прашалник за самостојно пополнување испратени по е-пошта.[21]

RR (Response Rate - стапка на прифаќање на интервју се пресметува според формула за релациите помеѓу посетени адреси, остварени контакти со граѓаните, според стандардна процедура, во рамките на планираниот примерок и комплетирани интервјуа. Добиените резултати статистички ќе се обработат и ќе се презентираат во табели и графикони.

Во текот на организацијата и истражувањето бара техничка администрација, како и методолошка организација. Реализираната студија со истражувачката метода се трудови кај кој повеќе се употребува со анкетниот прашалник (Musa, 2006). Пишувањето на

[21] Види: "Употребата на интернетот за собирање податоци од индивидуи" стр.658-665, од Методи на општественото истражување, од авторот Ален Брајман, преведено на македонски јазик од Ружица Цацаноска, издавач: Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, 2015 г.

научниот труд е завршната етапа во истражувањето на некој проблем. Собраниот материјал, направените белешки треба да се сортираат, да се систематизираат и со интензивно размислување, да се поврзат со сопствените согледи и ставови во една логична, флуентна и кохерентна целина. Без тоа, истражувањето не би ја остварило својата цел, не би било успешно доведено до крај или пак, како што вели Шамиќ, би било цел по себе (Šamič, 2010). Способноста, јасно и прецизно, да се каже или да се напише она што се мисли, е многу битна комуникациска вештина. Научниот труд е една од најзначајните форми на писмено комуницирање (Панзова, 2003). Во првата фаза спаѓа дистрибуцијата на прашалниците, после следува собирање и анализа на добиените податоци и нивната систематизација. И на крај следува изнесување на сознанијата до кои е дојдено. Сето ова опфаќа период околу шест месеци. На испитаниците во истражувањето им е загарантирана анонимноста. Побарана е, и однапред е добиена, усмена согласност за интервјуирање. При формалната и логичка контрола, секој нецелосен (или делумно пополнет/одговорен) прашалник не се обработува. Добиените прашалници се обработени со статистичкиот програм на податоци, SPSS 16.0 (Statistical Package for Social Sciences). За потврдување или отфрлање на хипотезите ќе се користи статистика на корелација, зависно од видот на ариметричките средини со кои се претставува вариаблата. При обработка на податоците ќе се користи коефициентот на корелацијата на Пирсон. За потврдување на разликите меѓу испитаниците, зависно од која релевантна варијабла се споредува ќе се користи: аритмертичка средина, стандартна девијација, Т-тестот, АНОВА и анализа на варианса или Ф-кофициентот. Добиените резултати од ова истражување ќе бидат прикажани и со графикони. Конзистентно со поставените истражувачки прашања и цели, истражувањето се определува со две основни истражувачки цели:

1. да се испита и утврди кои аспекти на етиката и во колкав обем се употребуваат во успешните избори и
2. да се испита односот на варијаблите на етичките принципи од Кодексот за фер и демократски избори и успешен изборен процес, поточно да се утврди кои варијабли и во колкав степен остваруваат значајна меѓусебна поврзаност (корелација).

Применета е квантитативна (статистичка) техника и процедура на собирање и анализирање на податоците. Во истражувањето се користени примарни и секундарни извори на податоци. Примарни податоци се добиени од прашалниците, кои се соодветно електронски дистрибуирани до испитаниците. Како секундарни податоци се користени публикувани, јавно достапни податоци за изборниот процес, податоци од Државна изборна комисија, други субјекти кои објавуваат публикации и извештаји кои се поврзани со изборниот процес.

Дизајнот на истражувањето и креирањето на инструментите се базира на:

- претходни емпириски истражувања и веќе развиени инструменти од страна на најзначајните истражувачи на примена на етичките стандарди во изборниот процес.
- опсервации, искуства, согледувања и наоди на авторот за спецификите на истражуваните варијабли во македонски контекст (национална и политичка култура, етичноста во избори, општествени прилики).

# IV - ЧЕТВРИ ДЕЛ

## 1. Хипотетска рамка

### Хипотези на истражувањето

Хипотезите се: специфично тврдење во облик на предвидување, кое доведува во врска најмалку две варијабли; предвидениот одговор на истражувачкото прашање; „едуцирана претпоставка“ што се базира на претходно знаење, опсервација како причина на одреден феномен. Поставувањето на хипотезите, односно нивната верификација би довеле до нови научни сознанија за предиктивно следење на определен изборен процес, како и за однесувањето на сите учесници во истиот. Хипотезата дава одреден фокус во истражувањето; овозможува тестирање на релацијата помеѓу две варијабли; дава насока на истражувањето; овозможува да се потврди или отфрли одредена релација меѓу варијаблите; ни дава рамка за известување на наоѓањата, нивно организирање, сумирање и објаснувањата што произлегуваат од нив. За што поуспешно проучување на предметот на оваа истражување, хипотезите се поставени на три нивоа: општа хипотеза, посебни и поединечни хипотези. Во основата на истражувањето е претпоставката за можната корелација помеѓу независните варијабли, определени како етички принципи од Кодексот за фер и демократски избори и зависната варијабла, определена како реализирање на успешен изборен процес. Според поставените цели на истражувањето, се испитуваат следните хипотези.

### 1.1.Генерална хипотеза

**Доследното почитување на етичките принципи од Кодексот за фер и демократски избори од страна на политичките субјекти суштински или значително ќе придонесе за реализирање на успешни избори.**

Коментар на генералната хипотеза - Етичките принципи се конструкт, составен од повеќе димензии. Се претпоставува дека поширокaта примена на секоја димензија одделно и независно од страна на политичките субјекти, е во значаен однос со изборниот процес, односно реализирање на успешни избори. Истовремено, се претполага дека ваквата поврзаност меѓу испитуваните варијаблите се остварува кога успешноста на изборите се мери и преку објективни индикатори и преку субјективна перцепција на индикаторите на успешноста.

Според тоа, се определени посебните и поединечните хипотези.

### 1.2.Посебни хипотези

1. **Почитувањето на сите релеванти закони, правила и прописи на Република Македонија за изборите ќе придонесе за релаизирање на успешни избори,** а тоа се: 1) општа прифатеност на изборните правила, 2) изборни правила кои ќе гарантираат еднаквост на сите натпреварувачи, 3) изборни единици кои гарантираат еднаквост на избирачкото право, 4) реален избирачки список, 5) еднаков пристап на кандидатите до медиумите во текот на кампањата, 6) непостоење злоупотреба на буџетски средства за кампања на одредена политичка партија, е во статистичка значајна корелација со реализирање на успешни избори.

2. **Почитувањето на владеењето на правото при организирање и спроведување на изборите ќе придонесе за успешни избори,** а тоа се: 1) Кодексот на однесување за слободни и фер избори повикува на почитување на

законите, правилата, прописите и добрите пракси поврзани со изборите, 2) критичка свест на јавноста за однесувањето на политичките партии и политичарите, 3) точно, непристрасно медиумско покривање на изборните кампањи и денот на изборите, 4) ефикасно, непристрасно и транспарентно работење на Државната изборна комисија, и 5) професионално однесување на полицијата и органите на обвинителството, е во статистички значајна корелација со реализирање на успешен изборен процес.

3. **Почитувањето на интегритетот на вработените во јавната и државна администрација, како и другите институции и установи финансирани од Буџетот на РМ, буџетите на општините и Градот Скопје, како и во трговските друштва и претпријатија со државен капитал ќе придонесе за релаизирање на успешни избори,** а тоа се: 1) притисок или обид за притисок врз вработените на јавната и државната администрација од кандидатите или преставници од политичките партии на изборите, 2) притисок или обид за притисок врз вработените во институции и установи финансирани од Буџетот на РМ, буџетите на општините и Градот Скопје од кандидатите или преставници од политичките партии на изборите, 3) притисок или обид за притисок врз вработените во трговските друштва и претпријатија со државен капитал од кандидатите или претставници од политичките партии на изборите, е во статистички значајна корелација со реализирање на успешни избори.

4. **Почитувањето на интегритетот на секој граѓанин нема да биде предмет на било каква закана во однос на вработувањето и социјалната сигурност како резултат на нивно подржување или неподржување на било која политичка партија или кандидат ќе придонесе за реализирање на успешни избори,** а тоа се: 1) закана во однос на вработувањето како резултат на нивното поддржување или неподржување на било која политичка партија или кандидат на изборите, 2) предмет на закана во однос на социјалната сигурност како резултат на нивното подржување или неподржување на било која политичка

партија или кандидат на изборите, е во статистички значајна корелација со реализирањето на успешни избори.

**Успешни избори,** изборен процес прифатлив за сите кандидати и политички партии, каде се почитуваат општите правила и закони за изборите, нема притисоци и закани на вработените од било која политичка партија или кандидати, се почитуваат правилата и етичките принципи на Кодексот за фер и демократски избори.

### 1.3. Поединечни хипотези

- Со континуирано следење и примена на етичките стандарди од кандидатите на изборниот процес, се поттикнува нивната доверба, лојалност и разбирање кај избирачите.
- Почитувањето на стандардите за етичко однесување поттикнува кај кандидатите поголема одговорност и сериозност кон политичките процеси.
- Неетичкото однесување поттикнува негативни чувства и лоши односи меѓу кандидатите и гласачите, со што се намалува интерсот кај учесниците, особено кај оние што се поактивно вклучено во изборите.
- Примена на етичките стандарди може значајно да влијае врз развивањето на патиципативната политичка култура кај избирачите.
- Електронското гласање ќе придонесува за примена на етичките стандарди во изборниот процес во РМ.
- Во големите градови повеќе се применуваат етичките стандарди во изборниот процес за разлика од селските средини и малите градови во РМ.
- Учесниците од женскиот пол повеќе ги применуваат етичките стандарди во изборниот процес.

### 1.4.Истражувачки прашања

Истражувачките прашања се основата на интервјуто. При подготовката на овој истражувачки инструмент се поаѓа од следниве истражувачки прашања, добиени на основа на анализа на секундарната база на податоци:

- Како експертите и испитаниците го поимаат и перципираат Етичкиот кодекс, етичкото и изборното однесување?
- Кои се целите на Кодексот за фер и демократски избори во изборниот процес и како се вреднува Кодексот на последниве избори?
- Како и колку се имплементираат Кодексите ... и стандардите за етичко однесување воопшто во општествената заедница и посебно во изборите?
- Каква е општо улогата и функцијата на етичките комитети или слични тела (комисии) во сферата на етиката, а посебно каква при имплементирањето на етичките кодекси?
- Какво е влијанието на Кодексите за развивање на политичката култура? (во овој контекст ќе се разгледува и типот на партиципативна политичка култура)
- Колку се промовираат моралните вредности (етичките стандарди во изборите) во изборните кампањи и каква е во тој контекст улогата на политичарите?
- Колку почитувањето на етичките стандарди од страна на учесниците (избирачите и кандидатите) придонесува за доверлив, легитимен и кредибилен изборен процес?
- Колку е развиена политичката култура кај учесниците во изборниот процес во Република Македонија?

# ЕМПИРИСКИОТ ДЕЛ

## 1.Основни податоци за истражување

### 1.1. Опис на примерокот на истражувањето

Во овој труд, станува збор за нацрт на пресечно истражување (Bryman, 2012), во кој за собирање на емпириски податоци се користат следниве истражувачки методи: осум полуструктурирани интервјуа (Bryman, 2012: 468-498) преку е-пошта, како и четири полуструктурирани интервјуа лице во лице, а воедно се прави и анализа на содржината (Bryman, 2012: 288-308) на поместените информации за активностите, за коишто се информира на веб страната на ДИК и државните институции во Р. Македонија, посветени на изборите, односно на Влијанието на имплементацијата на етичките стандарди врз изборниот процес во Република Македонија. Собраните емпириски податоци се рачно обработени. Во примерокот за интервјуирање учествуваа експерти, кои однапред се согласија да ги споделат своите информации, размислувања, ставови и забелешки. Би напоменал и дека бавно и тешко се стигнуваше до поединечни личности-експерти, коишто би сакале да бидат интервјуирани за оваа тема. Дел од нив се оправдуваа дека, немаат слободно време, но оние што прифатија беа експерти од полето на општествени науки, и тоа: политички науки, етика, правни и социологија, коишто имаа познавање на темата. На личностите, пред да бидат интервјуирани, им беше гарантирана анонимноста (секако авторот на трудот ги знае и ги има оделени одговорите на сите интервјуирани). Сите кои беа интервјуирани се согласија да бидат интервјуирани, а интервјуираните лица, лично, ги имам и снимани. Интервјуата се реализирани во текот на месец октомври (2018 година), од страна на истражувачот на овој труд.

Исто така во овој труд се користи и квантитативно истражување. Квантитативното истражување се користи кога треба, да се измери нешто, димензиите или тежината на истражувачкиот проблем, појава; податоците се изразени нумерички; дава можност за генерализација и добивање генерализирана слика. Изборот на истражувачката стратегија е условен од поставените цели на истражувањето. Стратегијата анкетирање е прифатена од причина што овозможува најдобар одговор на истражувачките прашања и постигнување на поставените цели. Анкетирањето дозволува собирање голема количина податоци од примерокот на дадена популација преку прашалници кои се дистрибуираат до

примерокот. Популацијата во истражувањето се 1125 испитаници во Република Македонија, во 2018. Дистрибуцијата на прашалниците се одвиваше во ноември, 2018, преку електронска пошта и сите други социјални канали за комуникација.

Пред да поминеме на резултатите на ова истражување, мислам дека е корисно да давам некој општи податоци околу испитаниците.

**Табела бр.1 Пол**

**Пол**

| **Варијабли** | | **Фреквенција** | **Процент** | **Валиден процент** | **Кумулативен процент** |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Машки | 598 | 53,2 | 53,2 | 53,2 |
| | Женски | 527 | 46,8 | 46,8 | 100,0 |
| | Вкупно | 1125 | 100,0 | 100,0 | |

Од табелата може да се види дека приближно половина (598) од испитаниците во примерокот припаѓаат на машки пол, односно 53,2 % од вкупниот број, а 527 или 46,8% од женски пол. Процентуалниот удел на двата пола во примерокот е прикажан на слика 1.

**Табела бр.2. Возраст**

**Колку години имате?**

| | | |
|---|---|---|
| **N** | Valid | 1125 |
| | Missing | 0 |
| **M** | | 38,91 |
| **Медиана** | | 37,00 |
| **Мод** | | 35 |
| **SD** | | 11,174 |
| **Минимум** | | 18 |
| **Максимум** | | 73 |

**Табела бр.3. Националсност, На која националност припаѓате?**

| Варијабли | | Фреквенција | Процент | Валиден процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Македонска | 422 | 37,5 | 37,5 | 37,5 |
| | Албанска | 588 | 52,3 | 52,3 | 89,8 |
| | Турска | 48 | 4,3 | 4,3 | 94,0 |
| | Ромска | 12 | 1,1 | 1,1 | 95,1 |
| | Влашка | 10 | ,9 | ,9 | 96,0 |
| | Српска | 18 | 1,6 | 1,6 | 97,6 |
| | Друга | 27 | 2,4 | 2,4 | 100,0 |
| | Вкупно | 1125 | 100,0 | 100,0 | |

Како што се гледа од табелата, поголемо учество со национално припадност во ова научна анкета имаат: албанците (588) со 52.3% и македонците (422) со 37.5%), додека помало учество има турци (48) со 4.3%, срби (18) со 1.6 %, роми (12) со 1.1%, власи (10) со 0.9 и дуга припадност (27) со 2.4%.

**Табела бр. 4. Степен на образование**

| Варијабли | | Фреквенција | Процент | Валиден процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Незавршено основно образование | 3 | ,3 | ,3 | ,3 |
| | Основно образование | 27 | 2,4 | 2,4 | 2,7 |
| | Средно образование | 137 | 12,2 | 12,2 | 14,8 |
| | Више образование | 82 | 7,3 | 7,3 | 22,1 |
| | Високо образование | 575 | 51,1 | 51,1 | 73,2 |
| | Магистратура | 226 | 20,1 | 20,1 | 93,3 |
| | Докторат | 75 | 6,7 | 6,7 | 100,0 |
| | Вкупно | 1125 | 100,0 | 100,0 | |

Од табелата бр. 4. може да се види дека најголем процент од испитаниците (51.1%) или 575 се со високо образование, следува со пост-дипломски или магистратура со 226 испитаници (20.1%), со средно образование 137 или 12.2%, со виша образование 82 или 7.3%, со завршено докторски студии вкупно се 75 или 6.7% и најмал процент се со завршено основно образование 27 или 2.4% односно со незвршено основно образование се само 3 испитаници или на процент 0.3%.

**Табела бр.5. На која вероисповед/конфесија припаѓате?**

**На која вероисповед/конфесија припаѓате?**

| **Варијабли** | | **Фреквенција** | **Процент** | **Валиден процент** | **Кумулативен процент** |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Православна | 390 | 34,7 | 34,7 | 34,7 |
| | Исламска | 641 | 57,0 | 57,0 | 91,6 |
| | Католичка | 28 | 2,5 | 2,5 | 94,1 |
| | Евангелско-методистичка | 10 | ,9 | ,9 | 95,0 |
| | Еврејска | 8 | ,7 | ,7 | 95,7 |
| | Друга | 10 | ,9 | ,9 | 96,6 |
| | Не знам, не би можел да кажам | 5 | ,4 | ,4 | 97,1 |
| | На ниту една | 33 | 2,9 | 2,9 | 100,0 |
| | Вкупно | 1125 | 100,0 | 100,0 | |

Од табелата бр. 5. може да се види дека најголем процент од испитаниците (57.0%) или 641 се со исламска вероисповед, следува православна со 390 испитаници (37.7%), на ниту една религија се 33 или 2.9% и со најмал број се од еврејска вероисповед со 8 или 0.7%.

**Табела бр. 6 Учество на субјектите според категории**

| **Категорија** | | **Број на субјектите** | **%** |
|---|---|---|---|
| **Пол** | Машки | 598 | 53,2 |
| | Женски | 527 | 46,8 |
| **Материјална состојба** | Многу лоша | 13 | 1.2% |
| | Лоша | 136 | 12.1% |
| | Средна | 633 | 56.3% |
| | Добра | 261 | 23.2% |
| | Многу добра | 82 | 7.3% |
| **Место на живеење** | Рурално (село | 371 | 33,0% |
| | Урбано (град) | 754 | 67,0% |
| **Својот живот сте го поминале во:** | помалку од 1.000 жители | 106 | 9,4% |
| | од 1.000 до 10.000 жители | 301 | 26,8% |
| | од 10.000 до 50.000 жители | 271 | 24,1% |
| | од 50.000 до 100.000 жители | 191 | 17,0% |
| | повеќе од 100.000 жители | 256 | 22,8% |

Како што се гледа во табелата бр.6, анкетираните испитаници во ова истражување се поделени според категориите: пол, материјална состојба, место на живеење и место на живеалиште според големината на жителите. Според категоријата пол имаме поголем број од машки пол и тоа 598 со 53.2%, додека понежниот пол 527 испитаници или 46.8%. Според категоријата материјална состојба имаме поголем број со средна материјална состојба со 633 или 56.3%, следува добра со 261 или 23.2% и помал број се со многу лоша со 13 или 1.2%. Според категоријата место на живеење поголем број се испитаници кои живеат во урбано место, 754 или 67.0%, додека помал број во рурално место 371 или со 33.0%. Според категоријата големина на бројот на жители поголем број од испитаниците се од живеалишта од 1.000 до 10.000 жители и тоа 301 или 26.8% , додека помал број се испитаници кои живеат во место со помалку од 1.000 жители. Местото на живеење игра голема улога во формирањето на ставови и индивидуалните однесувања.

## 1.2. Истражувачки постапки и мерни инструменти

Собирањето на примарните податоци се базира на оперативните методи испитување на субјекти и проценување/просудување и истражувачките постапки анкетирање и скалирање. Според овие постапки, е дизајниран прашалник кој како мерен инструмент, содржи анкетни прашања и скали на судови/проценки(Bekteshi, 2005).

Инструментот е насловен како Прашалник, е составен од пет дела. Првиот дел има за цел, да собере општи податоци за испитаникот, вториот дел содржи прашања на ставови кон јавните случувања, третиот и четвртиот дел содржат прашања, коишто следуваат на изборите воопшто, односно на **ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС И ЕТИЧКОТО ОДНЕСУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**, а петтиот дел содржи прашања за улогата на етичкото однесување во изборниот процес и посебно се мери и се вреднуваат оставките на членовите на ДИК во Р.Македонија.

Во првиот дел, насловен како Општи податоци за статистички потреби, се поместени 8 прашања, кои се однесуваат на демографскиот аспект, и тоа: полот, возраста, националниот припадност, степен на образование, вероисповед, материјална состојба, место на живеење и големината на живеалиштето според бројот на жителите.

Втор, трет, четврт и петти дел од Прашалникот, се состои од прашања и скала на ставови. Во создавањето на инструментот (скала на ставови) се тргна од различните инструменти кои се применети во општествените истражувањата (Брајман, 2015).

Ставките (ајтемите), во поголем дел се селектирани и преземени од употребните постоечки инструменти во студиите, а потоа преведени и прилагодени за потребите на истражувањето во Р.Македонија. Ликертовата скала со која се мери фреквенција на примена на одредена димензија, во опсег од 1-5, што е и најчеста пракса во мерењето преку скали (каде е 1 - никогаш, 3 - понекогаш, 5- секогаш). Исклучок е направен во мерењето на некои димензии.

### 1.3. Постапка

Во почетниот дел на прашалникот стои попратен текст во кој истражувачот се идентификува себе си и ја објаснува намената на прашалникот, придонесот на испитаникот, како и етичката одговорност на истражувачот за загантирана анонимност и злоупотреба на податоците. На крајот се ставени и податоци за контакт со истражувачот, заради можни понатамошни истрашувања.

Прашалниците се доставени и вратени по електронска пошта. Поставувањето на прашалниците на интернет и нивно пополнување on-line .

Вкупната популација изнесува 1125 анкетирани лица на возраст над 18 години. Прашалниците се дистрибуирани во период од октомври до ноември 2018 година, на цела територија на Р.Македонија.

Внесувањето и обработката на податоците се направени на посебна програма за општествени науки, оргинално именувана како Statistical Program for Social Sciences (SPSS).

Статистичката анализа на податоците се направи со следните статистички операци:

- За дескриптивната анализа:
  -аритметичката средина (M);
  -стандардно отстапување (SD);
  -Пирсонов коефициент на корелација (Pearson's correlation);
  -утврдување на статистички значајни разлики меѓу аритметички средини во две групи (T-test);
  -утврдување на статистички значајни разлики меѓу аритметичките средини на повеќе различни групи - Анализа на варијанса АНОВА (ANOVA) .

# V - ПЕТИ ДЕЛ

## 1.Анализа и интерпретација на резултатите од квалитативното истражувањето (интервјуа) и од квантитативното истражување (анкетирање)

При реализирањето на емпирискиот дел на истражувањето, собрани се многу податоци, но во овој труд се вклучени само резултатите кои директно се однесуваат на истражувачките прашања, поточно кои директно кореспондираат со конкретизираниот предмет на истражување. Извореден број на податоци се добиени и преку интервјуата. Прикажувањето на емпириските податоци се води според посебна анализа, базирана на направениот водич, кој е конципиран според главните истражувачки прашања. При прикажувањето на резултатите, како истражувач, сметав дека со цел да се доловат ставовите и размислувањата на експертите, треба што е можно повеќе, нивните одговори и дискусии да се изнесат во форма на цитати. Според предложените хипотези во истражувањето се претпоставува и се испитува постоење на статистички значаен позитивен однос на истражуваните варијабли, определени како етички принципи од Кодексот за фер и демократски избори и успешни избори, определи врз основа на два критериума: дали се слободни и дали се фер. За вреднување на изборите како слободни и фер, потребно е да бидат исполнети повеќе услови во трите фази на изборниот процес: пред денот на изборите, на денот на изборите и по денот на изборите (Тренеска-Дескоска, 2012). Најважни услови што треба да бидат исполнети на денот на изборите, за тие да се сметаат за слободни, се: - слобода на избирачите да го дадат својот глас без закани, притисоци, уцени и без поткуп - тајност на гласот. Најважни услови што треба да бидат исполнети на денот на изборите, за тие да се сметаат за фер, се: - ефикасен и непристрасен дизајн на избирачките ливчиња - пристап на акредитираните набљудувачи и на овластените претставници на кандидатите на сите избирачки места, како и можност да се следи работата на изборните органи - спроведување на гласањето на начин пропишан со закон - транспарентен процес на броење на гласовите - јасен критериум за оценување на важноста на гласачкото ливче - соодветни мерки за транспорт на избирачкиот материјал - соодветна заштита на избирачките места (Тренеска-Дескоска, 2012). Добиените резултати се интерпретираат од различни аспекти, а според поставените цели на истражувањето. Во

првиот дел се дава дескриптивна анализа на варијаблите и нивна внатрешна корелација. Во вториот дел се тестираат хипотезите, а во третиот дел се интерпретираат добиените резултати од тестирањето и се докажуваат хипотезите.

### 1.1. Дескриптивна анализа на истражуваните варијабли

На почетокот, покрај воведното запознавање на испитаниците со темата, насоките и целта на интервјуирањето, учесниците - експерти одговориле на 1, 2, 3 и 4-то прашање од листата на прашалникот за интервјуа и наведоа дека Етичкиот кодекс е систематизиран збир на релативно прецизно формулирани морални норми на еден одреден морал, утвреден со пишан акт, изготвен од луѓе кои се претставници на одредена група. Кодексите се битен механизам, што организациите можат да го употребат, како средство, што ќе ја сигнализира етичката насока во организацијата, односно, Кодексот за фер и слободни избори се поима како внесување на духот на почитта кон политичката поинаквост, стремеж за културно однесување, ненасилство, и на следбениците на една политичка опција и на лидершипот, политичка култура во медиумите и во преставување и опишување на конкурентите за рационален пристап во дебати, објективна интерпретација на резултатите, признавање на гласот или вердиктот на народот. Етичко однесување е признавање на личните грешки на субјектот, немешање во скандали, неманипулирање со гафовите на конкурентот, јазик на телото и тон кој не вклучува насилност, екзактна проверка на податоците пред настап, давање на оставка заради нереализирани ветувања, почит кон диверзитетот на мисли и ставови внатрепартиски и вонпартиски, совесно користење на буџетот на институциијата (од сектор, па до министертства), семејност (самоцензурирање на либидалноста), активно членување во заедницата (сплотување со избирачите, секојдневно), борба против корупцијата и непотизмот, меритократија во изборот на кадри итн.

Изборното однесување претставува сé, што е пропишано со устав и закон претставува изборно однесување. На пример: Фер натпревар, без навреди, без понижувања, омаловажувања, неподигнување на тензиите, одбегнување на национализам и расизам во дискурсот, јавно дистанцирање од екстремни истапи на поединци или субјекти. Имаме и такви одговори од учесниците како на пр. „*Етичкиот кодекс*

*претставува правилник на морални принципи, според кои се регулира индивидуалното и колективното однесување на луѓето, обезбедувајќи висок степен на препознавање и разликување на доброто и лошото“,* или *„Кодекс за фер и слободни избори претставува пишан документ, кој се однесува на професионалното однесување, според кој ќе се организираат и спроведуваат избори по највисоки меѓународни стандарди“.* Исто така експертите го дефинират кодексот за фер и слободни избори како: *„ Кодексот за фер избори претставува почитување на принципите на демократијата и законските прописи кои се однесуваат на изборите со исполнување на највисоките меѓународни стандарди***“.**

Додека за етичкото однесување имам добиено разни одговори, сметам дека се важни да ги цитирам некои од нив, на пр. *,,Почитување на воспоставени правила и норми на однесување, поседување морални принципи, чесност и одговорност. Почит на итегритетот, слободата и правото на луѓето. Неетичко е спротивното на гореспоменатото“,* или *„ Етичкото однесување во општо се морални правила кои доаѓаат до израз во почитувањето кон другите личности пред сѐ во однос на нивниот морален интегритет. И обратното, за неетичкото однесување однесување... -уцена и навредување врз база на некои лоши својства на ликот на личноста“.* Исто така, имам добиено и разни одговори во врска со изборното однесување, почнувајќи од тоа дека: *„ Начин на однесување на активните избори актери, односно политичките субјекти во изборен процес, од една страна, но и од самите граѓани како важен елемент во самиот процес*“ или *„ изборно однесување е почитување на правилата кои се усвојени за слободни и фер избори“, ,,Изборното однесување претставува почитување на нормите на изборниот законик, пишани и непишаните правила кои опфаѓа изборниот законик и повеќе од тоа“.*

**На прашањето колку се промовира кодексот во политичките кампањи?**

Од добиените одговори кога ги анализирав заклучив дека експертите истакнуваат дека кодексот не е промовиран колку што треба од страна на политичките партии. *,,Не се промовира колку што треба. Самите партии треба по митинзите да делат флаери со пораки за етичност.“* или *„ мислам дека не е доволоно и содветно промовитан етичкиот кодекс и треба да се работи на промовирање на истиот.“*или *„ Според досегашната пракса не доволоно се промовира е.к. и ова е еден од причините што*

*уште не сме поставиле добар фундамент на демократијата и не сме придонесле доволно за градењето на довербата во изборниот процес.“*-одговорија експертите. Исто така имам добиено и еден одговор многу значаен за ова дискусија и затоа ќе го цитирам во ова истражување. *„Мислам дека се претерува со изборните кампањи, луѓето веќе знаат кои се главните цели во политиката и нема потреба да се фрлаат многу пари... во изборните кампањи може да се примети несфаќање и неспроведување комплетно на кодексот за фер и слободни избори. Тоа е знак не само за слаба етика во животот, туку и за недоволна етика во политичкото дејствување, - може да смени партија, ама пак да остане пратеник, корупција, оплаќање на пратениците, овие појави ги имаме кај нас и тоа е срамно, и тоа не е фер, а фер значи правилно“.*

Во продолжение се дава опис на секоја од истражуваните варијабли одделно, почитување на етичките принципи од Кодексот за фер и демократски избори и успешни избори, и се утврдува нивната внатрешна корелација, поточно се прикажува како секоја од определените димензии корелираат меѓусебно - меѓу варијаблите на принципите на кодексот за фер и демократски избори и меѓу варијаблата на успешни избори. Понатаму, се испитува нивното влијание врз истражуваните варијабли.

### 1.2. Односот на испитаниците кон јавните случувања

Во вториот дел од прашалникот се поместени 5 прашања, а се однесуваат на податоци од политичката сфера, како: интересот за политика, како се дискутира и се реагира за политика, учество на избори и нивните убедувања и членство во политички партии.

На вака дефинираните проблеми се обидувале да најдат одговор Платон („Држава“) и Аристотел („Политика“), во оној момент кога впрочем настанува и кризата на елинистичкиот свет и за првпат се раѓа политичката филозофија. По вторпат, истата потреба, ќе се јави кога ќе дојде во криза Римското царство и ќе треба да се одбрани тогаш роденото христијанство. Тоа ќе го стори Августин („За царството Божје“), создавајќи ја политичката филозофија на христијанството. Кризата на христијанската политичка филозофија ќе доведе до настанување на модерната држава: Николо Макијавели

(„Владетелот“); Томас Хобс („Левијатан“); Томас Мор („Утопија“); Шарл Монтескје („Духот на законите“); Жан Жак Русо („Општествениот договор“); Џон Лок („Две расправи за владеењето“). Кризата на модерната држава ќе ја создаде политичката филозофија на Хегел и Маркс. Едноставно кажано, секогаш кога настанувала состојба, при која се губела свеста за политичките принципи, се раѓала потребата за политичката филозофија, како враќање на свеста за суштествените политички принципи. Политичката филозофија опфаќа три вида истражувања: најдобар облик на владеење или совршена република; основите на државата или политичката власт со оправдувањето (или неоправдувањето) на политичките обврски што од таму произлегуваат; важноста на политичките категории и политичкото со расправата, која претежно се однесува на разликите меѓу етиката и политиката.

Овие три верзии на политичката филозофија се презентирани како примери на почетокот на модерната епоха преку три дела кои оставиле неизбришливи траги во историјата за размислувањето за политиката: „Утопија“ од Томас Мор (1516), како нацрт за идеална република; „Левијатан“ од Томас Хобс (1651), кој тврди дека дал рационално оправдување за постоењето на државата, и затоа и универзално, а ги навел и причините поради кои неговите наредби треба да бидат извршени.

**Дали Ве интересира политиката?**

**Табела бр.5.1.**

**Дали Ве интересира политиката?**

| | | |
|---|---|---|
| **N** | Valid | 1125 |
| | Missing | 0 |
| **M** | | 3,02 |
| **SD** | | 1,110 |
| **Минимум** | | 1 |
| **Максимум** | | 5 |

**Дали Ве интересира политиката?**

| **Варијабли** | | **Фреквенција** | **Процент** | **Валиден процент** | **Кумулативен процент** |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Воопшто не ме интересира | 124 | 11,0 | 11,0 | 11,0 |
| | Сосема малку ме интересира | 200 | 17,8 | 17,8 | 28,8 |
| | Делумно ме интересира | 441 | 39,2 | 39,2 | 68,0 |
| | Ме интересира во голема мера | 250 | 22,2 | 22,2 | 90,2 |
| | Многу ме интересира | 110 | 9,8 | 9,8 | 100,0 |
| | Вкупно | 1125 | 100,0 | 100,0 | |

Од презентираните резултати прикажани во табела бр.5.1. гледаме дека поголем број од испитаниците мислат дека делумно ги интересира политиката. Од можното вреднување на нивото од 1-5 се гледа дека аритметичката средина е над потребното ниво M=3.02. Во прикажаниот графикон гледаме дека одговорите на испитаниците на повисоко ниво на просек се позиционирани на, делумно ме интересира со 29,20%, додека со помало ниво, многу ме интересриа со 9,78%. Воопшто не ме интересира, одговориле 11,02% односно 124 од вкупниот број (1125) од испитаниците.

Во ова прелиминарна анализа е тестирано само прашањето кое го мери интересот на испитаниците за јавните случувања, односно за политиката.

**Табела бр. 5.2.**

**Ве молиме да заокружите колку често и во кои од следниве ситуации дискутирате за политика?**

| **Варијабли** | **N** | **Минимум** | **Максимум** | **M** | **SD** |
|---|---|---|---|---|---|
| Дома со членовите на моето семејство | 1125 | 1 | 5 | 2,67 | 1,104 |
| Со другарите | 1125 | 1 | 5 | 2,96 | 1,109 |
| Со колегите на работа | 1125 | 1 | 5 | 2,70 | 1,159 |
| Со мојата девојка/момче | 1125 | 1 | 5 | 2,39 | 1,197 |
| Со други луѓе (соседи, познаници итн.) | 1125 | 1 | 5 | 2,46 | 1,080 |
| Valid N (listwise) | 1125 | | | | |

Според постигнатите податоции прикажани во табелата бр.5.2. од прашањето **„Ве молиме да заокружите колку често и во кои од следниве ситуации дискутирате за политика?“**, се забележува дека со највисока средна вредност (M=2.96), е ставката (ајтемот) со другарите. Со повисоки средни вредности се и дискусиите со колегите на работа (M=2.70) и дома со членовите на моето семејство (M=2.67), следува, со други луѓе (соседи, познаници итн.) (M=2.46). Вреди за забележување дека најретко дискутираат за политика со девојката или момчето (M=2.39).

Вообичаено е кога се говори за политичката култура да го имаме предвид односот на граѓанинот кон политиката воопшто, но пред се онаа актуелната за него, начинот на кој поединецот е вклучен во процесот на одлучување, неговите ставови, вредности и однесување кон овие феномени(Инцевска & Симоска, 2012).

Од овие анализи можеме да констатираме дека во македонското општество често се дискутира за политиката во секојдневниот живот во разни активности и ситуаци  со:

1.Другарите;

2.Со колегите на работа;

3. Дома со членовите на семејство;

4. Со други луѓе (соседи, познаници итн.);

5. Со девојката или момчето.

**Табела бр. 5.3.**

**Како вообичаено реагирате, кога ќе се најдете во ситуација во која луѓето околу Вас почнуваат да зборуваат за политика?**

| Варијабла | | Фреквенција | Процент | Валиден процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Речиси никогаш не слушам кога луѓето почнуваат да зборуваат за политика | 60 | 5,3 | 5,3 | 5,3 |
| | Обично слушам, но речиси никогаш не учествувам во дискусијата | 195 | 17,3 | 17,3 | 22,7 |
| | Понекогаш го кажувам своето мислење, но не често | 488 | 43,4 | 43,4 | 66,0 |
| | Обично учествувам во дискусијата и го кажувам своето мислење | 307 | 27,3 | 27,3 | 93,3 |

| **Варијабли** | **N** | **Минимум** | **Максимум** | **M** | **SD** |
|---|---|---|---|---|---|
| Би Ве замолиле да се изјасните, дали ќе гласате на следните избори? | 112 3 | 1 | 5 | 4,00 | 1,141 |
| Valid N (listwise) | 112 3 | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активно дискутирам и зборувам за политика | 75 | 6,7 | 6,7 | 100,0 |
| Тотал | 1125 | 100,0 | 100,0 | |

Според постигнатите податоции прикажани во табелата бр.5.3. од прашањето **„Како вообичаено реагирате, кога ќе се најдете во ситуација во која луѓето околу Вас почнуваат да зборуваат за политика?“** се забележува дека ставката со највисок процент (43.38%) е *понекогаш го кажувам своето мислење*, но не често, следува, *обично учествувам во дискусијата и го кажувам своето мислење* со 27.3% или 307 испитаници од вкупниот број 1125 анкетирани, додека со најмал процент (5.3%) е ставката речиси никогаш не слушам кога луѓето почнуваат да зборуваат за политика.

**Табела бр.5.4.**

**Би Ве замолиле да се изјасните, дали ќе гласате на следните избори?**

| **Прашања** | | **Фреквенција** | **Процент** | **Валиден процент** | **Кумулативен процент** |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Не, нема да гласам | 60 | 5,3 | 5,3 | 5,3 |
| | Веројатно, нема да гласам | 53 | 4,7 | 4,7 | 10,1 |
| | Можеби ќе гласам, а можеби нема да гласам | 214 | 19,0 | 19,1 | 29,1 |
| | Веројатно, да ќе гласам | 301 | 26,8 | 26,8 | 55,9 |
| | Секако, да ќе гласам | 495 | 44,0 | 44,1 | 100,0 |
| | Total | 1123 | 99,8 | 100,0 | |
| Missing | 99 | 2 | ,2 | | |
| Total | | 1125 | 100,0 | | |

Од сликата 5.4 може да се види дека најголем процент од анкетираните (44.08%) се изјасниле дека, секако, да ќе гласам, следува веројатно, да ќе гласам со 26.80%, додека за ставката веројатно, нема да гласам со 4.72%.

**Табела бр. 5.5.**

**Според Ваше убедување, Вие сте:**

| **Прашања** | | **Фреквенција** | **Процент** | **Валиден процент** | **Кумулативен процент** |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Ниту една политичка партија не ја сметам за моја | 402 | 35,7 | 35,9 | 35,9 |
| | Само сум симпатизер на политичка партија | 320 | 28,4 | 28,6 | 64,5 |
| | Блиску до политичка партија | 64 | 5,7 | 5,7 | 70,2 |
| | Многу блиску до некоја политичка партија | 53 | 4,7 | 4,7 | 75,0 |
| | Член на политичка партија | 280 | 24,9 | 25,0 | 100,0 |
| | Вкупно | 1119 | 99,5 | 100,0 | |
| Missing | 99 | 6 | ,5 | | |
| Total | | 1125 | 100,0 | | |

Од сликата бр. 5.5. може да се види дека најголем процент од анкетираните одговориле дека ниту една политичка партија не ја сметам за моја со 35.92% (402), следува, само сум симпатизер на политичка партија со 28.60%, и член на политичка партија 25.02% . Со најмал процент се ставките, блиску до политичка партија (5.72%) и многу блиску, до некоја политичка партија (4.74%).

### 1.4.1.Тестирање и докажување на посебна хипотеза 1

Посебната хипотеза 1, претпоставува постоење на статистички значајна позитивна корелација меѓу степенот на почитување на релевантните закони за изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, со успешноста на изборите. За испитување на оваа хипотеза се пристапи кон тестирање на нејзините делови. Резултатите од Пирсоновиот коефициент на корелација покажуваат постоење на статистички значајна поврзаност на независната варијабла, која се однесува на степенот на почитување на релевантните закони за изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија (пр.18) со сите ЗВ. Според одговорите на испитаниците, колку почесто се почитуваат релевантните закони за изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе се почитуваат етичките правила, норми и вредности на последните парламентарни избори ($r = ,517^{**}$ , $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна кон силна, статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли.

Резултатите покажуваат дека, колку почесто се почитуваат релевантните закони за изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе се почитуваат етичките правила, норми и вредности на последните локални избори ($r = ,508^{**}$ $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна кон силна, статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли. Исто така, според одговорите на испитаниците, колку почесто се почитуваат релевантните закони за изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе избирачите слободно и без закани, притисоци и уцени го даваат својот глас во изборите во РМ ($r = ,281^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна позитивна поврзаност на двете варијабли. Резултатите покажуваат дека, колку почесто се почитуваат релевантните закони за изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку помалку ќе има нерегуларности на парламентарните избори во 2016 ($r =-,220^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, негативна поврзаност на двете варијабли. Резултатите покажуваат дека колку почесто се почитуваат релевантните закони за изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија,

толку помалку ќе има нерегуларности на локалните избори во 2017 ($r = -,258^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, негативна поврзаност на двете варијабли. Резултатите покажуваат дека колку почесто се почитуваат релевантните закони за изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку помалку ќе има евидентирани насилно однесување и нерегуларно гласење на парламентарните избори во 2016 ($r = -,258^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, негативна поврзаност на двете варијабли. Исто така, резултатите покажуваат дека, колку почесто се почитуваат релевантните закони за изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку помалку ќе има евидентирани насилно однесување и нерегуларно гласење на локалните избори во 2017 ($r = -,305^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна, но статистички значајна, негативна поврзаност на двете варијабли. Според одговорите на испитаниците, колку почесто се почитуваат релевантните закони за изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе се признаваа изборните резултати од сите учесници (кандидати и политички партии) на парламентарните избори во 2016 ($r = ,078^{*}$, $p = .017$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли, и исто така, резултатите покажуваат дека, колку почесто се почитуваат релевантните закони за изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе се признаваа изборните резултати од сите учесници (кандидати и политички партии) на локалните избори во 2017 ($r = , 132^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли.

Резултатите од Пирсоновиот коефициент на корелација покажуваат постоење на статистички значајна поврзаност на независната варијабла, која се однесува на степенот на почитување на правилата и прописите за изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија (пр.19) со сите ЗВ.

Според одговорите на испитаниците, колку почесто се почитуваат правилата и прописите за изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе се почитуваат етичките правила, норми и вредности на последните парламентарни избори ($r = ,437^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна кон силна, статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли. Резултатите покажуваат

дека, колку почесто се почитуваат правилата и прописите за изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе се почитуваат етичките правила, норми и вредности на последните локални избори ($r = ,455^{**}$ , $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна кон силна, статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли. Исто така, според одговорите на испитаниците, колку почесто се почитуваат правилата и прописите за изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе избирачите слободно и без закани, притисоци и уцени го даваат својот глас во изборите во РМ ($r = ,338^{**}$ , $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна, но статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли. Резултатите покажуваат дека, колку почесто се почитуваат правилата и прописите за изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку помалку ќе има нерегуларности на парламентарните избори во 2016 ($r =-,195^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, негативна поврзаност на двете варијабли. Резултатите покажуваат дека, колку почесто се почитуваат правилата и прописите за изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку помалку ќе има нерегуларности на локалните избори во 2017 ($r =-,215^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, негативна поврзаност на двете варијабли. Резултатите покажуваат дека, колку почесто се почитуваат правилата и прописите за изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку помалку ќе има евидентирани насилно однесување и нерегуларно гласење на парламентарните избори во 2016 ($r =-,185^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, негативна поврзаност на двете варијабли. Исто така, резултатите покажуваат дека, колку почесто се почитуваат правилата и прописите за изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку помалку ќе има евидентирани насилно однесување и нерегуларно гласење на локалните избори во 2017 ($r =-,247^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна, но статистички значајна, негативна поврзаност на двете варијабли. Според одговорите на испитаниците, колку почесто се почитуваат правилата и прописите за изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе се признаваа изборните резултати од сите учесници (кандидати и политички партии) на парламентарните избори во 2016 ($r = ,120^{**}$ , $p = .000$).

Психологот Џонатан Хајдт ги проучува петте морални вредности кои ја формираат основата на нашите политички избори, без разлика дали сме од левицата, десницата или центарот. Во неговиот разоткривачки говор, тој ги потенцира моралните вредности кои и либералите и конзервативците тежнеат да ги почитуваат најмногу (Anon., н.д.).

Каква е ситуацијата во Република Македонија и дали се промовираат моралните вредности во изборните кампањи, поставив директно прашање во прашалникот и тоа гласи: „**Дали мислите дека моралните вредности доволно се претставуваат (или не се претставуваат) во изборните кампањи?“-** мноштво од добиените одговори од страна на експертите гласат дека не се промовират, односно воопшто не се промовират моралните вредности во изборните кампањи. „*Воопшто не се претставуаат вистински и совесно. Тие се споменуваат со врвот на јазикот, а всушност се аплицира макијавелистичката филозофија, целите ги оправдуваат средствата, дозволена е секоја метода или техника која носи резултати, т.е. позиции во идната власт. Со појавата на Беса на сцена, некако како да почнува нешто да се мрда кон позитивното, поголем акцент кон чесноста, моралот, вредсностите, вербата во преставникот на народот, поблиска комуникација са народот итн“*. -цитирам еден од нив. „*Не кај нас, во најразвиените земји (Данкса, Австралија) сакаат да овозможат развој на моралните вредности, но кај нас не се трудат*“ - одговори другиот интервјуиран експерт. Не се преставуваат доволно и причина за тоа, според еден од експертите е дека „*имаме недостаток на независни електронски медиуми и другите јавни информативни тела*“. Која е улогата на политичарите за развојот и напредокот на моралните вредности, поставив прашање, и тоа: „**Дали политичарите обезбедуваат можности за развојот и напредокот на моралните вредности?“** Од сите добиени одговори, од страна на експертите, можам да констатирам дека, политичарите не обезбедуваат можности за развој на моралните вредности. „*За жал не, напротив политичарите се најголемите кривци, затоа што ние уште како општество не произведуваме, продуциме калибар на такви политичари, најдобрите наши луѓе претставуваат маргинизирана категорија. Ова зависи најмногу од нашето подигање на ниво на нашето колективно свест.*“-одговори еден од експертите или „*За жал не. Можеби тие се дури оние што најмногу ги газат овие вредности“*- цитирам еден друг експерт. Исто така ја истакнам и еден добиен одговор од интервјурираните експерти : „*Не придонесуваат, напротив тие се негативен*

*имиџ, даваат негативна впечаток кај обичниот граѓанин; нивните политички, финансиски и либидо скандали го симнале до провалија или бездна нивниот имиџ. Политичарот денес е симбол на корумпирана личност, на крајно неморална личност, човек кој што „успешно„ плива во матните води, за кого манипулацијата, лагата, непринципиелноста се во линијата на најнормалното, секојдневие. Тие генерираат песимизам и депримираност кај масите, креираат недоверба во иднината. Крадци, ајдуци, манипулатори, арамии, лопови, корумпирани, „нечесни луѓе„ се најчесните квалификации за денешните политичари кај нас“.*

Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли и исто така, резултатите покажуваат дека колку почесто се почитуваат правилата и прописите за изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе се признаваа изборните резултати од сите учесници (кандидати и политички партии) на локалните избори во 2017 ($r = ,192^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли.

**Бидејќи резултатите од спроведениот тест на корелација укажуваат на статистички значајна поврзаност на двете независни варијабли (пр. 18 и пр. 19) со сите зависни варијабли, а кои се претходно образложени, може да се заклучи дека посебната хипотеза 1 која гласи: почитувањето на сите релеванти закони, правила и прописи на Република Македонија за изборите ќе придонесе за релаизирање на успешни избори, се потврдува како точна.**

### 1.4.2.Теситирање и докажување на посебна хипотеза 2

Со Посебната хипотеза 2 се испитува степенот на почитување на владеењето на правото при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија и успешноста на изборите. Резултатите од Пирсоновиот коефициент на корелација покажуваат постоење на статистички значајна поврзаност на независната варијабла која се однесува на степенот на почитување на владеењето на правото при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија (пр.20) со сите ЗВ.

Според одговорите на испитаниците, колку почесто се почитува владеењето на правото при организирање и спроведување на изборите во Република Македонија, толку повеќе се почитуваат етичките правила, норми и вредности на последните парламентарни избори ($r = ,461^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна кон силна, статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли. Резултатите покажуваат дека, колку почесто се почитува владеењето на правото при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе се почитуваат етичките правила, норми и вредности на последните локални избори ($r = ,474^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна кон силна, статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли. Исто така, според одговорите на испитаниците, колку почесто се почитува владеењето на правото при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе избирачите слободно и без закани, притисоци и уцени го даваат својот глас во изборите во РМ ($r = ,400^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна, но статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли. Резултатите покажуваат дека колку почесто се почитува владеењето на правото при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку помалку ќе има нерегуларности на парламентарните избори во 2016 ($r =-,208^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, негативна поврзаност на двете варијабли. Резултатите покажуваат дека колку почесто се почитува владеењето на правото при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македониј, толку помалку ќе има нерегуларности на

локалните избори во 2017 ($r = -,246^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, негативна поврзаност на двете варијабли. Резултатите покажуваат дека, колку почесто се почитува владеењето на правото при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку помалку ќе има евидентирани насилно однесување и нерегуларно гласење на парламентарните избори во 2016 ($r = -,264^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, негативна поврзаност на двете варијабли.

Исто така, резултатите покажуваат дека колку почесто се почитува владеењето на правото при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку помалку ќе има евидентирани насилно однесување и нерегуларно гласење на локалните избори во 2017 ($r = -,282^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна, но статистички значајна, негативна поврзаност на двете варијабли. Според одговорите на испитаниците, колку почесто се почитува владеењето на правото при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе се признаваа изборните резултати од сите учесници (кандидати и политички партии) на парламентарните избори во 2016 ($r = ,152^{**}$ , $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли, и исто така, резултатите покажуваат дека, колку се почитува владеењето на правото при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе се признаваа изборните резултати од сите учесници (кандидати и политички партии) на локалните избори во 2017 ($r = , 210^{**}$ , $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли.

**Бидејќи резултатите од спроведениот тест на корелација укажуваат на статистички значајна поврзаност на независната варијабла (пр. 20) со сите зависни варијабли, а кои се претходно образложени, може да се заклучи дека посебната хипотеза 2 која гласи: почитувањето на владеењето на правото при организирање и спроведување на изборите ќе придонесе за успешни избори, се потврдува како точна.**

### 1.4.3.Тестирање и докажување на посебна хипотеза 3

Резултатите од Пирсоновиот коефициент на корелација покажуваат постоење на статистички значајна поврзаност на независната варијабла која се однесува на степенот на почитувањето на интегритетот на вработените во јавната и државна администрација, како и другите институции и установи финансирани од Буџетот на РМ, буџетите на општините и Градот Скопје, како и во трговските друштва и претпријатија со државен капитал ќе придонесе за реализирање на успешни избори, при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија (пр.21, пр.22 и пр.23) со сите ЗВ. Според одговорите на испитаниците, колку почесто се почитуваа етичките правила, норми и вредности на последните парламентарни избори при организирање и спроведување на изборите во Република Македонија, толку помалку ќе има притисок или обид за притисок врз вработените во јавната и државната администрација од кандидатите или претставници на политичките партии на изборите ($r = -,162^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, негативна поврзаност на двете варијабли. Резултатите покажуваат дека колку почесто се почитуваа етичките правила, норми и вредности на последните локални избори при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку помалку ќе има притисок или обид за притисок врз вработените во јавната и државната администрација од кандидатите или претставници на политичките партии на изборите ($r = -,148^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, негативна поврзаност на двете варијабли.

Според одговорите на испитаниците, колку почесто се врши притисок или обид за притисок врз вработените во јавната и државната администрација од кандидатите или претставници на политичките партии на изборите при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку помалку избирачите слободно и без закани, притисоци и уцени го даваат својот глас во изборите во РМ ($r = -,275^{**}$ , $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, негативна поврзаност на двете варијабли.

Резултатите покажуваат дека колку почесто се врши притисок или обид за притисок врз вработените во јавната и државната администрација од кандидатите или

претставници на политичките партии на изборите при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе беа евидентирани поголеми нерегуларности во парламентарните избори во 2016 ($r = ,393^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна кон силна, статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли.

Исто така, според одговорите на испитаниците, колку почесто се врши притисок или обид за притисок врз вработените во јавната и државната администрација од кандидатите или претставници на политичките партии на изборите при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе беа евидентирани поголеми нерегуларности во локалните избори во 2017 ($r =,301^{**}$, $p =.000$). Коефициентот на корелација укажува на средна кон силна, статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли.

Резултатите покажуваат дека колку почесто се врши притисок или обид за притисок врз вработените во јавната и државната администрација од кандидатите или претставници на политичките партии на изборите при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе ќе има евидентирани насилно однесување и нерегуларно гласење на парламентарните избори во 2016 ($r =,388^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна кон силна, статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли.

Исто така, резултатите покажуваат дека колку почесто се врши притисок или обид за притисок врз вработените во јавната и државната администрација од кандидатите или претставници на политичките партии на изборите при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе ќе има евидентирани насилно однесување и нерегуларно гласење на локалните избори во 2017 ($r =,295^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна кон силна, статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли.

Според одговорите на испитаниците, колку почесто се почитуваа етичките правила, норми и вредности на последните парламентарни избори при организирање и спроведување на изборите во Република Македонија, толку помалку ќе има притисок или обид за притисок врз вработените во институции и установи финансирани од Буџетот на РМ, буџетите на општините и Градот Скопје од кандидатите или

претставници на политичките партии на изборите ($r = -,163^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, негативна поврзаност на двете варијабли.

Резултатите покажуваат дека колку почесто се почитуваа етичките правила, норми и вредности на последните локални избори при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку помалку ќе се вршеше притисок или обид за притисок врз вработените во институции и установи финансирани од Буџетот на РМ, буџетите на општините и Градот Скопје од кандидатите или претставници на политичките партии на изборите ($r = -,186^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, негативна поврзаност на двете варијабли. Според одговорите на испитаниците, колку почесто се вршеше притисок или обид за притисок врз вработените во институции и установи финансирани од Буџетот на РМ, буџетите на општините и Градот Скопје од кандидатите или претставници на политичките партии на изборите при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку помалку избирачите слободно и без закани, притисоци и уцени го даваат својот глас во изборите во РМ ($r = -,248^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, негативна поврзаност на двете варијабли. Резултатите покажуваат дека колку почесто се вршеше притисок или обид за притисок врз вработените во институции и установи финансирани од Буџетот на РМ, буџетите на општините и Градот Скопје од кандидатите или претставници на политичките партии на изборите при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе беа евидентирани поголеми нерегуларности во парламентарните избори во 2016 ($r = ,414^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна кон силна, статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли.

Исто така, според одговорите на испитаниците, колку почесто се вршеше притисок или обид за притисок врз вработените во институции и установи финансирани од Буџетот на РМ, буџетите на општините и Градот Скопје од кандидатите или претставници на политичките партии на изборите при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе беа

евидентирани поголеми нерегуларности во локалните избори во 2017 ($r = ,308^{**}$ , $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна кон силна, статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли.

Резултатите покажуваат дека, колку почесто се вршеше притисок или обид за притисок врз вработените во институции и установи финансирани од Буџетот на РМ, буџетите на општините и Градот Скопје од кандидатите или претставници на политичките партии на изборите при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе беа евидентирани насилно однесување и нерегуларно гласење на парламентарните избори во 2016 ($r =,443^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна кон силна, статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли.

Исто така, резултатите покажуваат дека, колку почесто се вршеше притисок или обид за притисок врз вработените во институции и установи финансирани од Буџетот на РМ, буџетите на општините и Градот Скопје од кандидатите или претставници на политичките партии на изборите при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе беа евидентирани насилно однесување и нерегуларно гласење на локалните избори во 2017 ($r =,314^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна кон силна, статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли.

Според одговорите на испитаниците, колку почесто се почитуваа етичките правила, норми и вредности на последните парламентарни избори при организирање и спроведување на изборите во Република Македонија, толку помалку се вршеше притисок или обид за притисок врз вработените во трговските друштва и претпријатија со државен капитал од кандидатите или претставници на политичките партии на изборите ($r =-,157^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, негативна поврзаност на двете варијабли.

Резултатите покажуваат дека, колку почесто се почитуваа етичките правила, норми и вредности на последните локални избори при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку помалку се вршеше притисок или обид за притисок врз вработените во трговските друштва и претпријатија со државен капитал од кандидатите или претставници на политичките

партии на изборите ($r = -,152^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, негативна поврзаност на двете варијабли.

Според одговорите на испитаниците, колку почесто се вршеше притисок или обид за притисок врз вработените во трговските друштва и претпријатија со државен капитал од кандидатите или претставници на политичките партии на изборите при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку помалку избирачите слободно и без закани, притисоци и уцени го даваат својот глас во изборите во РМ ($r = -,211^{**}$ , $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, негативна поврзаност на двете варијабли. Резултатите покажуваат дека, колку почесто се вршеше притисок или обид за притисок врз вработените во трговските друштва и претпријатија со државен капитал од кандидатите или претставници на политичките партии на изборите при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе беа евидентирани поголеми нерегуларности во парламентарните избори во 2016 ($r = ,439^{**}$ , $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна кон силна, статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли.

Исто така, според одговорите на испитаниците, колку почесто се вршеше притисок или обид за притисок врз вработените во трговските друштва и претпријатија со државен капитал од кандидатите или претставници на политичките партии на изборите при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе беа евидентирани поголеми нерегуларности во локалните избори во 2017 ($r = ,367^{**}$ , $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна кон силна, статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли. Резултатите покажуваат дека, колку почесто се вршеше притисок или обид за притисок врз вработените во трговските друштва и претпријатија со државен капитал од кандидатите или претставници на политичките партии на изборите, при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе беа евидентирани насилно однесување и нерегуларно гласење на парламентарните избори во 2016 ($r = ,464^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна кон силна, статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли.

Исто така, резултатите покажуваат дека, колку почесто се вршеше притисок или обид за притисок врз вработените во трговските друштва и претпријатија со државен капитал од кандидатите или претставници на политичките партии на изборите при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе беа евидентирани насилно однесување и нерегуларно гласење на локалните избори во 2017 ($r =,378^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна кон силна, статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли.

На прашањето „Што треба да се направи, за да се имплементираат или да се материјализираат вредностите на Кодексот за фер и демократски избори во секојдневниот живот?“ - *„Прво е да се учи етика, младите обврзно да учаат етика, а нив треба да ги упатуваат кон доброто однесување нивните родители, треба да постои и раширена социјална акција, да се следи етиката, а за изборите посебно кодексите за фер избори. Во нормалните земји, самиот претседател гарантира фер и чесни избори...премиерот и владата самите гарантират фер избори.“* - одговори еден од експертите. *„Во прв ред, да има добра волја на лидерите на политичките партии, за негово почитување. Потоа, да постои јасна законска одговорност, за оние кои не го почитуваат овој кодекс.“* - е еден друг одговор.

За успешно имплементирање на клучните вредности на Кодексот за фер и демократски избори, политичките партии треба да ги запознаваат нивните партиски функционери, активисти и нивниот електорат со правилникот, според кој ќе настапат во изборната кампања и со значајноста на нејзиното почитување.

Еден од интервјуираните го поврзува имплементирањето на Кодексите, со развивањето на политичката култура и во овој аспект тој одговори: *„Единствената можност, за да се постигне една таква цел, мислам дека треба да се развие политичката култура.“* Да се промовираат вредностите што се пишани на Кодексите за време на кампањите, на разни дискуси, и политички и едукативни дебати. Сите политички актери Кодексот да го сносат како одговорност. Потребно е сериозно да се земе предвид можноста за формирање на тела, кои редовно и сериозно ќе го надгледуваат спроведувањето на Етичкиот кодекс и кои ќе помогнат тој да биде вграден во институционалниот систем и свест на власта. Да се формира институција/комисија, како вид на механизам (етички комитет), кој ќе се залага за спроведувањето и матерализирање

на вредностите од Кодексот на секојдневниот живот. Така, двајца од експертите потенцираат дека е потребно вид на ад-хок комисија која ќе биде формирана за време на изборите и ексклузивно ќе се занимава и ќе сноси одговорност за имплементирање на вредностите на Етичките кодекси за време на изборите. *„Би требало да се формираат ад хок тела за време на изборите, кои ќе бидат одговорни за овој сегмент и ќе биде надпартиско тело.“* - одговори еден од експертите.

Во однос на прашањето „Што мислите дали е потребно да се прават редовни евалуации на изборите во однос на имплементирање на етичките стандарди?“- добивме разни одговори од страна на експертите, кои суштински се слични.

Треба да се направаат анализи на содржина на дискурсот употребен во изборниот циклус, да се анализираат билбордите, плакатите, графитите. Треба да се ангажираат независни тела, можеби подобро би било странски, кои ќе направат стручни и објективи анализи од аспект на политичката култура, политичкиот дијалог, етичките вредности, дисциплината на лидерите, централни и локални, на гласачот. Оваа дискурзивна анализа би помогнала многу, затоа што би го извадила на виделина „валканиот веш„ на одредени политички провиниенции и би ги афримираал вредностите, кои би биле навигација за народот-избирачите, затоа што во секој нов изборен циклус има нови негативни појави, па и тука неопходно е потребата да се елеминираат новите девијанти феномени.

*„Никоја опшествена појава, ниту опшетесвен процес не е толку резистентен кон промените. Секои избори се карактеризираат со непознати или скриени форми на неправилности/нерегуларности, коишто стануваат видливи со тек на време. Редовни евалуации се потребни при секои избори, со цел прилагодување на етичките стандарди со самиот тек на одвивање на севкупните опшествени активности кои во моментот се оценуваат како нај значајни.“*- цитирам еден од експертите.

**Бидејќи резултатите од спроведениот тест на корелација укажуваат на статистички значајна поврзаност на трите независни варијабли (пр. 21, пр. 22 и пр.23) со зависните варијабли, иако само во неколку прашања не се забележува статистички значајна поврзаност, во најголем дел се појавува поврзаност, а кои се претходно образложени, може да се заклучи дека посебната хипотеза 3 која гласи: почитувањето на интегритетот на вработените во јавната и државна администрација, како и другите институции и установи финансирани од Буџетот на**

**РМ, буџетите на општините и Градот Скопје, како и во трговските друштва и претпријатија со државен капитал ќе придонесе за релаизирање на успешни избори, се потврдува како точна.**

### 1.4.4. Тестирање и докажување на посебна хипотеза 4

Резултатите од Пирсоновиот коефициент на корелација покажуваат постоење на статистички значајна поврзаност на независната варијабла која се однесува на степенот на **почитувањето на интегритетот на секој граѓанин нема да биде предмет на било каква закана во однос на вработувањето и социјалната сигурност како резултат на нивно подржување или неподржување на било која политичка партија или кандидат** при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија (пр.24 и пр.25) со сите ЗВ. Според одговорите на испитаниците, колку почесто се почитуваа етичките правила, норми и вредности на последните парламентарни избори при организирање и спроведување на изборите во Република Македонија, толку помалку гласачите беа предмет на закана во однос на вработувањето како резултат на нивното поддржување или неподдржување на било која политичка партија или кандидат на изборите ($r = -,183^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, негативна поврзаност на двете варијабли. Резултатите покажуваат дека, колку почесто се почитуваа етичките правила, норми и вредности на последните локални избори при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку помалку гласачите беа предмет на закана во однос на вработувањето како резултат на нивното поддржување или неподдржување на било која политичка партија или кандидат на изборите ($r = -,216^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, негативна поврзаност на двете варијабли. Според одговорите на испитаниците, колку почесто гласачите беа предмет на закана во однос на вработувањето како резултат на нивното поддржување или неподдржување на било која политичка партија или кандидат на изборите при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку помалку избирачите

слободно и без закани, притисоци и уцени го даваат својот глас во изборите во РМ ($r = -,271^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, негативна поврзаност на двете варијабли.

Резултатите покажуваат дека, колку почесто гласачите беа предмет на закана во однос на вработувањето како резултат на нивното поддржување или неподдржување на било која политичка партија или кандидат на изборите при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе беа евидентирани поголеми нерегуларности во парламентарните избори во 2016 ($r = ,443^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна кон силна, статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли.

Исто така, според одговорите на испитаниците, колку почесто гласачите беа предмет на закана во однос на вработувањето како резултат на нивното поддржување или неподдржување на било која политичка партија или кандидат на изборите при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе беа евидентирани поголеми нерегуларности во локалните избори во 2017 ($r = ,328^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна кон силна, статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли. Резултатите покажуваат дека, колку почесто гласачите беа предмет на закана во однос на вработувањето како резултат на нивното поддржување или неподдржување на било која политичка партија или кандидат на изборите при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе ќе има евидентирани насилно однесување и нерегуларно гласење на парламентарните избори во 2016 ($r =,448^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна кон силна, статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли.

Исто така, резултатите покажуваат дека, колку почесто гласачите беа предмет на закана во однос на вработувањето како резултат на нивното поддржување или неподдржување на било која политичка партија или кандидат на изборите при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе ќе има евидентирани насилно однесување и нерегуларно гласење на локалните избори во 2017 ($r =,295^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација

укажува на средна кон силна, статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли.

Според одговорите на испитаниците, колку почесто се почитуваа етичките правила, норми и вредности на последните парламентарни избори при организирање и спроведување на изборите во Република Македонија, толку помалку гласачите беа предмет на закана во однос на социјалната сигурност како резултат на нивното поддржување или неподдржување на било која политичка партија или кандидат на изборите ($r = -,212^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, негативна поврзаност на двете варијабли. Резултатите покажуваат дека колку почесто се почитуваа етичките правила, норми и вредности на последните локални избори при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку помалку гласачите беа предмет на закана во однос на социјалната сигурност како резултат на нивното поддржување или неподдржување на било која политичка партија или кандидат на изборите ($r = -,248^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, негативна поврзаност на двете варијабли.

Според одговорите на испитаниците, колку почесто гласачите беа предмет на закана во однос на социјалната сигурност како резултат на нивното поддржување или неподдржување на било која политичка партија или кандидат на изборите при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку помалку избирачите слободно и без закани, притисоци и уцени го даваат својот глас во изборите во РМ ($r = -,246^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на слаба, но статистички значајна, негативна поврзаност на двете варијабли.

Резултатите покажуваат дека, колку почесто гласачите беа предмет на закана во однос на социјалната сигурност како резултат на нивното поддржување или неподдржување на било која политичка партија или кандидат на изборите при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе беа евидентирани поголеми нерегуларности во парламентарните избори во 2016 ($r = ,472^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна кон силна, статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли. Исто така, според одговорите на испитаниците, колку почесто гласачите беа

предмет на закана во однос на социјалната сигурност како резултат на нивното поддржување или неподдржување на било која политичка партија или кандидат на изборите при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе беа евидентирани поголеми нерегуларности во локалните избори во 2017 ($r = ,406^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна кон силна, статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли. Резултатите покажуваат дека колку почесто гласачите беа предмет на закана во однос на социјалната сигурност како резултат на нивното поддржување или неподдржување на било која политичка партија или кандидат на изборите при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе беа евидентирани насилно однесување и нерегуларно гласење на парламентарните избори во 2016 ($r =,507^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна кон силна, статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли. Исто така, резултатите покажуваат дека, колку почесто гласачите беа предмет на закана во однос на социјалната сигурност како резултат на нивното поддржување или неподдржување на било која политичка партија или кандидат на изборите при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе беа евидентирани насилно однесување и нерегуларно гласење на локалните избори во 2017 ($r =,441^{**}$, $p = .000$). Коефициентот на корелација укажува на средна кон силн,а статистички значајна, позитивна поврзаност на двете варијабли.

**Бидејќи резултатите од спроведениот тест на корелација укажуваат на статистички значајна поврзаност на двете независни варијабли (пр. 24 и пр. 25) со зависни варијабли, иако само во неколку прашања не се забележува статистички значајна поврзаност, во најголем дел се појавува поврзаност, а кои се претходно образложени, може да се заклучи дека посебната хипотеза 4 која гласи: почитувањето на интегритетот на секој граѓанин нема да биде предмет на било каква закана во однос на вработувањето и социјалната сигурност како резултат на нивно подржување или неподржување на било која политичка партија или кандидат, ќе придонесе за релаизирање на успешни избори, се потврдува како точна.**

## 1.5. Докажување на генералната хипотеза

Емпириското истражување, спроведено на примерок од 1125 испитаници во Р.Македонија, имаше за цел да ги испита поврзаноста меѓу примената на етичките стандарди, норми и вредности во изборниот процес, и, од друга страна, успешноста на изборите во РМ.

Генералната хипотеза е тестирање преку дедукција и формулирање на посебни хипотези, чии претпоставки требаше да се потврдат како точни или да се отфралат како неточни. Според спроведените тестирања, анализи и интерпретации за кои се зборуваше на посебните хипотези, се идентификуваат оние вредности на етиката, што покажуваат значајна поврзаност со изборниот процес, односно за да бидат успеши изборите.

Зборот *легитимитет* произлезе од латинските термини legitimus и legalis кои се изведуваат од латинскиот збор lex (закон). Додека со поимот legalis се има за цел, да се означи со закон уредената состојба, или нешто што е во согласност со законските норми и правила, со поимот legitimus (lege intimus) се означува онаа состојба или однос кој е во согласност со поредокот и неговите правила.

„Најопшто, под поимот легитимитет се подразбира согласност, односно прифаќање на институциите и носителите на власта (воопшто или во одредени ситуации) во системот на самите граѓани“ (Климоски, et al., 2012).

Од обработка на добиените одговори од страна на експертите се констатира дека: Етичкото однесување придонесува за легитимизирање на изборите, за прифатливи резултати од сите партии, т.е. политички субјекти. Етичкото однесување започнува од дискурсот на лидершипот ( водството) и се рефлектира кај масите. *„Да, се согласувам. Но инструментите кои доведуваат на почитување на моралните вредности најпрвин треба да се гледаат во: поголемо внатрешно партиска демократија, кадровската политика во државните институции да се врши врз основа на меритократија, слободно независни информативни медиуми, активно учество на невладиниот сектор, поголемо активно јавно мислење, сé со цел, да се придонесе на поголема еманципација на општеството во целина.“*- цитирам еден од експертите. *„Се согласувам и искрено се надевам дека, ќе успееме да постигнеме таков стадиум на слобода во изборот, за конечно, обичниот гласач, да доживее корист од својот глас, бидејќи оној, за кого се*

*одлучил, во Парламентот или Владата, навистина ќе ги застапува неговите права и потреби“.,, Сосема се согласувам“.,,Се согласувам“.*- се најчесто одговорите на ова прашање.

*,,Со сета почит кон гласачите, во едно демократско општество, но и тука секогаш има потреба да се еманципира на разни начини и гласачкото тело, со цел тие најдобро да се запознаат со демократските вредности и цели и значањето на изборите во едно оштпесто. За на крај ,, да им е јасно и да знаат дека нивниот глас е најголемто оружје во нивните раце и преку кој можаат да влијаат на промена на најбитните општествените промени кон позитивно во аспект на владење и како најголема контрола на политичката власт. На гласачите треба да им се става на знаење дека се тие фактор, од кој треба да се плаши власта, а не спротивното, тие да се плашаат од власта“*- цитирам еден од експертите.

Сите одговори на ова прашање зборуваат дека ,,Етичкото однесување, односно доследното почитување на моралните вредности од страна на учесниците (избирачите и кандидатите) суштински ќе придонесе за поуспешен, легитимен и прифатлив изборен процес, за стимулирање на гласачите и подобрување на резултатите‘‘, на тој начин кога и обичниот гласач, да доживее корист од својот глас.

Попрецизно, според докажувањето на посебните хипотези се утврди дека:

- ***Посебната хипотеза 1 се потврдува*** - од сите истражувани аспекти на почитување на релевантните закони за изборите во текот на изборниот процес и општа прифатеност на изборните правила и прописи кои ќе гарантираат еднаквост на сите натпреварувачи, е во статистичка значајна корелација со реализирање на успешни избори.
- ***Посебната хипотеза 2 се потврдува*** - од сите истражувани аспекти на почитување на владеењето на правото при организирање и спроведување на изборите, почитување на Кодексот на однесување за слободни и фер избори кој повикува на почитување на законите, правилата, прописите и добрите пракси поврзани со изборите, е во статистичка значајна корелација со реализирање на успешни избори.

- ***Посебна хипотеза 3 се потврдува*** - од сите истражувани варијабли на почитувањето на интегритетот на вработените во јавната и државна администрација, како и другите институции и установи финансирани од Буџетот на РМ, димензиите на: притисок или обид за притисок врз вработените на јавната и државната администрација од кандидатите или претставници од политичките партии на изборите, притисок или обид за притисок врз вработените во институции и установи финансирани од Буџетот на РМ, буџетите на општините и Градот Скопје од кандидатите или преставници од политичките партии на изборите, притисок или обид за притисок врз вработените во трговските друштва и претпријатија со државен капитал од кандидатите или претставници од политичките партии на изборите, е во статистички значајна корелација со реализирање на успешни избори.
- ***Посебна хипотеза 4 се потврдува*** - од сите истражувани аспекти на почитувањето на интегритетот на секој граѓанин, за да не биде под закана во однос на вработувањето како резултат на нивното поддржување или неподржување на било која политичка партија или кандидат на изборите и предмет на закана во однос на социјалната сигурност како резултат на нивното подржување или неподржување на било која политичка партија или кандидат на изборите, е во статистички значајна корелација со реализирањето на успешни избори.

Ваквите конкретни сознанија, произлезени од емпириски потврдени наоди, упатуваат кон прифаќање на генералната хипотеза. Според тоа, се заклучува дека **генералната хипотеза,** дефинирана на начин: **Доследното почитување на етичките принципи од Кодексот за фер и демократски избори од страна на политичките субјекти суштински или значително ќе придонесе за реализирање на успешни избори, се потврдува.**

## Дискусија

При реализирањето на емпирискиот дел на истражувањето, собрани се многу податоци, но во овој труд се вклучени само резултатите кои директно се однесуваат на истражувачките прашања, поточно кои директно кореспондираат со конкретизираниот предмет на истражување. Извореден број на податоци се добиени и преку интервјуата. Целта на овој труд беше, да се испита односот меѓу етичките стандарди, норми и вредности и изборниот процес на примерок од 1125 испитаници од Р.Македонија во 2018 година, кога почна собирањето на податоците од испитаниците.

Слично на други истражувања од ваков тип во други земји, резултатите од ова истражување даваат делумна емпириска поддршка на универзалистичкиот приод според кој примената на етичките стандарди во изборниот процес, секогаш резултираат со избори без закани, манипулаци, притисоци врз вработените, наречени успешни избори.  Ваквите емпириски резултати се конзистентни со претходни истражувања, спроведени во развиените земји, а за кои повеќе се зборуваше во теориската рамка на истражувањето. Канцеларијата на владината етика основана со Законот за етика во владата од 1978 година, обезбедува севкупно лидерство и надзор над етичката програма на извршната власт, која е дизајнирана да ги спречи и разреши судирот на интереси. Мисијата на OGE е дел од самата основа на јавниот сервис. Првиот принцип во четиринаесетте општи принципи на етичко однесување за државни службеници и вработени е: "Јавната служба е доверба во јавноста, барајќи вработените да стават лојалност кон Уставот, законите и етичките принципи над приватната добивка". Секој ден, етичката програма е дел на работа во секоја агенција во извршната власт. Програмата гарантира дека назначените лица се свесни за своите етички обврски и улога во создавањето на етичка култура во нивните организации. Тоа обезбедува дека државните службеници на сите нивоа остануваат слободни од конфликти на интереси, бидејќи ги извршуваат одговорностите што ги доверил американскиот народ и откако тие ја напуштиле владата дека не вршат непотребно влијание во име на другите. Пред сè, работи на заштита на довербата на јавноста на владата.[22] Според Стефан Пот (Stephen Potts), поранешен директор на OGE (Office of

[22] За да дознаете повеќе за Канцеларијата на владината етика на САД, види: https://www.oge.gov/web/oge.nsf/About+OGE

Government Ethics), еден од најголемите пречки за развој на стандардите за етичко однесување се правилата кои во практика изгледаат комплицирани и легалистички, иако тие мора да бидат теоретски интуитивни (www.usoge.gov).

Од спроведеното истражување произлегоа интересни наоди, а истовремено се отворија и низа прашања и дилеми кои се елаборираат во продолжение. По однос на внатрешната поврзаност меѓу варијаблите, односно меѓу принципите на Кодексот за фер и демократски избори, интеркорелационата матрица покажува статистичка корелација на најголем дел парови на варијаблите. Од истражуваните варијабли одделно, и се утврдува нивната внатрешна корелација, поточно се прикажува како секоја од определените димензии корелираат меѓусебно - меѓу независните варијаблите определени како етички принципи од Кодексот за фер и демократски избори, според резултатите од Пирсоновата корелација, интересно е да се согледа меѓусебниот однос на варијаблите. Одредени димензи на принципите од Кодексот за фер и демократски избори на високи остварувања покажуваат меѓусебна статистички значајна позитивна корелација, што укажува на нивна меѓузависност. Некои имаат слаба позитивна корелација, а некои имаат средна позитивна корелација, а некои негативна корелација. Најсилна позитивни корелации има меѓу принципите: „гласачите беа предмет на закана во однос на вработувањето како резултат на нивното поддржување или неподдржување на било која политичка партија или кандидат на изборите“ и „гласачите беа предмет на закана во однос на социјалната сигурност како резултат на нивното подржување или неподдржување на било која политичка партија или кандидат на изборите“ и меѓу „ во Република Македонија се вршеше притисок или обид за притисок врз вработените во институции и установи финансирани од Буџетот на РМ, буџетите на општините и Градот Скопје од кандидатите или преставници од политичките партии на изборите“ и „ во Република Македонија се вршеше притисок или обид за притисок врз вработените во трговските друштва и претпријатија со државен капитал од кандидатите или претставници од политичките партии на изборите“, односно меѓу варијаблите: „Во Република Македонија се вршеше притисок или обид за притисок врз вработените на јавната и државната администрација од кандидатите или преставници од политичките партии на изборите“ и „Во Република Македонија се вршеше притисок или обид за притисок врз вработените во институции и установи финансирани од Буџетот на РМ, буџетите на општините и Градот Скопје од

кандидатите или преставници од политичките партии на изборите“. Средна позитивна корелација се забележува меѓу: „ Во Република Македонија се вршеше притисок или обид за притисок врз вработените на јавната и државната администрација од кандидатите или преставници од политичките партии на изборите“ и „Во Република Македонија гласачите беа предмет на закана во однос на социјалната сигурност како резултат на нивното подржување или неподржување на било која политичка партија или кандидат на изборите“. Ваквите емпириски резултати се конзистентни со претходни истражувања, спроведени во развиените земји, а за кои повеќе се зборуваше во теориската рамка на истражувањето и со Извештајот на Меѓународна мисија за набљудување на изборите за Поранешна југословенска Република Македонија – локални избори, 15 октомври 2017, ОБСЕ/ОДИХР (https://www.osce.org/mk/odihr/elections/fyrom/350146?download=true), каде меѓу друго се истакнува дека во јули 2017, владата ги усвои економските, судските и политичките реформи, како и план за одговор на злоупотребата на административните ресурси, притисоците врз јавните вработени, небалансираното медиумско покривање и недостигот од транспарентност кај изборната администрација.[23]

Средна позитивна корелација има меѓу: почитување на етичките правила, норми и вредности на последните парламентарни избори и почитување на етичките правила, норми и вредности на последните локални избори. Најслаби позитивни корелации се забележуваат меѓу: почитување на етичките правила, норми и вредности на последните парламентарни избори и се признаваа изборните резултати од сите учесници (кандидати и политички партии) во изборите, како и меѓу почитувањето на правилата и прописите за изборите во изборниот процес и избирачите слободно и без закани, притисоци и уцени го даваат својот глас во изборите во РМ. Слична корелација постои и меѓу: почитување на етичките правила, норми и вредности на последните парламентарни избори и избирачите слободно и без закани, притисоци и уцени го даваат својот глас во изборите во РМ. Исто така, се забележуваат случаи каде има слаба негативна корелација меѓу варијаблите, како на пример меѓу: почитувањето на релевантните закони за изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија и „ Во Република Македонија беа евидентирани насилно

[23]Извештајот на Високата експертска група (Извештајот на Прибе) од септември 2017 ги оцени судството, органите на прогонот и независноста на институциите и понуди препораки за одговор на нивните системски недостатоци. Целиот извештај можете да се симне на следниот линк
Види:https://ec.europa.eu/neighbourhoodenlargement/sites/near/files/2017.09.14_seg_report_on_systemic_rol_issues_for_publication.pdf (21.07.2018)

однесување и нерегуларно гласење во парламентарните избори (2016)“. Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР во конечниот извештај за предвремените парламентарни избори наведува дека е потребно и понатаму да се работи на унапредување на правната рамка, но и да се преземат законски мерки за заканите и притисоците кон вработените од јавната администрација. „Иако партиите, генерално, имаа можност за слободно претставување на кампањите се препорачува властите и политичките партии да преземат конкретни чекори за да не се врши притисок врз вработените од јавната администрација, политичките активисти и другите кои ги посетуваат таквите настани или пак на самото гласање. Наводите за притисок треба темелно да бидат истражени“, порачува ОБСЕ/ОДИХР.[24]

Одделни димензии на етичките принципи од Кодексот за фер и демократски избори покажуваат дека меѓусебно не се зависни, иако ваквите случаи се забележително помалку во однос на корелациите кои се со статистичка значајност.

Основната претпоставка на која се базира истражувањето е позитивната поврзаност на примена на етичките стандарди, норми и вредности и успешни избори во изборниот процес. Според добиените разултати од тестирањето на поврзаноста се потврди претпоставката, што значи дека постои меѓусебна корелација и е присутна кај сите испитувани посебни хипотези.

Резултатите од Пирсоновиот коефициент на корелација покажуваат постоење на статистички значајна поврзаност на независната варијабла која се однесува на степенот на почитување на релевантните закони за изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија со сите ЗВ. На пр. колку почесто се почитуваат релевантните закони за изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку повеќе се почитуваат етичките правила, норми и вредности на последните парламентарни и локални избори. Југоисточна и Средна Европа, за еден период од неколку децении беа под влијание на комунизмот, затоа зборот етика не се прифати добро. Кога некој зборува за етички стандарди во политика, јавна администрација, во правото или во деловен живот, се наидува на потсмев, етика е добар збор со лошо име (Pajaziti, 2017). За разлика од ова поднебје, во САД е во раст бројот на таканаречените thinktankeve за јавни политики. Многу американски универзитети нудат курсеви за административна етика. Владината

---

[24] Целиот извештај можете да се симне на следниот линк
http://www.osce.org/odihr/elections/fyrom/302136?download=true

етика е главна тема во професионални списанија, дневниот и неделниот печат, во ТВ дебати(Braun, 2005).

Со Посебната хипотеза 2 се испитува степенот на почитување на владеењето на правото при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија и успешноста на изборите. Резултатите од Пирсоновиот коефициент на корелација покажуваат постоење на статистички значајна поврзаност на независната варијабла која се однесува на степенот на почитување на владеењето на правото при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија (пр.20) со сите ЗВ. Според одговорите на испитаниците, колку почесто се почитува владеењето на правото при организирање и спроведување на изборите во Република Македонија, толку повеќе се почитуваат етичките правила, норми и вредности на последните парламентарни и локални избори. Во последниот извештај на експертската група на Рајнхард Прибе во однос на владеењето на правото во Македонија, објавен на 14.09.2017 на страната на Европската Комисија се вели дека „Довербата треба да се обнови. Постои широко распространета перцепција во земјата дека во последните години, одлуките беа политизирани, дека партиите ја презедоа сопственоста врз државата, а носителите на функции имаа судир на интереси и го измешаа мандатот со партиската и личната агенда. Јавноста мора да ја поврати довербата дека, сите државни институции и јавни тела работат во јавен интерес, во рамките на своите мандати, почитувајќи го законот и во сооднос со високите етички и други професионални стандарди “[25]

Резултатите од Пирсоновиот коефициент на корелација покажуваат постоење на статистички значајна поврзаност на независната варијабла која се однесува на степенот на почитувањето на интегритетот на вработените во јавната и државна администрација, како и другите институции и установи финансирани од Буџетот на РМ, буџетите на општините и Градот Скопје, како и во трговските друштва и претпријатија со државен капитал ќе придонесе за релаизирање на успешни избори при организирање и спроведување на изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија. Сосема е логично кога

[25]https://ec.europa.eu/neighbourhoodenlargement/sites/near/files/2017.09.14_seg_report_on_systemic_rol_issues_for_publication.pdf (25.07.2018)

се почитува интегритетот на административниот службеник дека ќе имаме успешни избори, без разлика на тоа дали парламентарни или локални избори.

Во Кодексот за административни службеници во Р.Македонија се пропишуваат етичките стандарди и правилата на однесување на административните службеници. Административниот службеник во работењето и однесувањето постапува непристрасно, без предрасуди и без намера за остварување на лична корист или амбиција. Во член 8, од поглавјето за Демократски вредности и социјални права се вели: „Административниот службеник во своето работење и однесување ги промовира демократските вредности и владеењето на правото и се залага за вклучување на граѓаните и засегнатите страни во процесот на креирање на политиките. Административниот службеник во работењето и однесувањето ги почитува принципите на хуманост, еднаквост и социјална правда".

Административниот службеник во работењето и однесувањето овозможува остварување на уставно загарантираните права на еднаквост и недискриминација, преку создавање на можности и почитување на различностите, како и заштита од неправда, злоупотреба и дискриминација, по било кој основ. Административниот службеник обезбедува еднакви стандарди при испорачувањето на услугите, преку фер и правичен однос.

Исто така, во поглавјето за Политичка неутралност, во член 10 се истакнува: „Административниот службеник ги извршува работите политички неутрално, без да навлегува во вредносно преиспитување на утврдените политики. Административниот службеник не го застапува и изразува своето политичко уверување во вршењето на службените задачи и не врши политички активности, што можат да ја поткопаат довербата на граѓаните во администрацијата и во институциите од јавниот сектор. Административниот службеник не ја истакнува, ниту ја наметнува на други својата политичка определба." Во член 11, административниот службеник се обврзува да промовира етички вредности и да има личен интегритет, како на пример: „Административниот службеник со својот личен пример ги промовира вредностите како вистинитост, чесност и правичност и ги поттикнува другите административни службеници да постапуваат согласно овие вредности." Еден прирачник за локални управители и судии во Кина, во седумнаесетиот век, го дава следниов совет, „Најважната работа на еден службеник е да го задржи својот интегритет" (Huang Lie-Hung, 1984).

J. Patrick Dobel (1990, с. 355) нуди еден инклузивен поглед на етички интегритет, што одговара на реалноста во управувањето во јавната служба. „Идеалот на личен интегритет опишува состојба, каде индивидуите може да бидат под некој определен притисок, а истовремено да ја задржат доследноста на нивните дела и животи.“ Интегритетот повеќе наликува на мрежа, отколку една хиерархиска структура, која е „премногу статична и ригидна да го објасни начинот на кој индивидуите ги живеат своите животи и ја задржуваат моралната доследност„ (Dobel, 1990).

Во една анкета во САД, 57% од испитаниците никако не се согласувале со тврдењето дека „Светот постојано се менува и ние треба нашиот морал и вредности да ги прилагодиме кон овие промени.“ Цели 70%, цврсто се сложуваат дека „Ние би требало да бидеме потолерантни кон луѓето, коишто избрале да живеат во согласност со своите сопствени морални стандарди, дури и ако мислиме дека грешат“ (Washington Post / Henry J. Kaiser Family Foundation / Harvard University, 1998). Овие одговори го одразуваат раширеното убедување дека, интегритетот не изискува ниту униформност, ниту статични убедувања.

Интересни за забележување се наодите дека колку почесто се почитуваа етичките правила, норми и вредности на последните парламентарни и локални избори при организирање и спроведување на изборите во Република Македонија, толку помалку гласачите беа предмет на закана во однос на вработувањето, како резултат на нивното поддржување или неподдржување на било која политичка партија или кандидат на изборите. Моралните вредности, во текот на изборната кампања, се претставуваат како темел на предизборното претставување на секој од учесниците во изборите, покрај правните прописи, моралните вредности се еден од столбовите на вистински регуларниот изборен процес. Психологот Џонатан Хајдт ги проучува морални вредности, кои ја формираат основата на нашите политички избори, без разлика дали сме од левицата, десницата или центарот. Во неговиот разоткривачки говор, тој ги потенцира моралните вредности кои, и либералите и конзервативците тежнеат најмногу да ги почитуваат во изборите.(Anon., н.д.). За да знаеме и да придонесеме на кој начин е можно да се реализираат и да се прагматизираат вредностите од Кодексите за фер и слободни избори, во секојдневниот живот, во интервјуто го поставив следното прашање: „Според Вас, дали е потребно воведување и посебно етичко едуцирање генерално во јавниот сектор во

општеството, а посебно во политиката?"- и добив одговори речиси од сите интервјуирани експерти дека е потребно етичкото едуцирање и тоа почнувајќи од основното образование, средното, во јавниот сектор, посебно и во политиката, со организирање со посебни работилници за политичарите. *,,Секако, треба да има повеќе предмети во средните училишта и универзитетите, кои би генерирале кадри кои знаат за бонтон, добродетелство, совест, емпатија, кои би добиле вештини за решавање на етички дилеми. Во политиката би требало да се организираат посебни работилници со политичарите, да се припреми еден етички кодекс во политиката, кој би придонел за генерирањето на посовесни политичари."* е еден од одговорите.

Етичките комитети претставуваат одредени тела, кои ќе го сочинуваат личности со голем авторитет и личен интегритет во општеството. Нивната улога треба да биде многу значајна во наблудувањето, како се промовираат, афирмираат и спроведуваат вредностите на етичките кодекси. Освен ова тело, треба да се назначи дека најсилен контролор, останува слободното, активно, јавно мислење, кое за жал, во нашите услови и ако има многу баририери, но е единсвеното кое досега служело најмногу, како начин на обелоденување на притисоците, кои ги вршаат структурите на власта врз вработените на државните институции и претпријатија и како показател и за тоа, како сите учесници треба да се однесуваат во изборен процес. Улога на етичките комитети, во спреведување на етичките кодекси е голема, затоа тие се борат за правење и следење на кодексите за изборите за разни социјални прашања. Според експертите, кај нас нема многу етички комитети и не се основаат во сите сфери, не се прават и тоа е голем пропуст и грешка. Експертите бараат да има тело, кое ќе се занимава со етичките проблеми во изборите. "*Едно непартиско, професионално-експертско тело кое би се занимавало со етичките прашања околу изборите, со точно одредени обврски и права, можеби би била добра подлога за воспоставување на етички стандарди и нивно доследно почитување. Сè друго би била само фарса*" - цитирам еден од експертите. Во тој контекст би било добро, да се направи и соодветна стратегија за имплементирање на етичките стандарди во изборното однесување. "*Мислам дека би требало да има такво тело, наречено на пример ,,Комисија за етичка политика,,, кое секој месец би објавувала извештај за политичката клима од морална гледна точка, која би ги обзнанила некоректните деланија на политичарите и партиите*". Според добиените одговори од

експертите, етичките комитети се многу важни, може да се формира одредена Комисија или одредено правно тело која ќе има можност да прави стратегија за имплементирање на Етичко казнење за сите актери кои нема да ги почитиваат правилата пишани во Кодексите за фер и слободни избори. Исто така, Етичките прашања на изборите, не може да биде предмет само на одредено тело, кое ќе се занимава исклучиво со етички прашања за изборите, туку тоа треба да биде обврска за сите членови на едно општество. Единствено треба, само да се реализираат санкциите предвидени со Изборниот законик и Кривичниот Законик, за да се види дека Законите се вистински, и се применуваат на секој кој ги прекршува. Тоа се реализира преку партиципирање на професионални и морални индивидуи во политичките процеси.

Последното прашање од листа на прашања е: „**Што во однос на оваа листа на прашања сметате дека треба да бидете прашани, а не сте прашани?“**

Тука се наведени само некој од одговорите од страна на експертите, за кои мислам дека ќе придонесат во иднина за поуспешен и легитимен изборен процес. *„Имам став по однос на изборите, сметам дека истите треба да се овозможат да се изведуваат електронски, каде овие етички правила ќе бидат вметнати во процедурата на електронско гласање и ќе биде невозможно да се прекршат, а да се даде гласот на секој гласач.“*

*„Нам не ни требаат тела, комисии, само треба да се поработи или на санкциите, или на совеста на поединецот. Лично мислам втората опција е подобра и покорисна.“*

*„ Прашањата кои се однесуваат на релациите етика религија и политика, односот на политиката со нацијата, како и глобалните економските и финанасиките трендови и нивната релација со етика. (Богати и сиромашни општества)“*

*„Глобалните финансиски проблеми долговите, војните, манипулациите, медиумите, корпорациите и другите глобални фактори кои донесуваат до ерозија на моралните вредности во локални амбиенти. “*

*„Изборите да се изведуваат електронски, сите етички правила ќе бидат вметнати во процедурата на електронско гласење“.*

*„Поважно од одредени тела или комисии е, да се работи на санкциите и на совеста на поединецот, последното е најважно“.*

*„Треба да се поставаат и отварат прашања кои се однесуваат на релациите етика, религија и политика, како и глобалните економски и финансиски трендови и нивната релација со етиката“.*

Да се надеваме дека ова општество има капацитети да гради личности кои нема да бидат, како се изрази Huddlestone и Dresang, аморали автомати (amoral automatons), но морални суштества, кои и во организативната околина дејствуваат според возвишени вредности, кои работат како што вели Weber, без беззаконие и без пристрасност (sine ira et studio) (Pajaziti, 2017). Изборниот процес мора да се спроведе не само фер, туку и да биде „ферски спроведено“ (fairly conducted). Прашањето за успешни избори е да не им дозволи на некои луѓе да купуваат гласови или да обучуваат папагали, за да гласат на одреден начин. Овие практики ги навредуваат чесните граѓани, дури и ако исходот не е засегнат.(Lopez-Guerra, 2014).

## ЗАКЛУЧОК

Како што можеме да заклучиме, изборите се универзална форма, преку која на легален и легитимен начин се добива власта. Истите, освен правниот-технички аспект треба да го исполнуваат и етичкиот елемент. Примената на етичноста во редовните или предвремените избори, председателски, парламентарни или избори за локална самоуправа од прагматичен аспект, ни гарантира дека целиот процес и нивниот резултат е успешен, прифатлив и доверлив од страна на сите учесници, кандидати или партии. Вклучувањето на етиката во сите сфери на живеење е многу важен елемент и придонесува за функционирањето и успехот на еден општествен процес. Традиционалната, теоретска замисла за етиката и многу етички принципи, за кои се смета дека произлегуваат од нив, бараат критичко истражување и модифицирање, во присуство на новите и не толку новите факти, на примената на изборите и етиката. Одговорите на прашањата, дали се користат и како влијаат етичките принципи во текот на целокупниот изборен процес, може да формираат дел од оправданоста на истите, или пак може да притребаат за утврдување на тоа, како се користат етичките принципи. Во секој случај, една соодветна анализа

поставува прашања и проблеми, кои заслужуваат поголемо внимание. Од таа причина, произлезе потребата од истражувањето направено и претставено во овој труд, чија цел беше да помогне при воспоставувањето на основата за позадоволитена теорија за прашањата поврзани со овој термин, за анализа на изборниот процес од аспект на етиката во Република Македонија, почнувајќи од реален и нормативен пристап преку обезбедување на аналогна теорија. Земајќи ја во предвид општествената состојба во Република Македонија, оваа цел во моментот изгледа преамбициозна. Наместо тоа, со овој труд, истражувањата покажаа дека пречките во примената на етиката во изборниот процес во Република Македонија не се ненадминливи и дека се од особена практична важност и политички и општествен интерес. Остварена е целта на овој труд, да даде концептуална рамка, за анализата на специфичните области од македонската изборна политика, што се сметаат за комплексни и за круцијални, во унапредувањето на институционалниот и на политичкиот капацитет на Македонија, а кои се замислени да придонесат во напорите на државните органи да организираат и да спроведат фер и демократски избори, што ќе бидат во духот на меѓународните стандарди и на најдобрите практики на етичко однесување.

Предмет за истражување во овој труд беше: Колку се применуваат етичките принципи од Кодексот за фер и слободни избори, за време на избори. Етичкиот Кодекс претставува збир од минимални стандарди според кои може и треба да се оценува работата на сите власти во рамките на нивната надлежност. Етичкиот кодекс има за цел да ги информира граѓаните што имаат право да очекуваат од нивната владеачка и локална власт и како да и помогнат во остварувањето на јавната доверба. Одредбите од Етичкиот кодекс треба да бидат составен дел од системот на прописи кои ја регулираат централната и локалната власт во Република Македонија, но и да бидат присутни во свеста на секој функционер. Кодексот претставува инструмент за меѓусебна доверба меѓу јавноста и граѓаните, и врз основа на тоа, однесувањето на централното и локалната власт треба да биде предвидливо и стандардизирано.

Сепак, најважниот фактор во процесот на спроведување на Етичкиот кодекс е свеста, добрата волја и доследното применување на неговите принципи и

процедури. Свеста се гради со текот на времето и со активното учество на јавноста во целиот процес. За ефикасно подигање на свеста потребна е интензивна едукација и постојано набљудување на активностите на власта. Дополнителна состојка за успешноста на целиот процес е политичката волја на локалните и централните функционери да бидат под лупа на јавноста и да се придржуваат кон правилата за добро, отчетно и транспарентно владеење. Локалните и централните функционери ќе бидат принудени да се придржуваат кон овие правила затоа што нетранспарентното владеење ќе предизвика незадоволство и недоверба кај граѓаните. Конечно, за да не останат сите наведени принципи и процедури само на хартија, потребно е сериозно да се земе предвид можноста за формирање на тела кои редовно и сериозно ќе го надгледуваат спроведувањето на Етичкиот кодекс, и кои ќе помогнат тој да биде вграден во институционалниот систем и свест на локалната самоуправа и владиниот власт. Суштината на ова истражување се состои во еден клучен принцип, а тоа е да им се стави до знаење на сите фактори дека управувањето со јавната моќ мора да се прави со интегритет, врз основа на стандарди и јавно надгледување, а резултатот на јавната политика секогаш треба да биде општиот интерес и јавната доверба. Моралната политика е една од модерните социјално-политички појави, која го привлекува вниманието на сите луѓе на светот, на избирачите, на научниците и на истражувачите кои започнале да работат во таа нова јавна појава. Моралната политика поврзува клучни класични и современи морални вредности и базични политички дисциплини. Низ Моралната политка избирачите/гласачите се подготвуваат за својата зрелост, во која ќе треба да настапат со свои решенија за важните животни прашања.Тие треба да се изградат во автономни етички личности. Тоа го покажаа во своите истражувања современите мислители Жан Пијаже и Лоренс Колберг. Човештвото очекува и бара луѓето да бидат способни да размислуваат за природата на човечките односи, за суштината на дејствувањето на луѓето и за последиците од нивните дела, како и за карактеристичните содржини на категориите Добро и Зло во современата епоха, кои се разбудија со развојот на светот и со новите појави во него, поттикнати од социјалните движења, од духовните предизвици и од актуелните политички барања на епохата. Етиката стана неопходен дел на разбирањето на светот заради развојот

на демократијата, широкото засновување на човековите права и индивидуалистичката животна концепција. Етичкото обучување на личностите стана неопходен дел од вкупната едукација. Негативните трендови на човековата практика, загрозувањето на Природата, неконтролираните последици на економскиот и технолошкиот развој, лошите појави во меѓучовечките односи, многубројните конфликти и тешки социјални манифестации (распаѓањето на семејството, меѓугенерациските судири, расната и другите видови дискриминација и сегрегација и сл.), разните видови манипулација чија жртва се луѓето - придонесоа етиката да стане централна научна дисциплина и најзначајна сфера на човековата практична дејност денес. Со своето инсистирање на добродетелта, на добро разбраниот егоизам, на алтруизмот, на соработката и солидарноста, на разумното однесување, етиката стана неопходна за успешно совладување на тешките појави против опстанокот и хуманизмот. За нашето време се својствени големи проблеми со моралот, речиси морална криза. Брзо се менуваат човечките релации и морални норми, а се јави исклучително голема потреба од добри етички решенија, наспроти загрозувањето на Природата и подемот на болестите и зависностите и стравовите од нив, наспроти острите конфликти во сите човечки заедници, наспроти огромните етички проблеми со технологијата, научните откритија, развојот и др. Етичкото образование произлезе од ваквите пореметувања во етичките релации и моралната свест како помошен инструмент за барање соодветни позитивни решенија. Етичкото образование е особен вид едукативна практика, мошне значајна во нашата епоха. Етичкото образование треба да обезбеди да се изградат личности кои ќе можат да се снајдат во тешките етички ситуации и кои ќе знаат да најдат решение кое ќе биде на нивото на големата одговорност и на најдобрите етички ставови во историјата.

Врз основа на наодите добиени по анализа на резултатите од истражувањето на односот на етичките стандарди и изборниот процес, произлегуваат следниве сознанија и заклучоци:

- Истражувањето дава основа да се потврди поврзаноста меѓу начинот на кој се применуваат етичките стандарди и постигнатите изборни резултати.

Емпириските наоди ја потврдуваат хипотезата дека постои значајна поврзаност меѓу **почитување на етичките принципи од Кодексот за фер и демократски избори од страна на политичките субјекти и реализирање на успешни избори.**

- Резултатите истовремено даваат потврда на универзалистички приод, дека поголем број од испитаниците мислат дека делумно ги интересира политиката.
- Од овие анализи можеме да констатираме дека во македонското општество често се дискутира за политиката во секојдневниот живот во разни активности и ситуаци со: 1.Другарите; 2.Со колегите на работа; 3. Дома со членовите на семејство; 4. Со други луѓе (соседи, познаници итн.); 5. Со девојката или момчето.
- Статистичкиот тест покажа дека не постои статистички значајна разлика меѓу машките и женските испитаници во однос на степенот на почитување на етичките првила, норми и вредности на последните парламентарни и локални избори.
- Mann-Whitney U-тестот покажа статистички значајна разлика, со тоа што испитаниците кои живеат во градска средина сметаат дека релевантните закони за изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија се почитуваат повеќе (*со резултат на среден ранг* 542,95), за разлика од испитаниците кои живеат во рурална средина, кои сметаат дека се почитуваат помалку (*со резултат на среден ранг* 477,14).
- Според Dunn’s post hoc-тестот, статистички значајна разлика се забележува меѓу испитаниците од македонска и албанска етничка припадност, со тоа што Албанците сметаат дека почесто се почитуваат релевантните закони за разлика од Македонците.
- Според Dunn’s post hoc-тестот, статистички значајна разлика се забележува меѓу парот на испитаници со основно образование и више образование, со тоа што оние со више образование сметаат дека, почесто се почитуваат релевантните закони за изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, за разлика од оние со основно образование. За другите парови од групите според степенот на образование нема доказ за разлики во ставовите.
- Според одговорите на испитаниците, колку почесто се почитуваат релевантните закони за изборите во текот на изборниот процес во Република Македонија, толку

повеќе се почитуваат етичките правила, норми и вредности на последните парламентарни избори.

